**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Марјан Ѓорчев, Весна Борозан, Есад Рахиќ, Лилјана Ивановска, Невзат Бејта и Сашко Кедев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница на Собранието.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илија Србиновски, Фатмир Асани, Зоран Шапуриќ, Лилјана Ивановска, Слободан Даневски, Спиро Мавровски, Томе Тромбев и Никола Апостоловски.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничките прашања од пратениците Недим Мемишовски и Михајло Георгиевски.

Министерот за локална самоуправа достави одговори на пратеничките прашања од пратениците Марјан Ѓорчев и Зиди Џелили.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Соња Лепиткова, Наташа Бикова и Елеонора Петрова - Митевска.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Благој Гешовски, Хусеин Џеват Хусеини, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски, Зоран Шапуриќ и Талат Џафери.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ангел Димитров и Талат Џафери.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Орданчо Тасев, Јордан Михајловски, Ѓорѓи Оровчанец и Емилија Костадинова.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Зоран Шапуриќ, Мите Николов, Ангел Димитров, Емилија Костадинова, Есад Рахиќ и Спиро Мавровски.

Министерот за култура достави одговор на пратеничко прашање поставено од Хусеин Џеват Хусеин.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеничката Соња Лепиткова.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Ристана Лалчевска и Јордан Михајловски.

Министерот за финансии достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Министерот за здравство достави одговор на на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашовска и Ѓорѓи Трендафилов

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Силвана Бонева.

Ве известувам дека министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања од доверлив карактер поставени од пратениците Зоран Шапуриќ и Абдулаким Адеми.

Исто така ве известувам дека министерот за внатрешни работи достави список од доверлив карактер кој е составен дел на одговорот на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Михајло Георгиевски.

Бидејќи одговорите на министерот за внатрешни работи, поставени од пратениците Зоран Шапуриќ, Абдулаким Адеми и Михајло Георгиевски, содржат податоци од доверлив карактер.

Ги молам пратениците Зоран Шапуриќ, Абдулаким Адеми и Михајло Георгиевски, доколку поставуваат дополнителни прашања, тоа да го сторат без изнесување на податоците од доверлив карактер, кој се наоѓаат во одговорите.

Доколку пратениците, при поставувањето на дополнителни прашања, имаат намера да изнесат податоци од доверлив карактер, претходно Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста.

Согласно Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието, за исклучување на јавноста, Собранието одлучува без претрес, со 2/3 мнозинство на гласови по предлог на претседателот, Владата и најмалку 20 пратеници, во овој случај по мој предлог.

Го молам министерот за внатрешни работи ова да го има предвид при давањето на одговорите на дополнителните прашања кои се од доверлив карактер.

Пред да почнеме со процедурата на одговорите на поставените прашања, ги молам пратеничките групи кои сами ќе си утврдат редослед на поставување на прашања, да ми ги достават писмено, ако не ќе одиме по пријавените во компјутер, само за нивните пратенички групи.

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен по одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, кој е од доверлив карактер, или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Шапуриќ не е присутен.

Го молам пратеникот Абдулаким Адеми да се произнесе дали е задоволен по одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, кој е од доверлив карактер, или сака да постави дополнително прашање.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен по одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, кој е од доверлив карактер, или сака да постави дополнително прашање.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Не сум задоволен бидејќи се сомневам во бројката која е дадена во списокот. Таму е дадена премногу мала бројка. Јас мислам дека е поголема бројката

на лица распределени на други работни места, подалеку од 50 км. Прашање не би поставил бидејќи се сомневам во бројката. Доколку е можно да ми се достави нова поголема бројка, доколку постојат такви податоци, доколку не, се сомневам во бројката како што кажав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Костов, се работи за сомневање на податоците. Дали се точни?

ХАРИ КОСТОВ:

Само да се потсетиме на прашањето.

Минатиот пат се кажа дека повеќе од 1000 полицајци, со доаѓањето на навото раководство во Министерството за внатрешни работи, биле распоредени на места кои се подалеку од 50 км, од местото на живеење итн. Одговорот е доставен, листата е доставена и Министерството за внатрешни работи дефинитивно не се служи со никакви фалсификати. Меѓутоа, на декларативна изјава немам што друго да му понудам на пратеникот, освен дека можам да им овозможам комисија од нивна пратеничка група, да дојде да ги претресе документите во Министерството за внатрешни работи и сама да се убеди во документацијата која таму постои.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Илија Србиноски да се произнесе, дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнителни прашања.

ИЛИЈА СРБИНОСКИ:

Почитуван претседателе, се работи за прашањето што го поставив за Мариово.

Од одговорот делимично сум задоволен, меѓутоа овде најавува, браната Чебрен кога ќе се изгради, да не се потопува овој пат, да не се трошат средства. Меѓутоа, браната Чебрен дали ќе се направи за последните 20-30 години, прашање е. Според тоа, оваа општина е отцепена. Така што ако Министерството предвидува дека треба да се направи овој пат, тогаш нека ја заобиколи оваа брана што е во

план да се направи, па нека се направи овој пат, бидејќи ова население таму е отцепено од Република Македонија, како општина Старавина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате коментар на ова?

Има збор заменикот министер за транспорт и врски Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Во одговорот експлицитно објаснивме каква е ситуацијата со овој пат. Значи тоа влегува во проектот на браната Чебрен.

Инаку, што се однесува до важноста на тој пат, се бара решение со Македонија пат и со Фондот за патишта, да видиме што може да се направи. Меѓутоа се што е во врска со проектот Чебрен, тој е на изработка кај нас, така што одговорот за тоа е така експлицитно даден.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Фатмир Асани да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Асани не е присутен.

Ги молам пратениците Зоран Шапуриќ и Лилјана Ивановска да се произнесат дали се задоволни од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сакаат да постават дополнително прашање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани министери,

Ние го поднесовме тоа бидејќи Министерството го протолкува тоа како прашање.

Нашата цел беше Министерството да достави информации а Собранието да расправа за состојбите во Телеком, со оглед на тоа што состојбите, како што е познато ескалираат. Тоа беше нашата намера. Затоа, од тие причини, од самиот пристап не сме задоволни. Инаку оние работи што стојат во одговорот, делумо држат. Меѓутоа, сепак ние сме убедени дека монополското дивеење на Телекомот, може да се спречи и дека мора да се преземаат мерки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да ве известам дека согласно Деловникот, проблематиката која ја добивате како одговор од министер или од Влада, може да барате во процедура, на дневен ред. За тоа одлучува Собранието на редовна седница.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Ние добивме одговор на пратеничко прашање.

Благодарам на објаснувањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи немате коментар на ова.

Го молам пратеникот Слободан Даневски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или ќе постави дополнително прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, господа пратеници, министри,

Не го гледам тука министерот, но бидејќи е тука заменик министерот, од поставеното мое прашање што се однесуваше на тоа како и кога ќе се направи патниот правец Свети Николе - Миладиновци, што значи поврзување на источниот дел на Република Македонија, не сум задоволен од одговорот на поставеното прашање, бидејќи овој одговор го слушаме некаде 12 години, а можеби и 50 години.

Барам поддршка од сите пратеници од источниот дел на Македонија, затоа што, ако не убедуваат дека е најфреквентен патот Скопје-Тетово, поради кој факт беше и направен, не може некој сега да ме убедува дека патниот правец Скопје-Велес-Штип и натаму е најфреквентниот патен правец во источниот дел на Македонија, а се вози по пат на магистрала која, да кажам, не е сигурна, и која е на ранг на селски пат.

Без разлика, како ќе ми одговори сега заменик министерот, барам поддршка од сите пратеници од источниот дел на Македонија, да се приклучат кон оваа иницијатива, бидејќи е време да се изгради една делница на помеѓу Скопје-Велес-Штип, а да не зборуваме за патниот правец Штип-Струмица, или патниот правец Штип-Делчево. Барам поддршка од сите пратеници затоа што тоа треба да биде приоритет како на Фондот за патишта, на Македонија пат и на Министерството за транспорт и врски, затоа што возиме по несигурни патишта и сведоци сме дека

секојдневно имаме сообраќајни несреќи. Знаеме од какво значење се патиштата денес, за комуникација и знаеме дека со изградбата на овој патен правец, има и економски ефект, затоа што се скратува патот во двата правци, за 70 км.

Знам што сега ќе ми одговори заменик министерот. Ќе каже во постапка е, ќе добиете дополнителен одговор. Нема што дополнителен одговор. Да се направи патниот правец. Тоа е одговорот. Реков барам поддршка за тоа од сите пратеници од источна Македонија. А не како што се кажува, ќе заседава Фондот за патишта, па ќе ви одговоритем. До кога ќе ни одговорате. Патниот правец да се направи. Тоа е одговорот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине заменик министре добивте и дополнителното прашање, и одговор добивте, што мора да биде.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Јас очекував г. Даневски ќе го даде својот коментар на одговорот на пратеничкото прашање за Свети Николе. Меѓутоа, бидејќи го смени прашањето, даде дополнително прашање, сега јас би апелирал до него, да ја притисни локалната самоуправа во Свети Николе, да аплицира за огласот кој завршува на 31.05.2003, за да не дојдеме во ситуација да мораме да одговориме дека во постапка е одреден проект.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или ќе постави дополнително прашање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Немам дополнително прашање. Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или ќе постави дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, за кој одговор се работи, бидејќи јас немам добиено одговор од министерот за транспорт и врски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немате добиено одговор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Немам добиено одговор од министерот за транспорт и врски. За кое прашање се работи?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одиме со наредното прашање, а во меѓувреме ќе провериме за што се работи.

Го молам пратеникот Томе Тромбев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, јас немам дополнително прашање. Меѓутоа, реагирам во однос на рокот во кој ги доставуваат одговорите од Министерството за транспорт и врски. Имено јас сега го добив одговорот. Веројатно истата ситуација е и со колегата Спиро Мавровски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На идната седница ќе се изјасните или?

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Во ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тие пратеници што одговорите сте ги добиле денес, можете да се произнесете по нив, ако имате време да ги погледнете, ако не можете на наредната седница, ќе кажете, ќе ги вклучиме повторно.

Го молам пратеникот Никола Апостолвоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или ќе постави дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас не добив писмен одговор, но сум известен од заменик министерот, ми одговори на пратеничкото прашање, и тоа е реалност.

Јас имам едно дополнително прашање за истата проблематика, до Владата.

Дали постои можност оваа година да се заврши со изградбата на браната Олошана, за граѓаните на општина Делчево да можат да се снабдат со вода за пиење за оваа година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Што се однесува кај браната кај Делчево, тоа не е проектирано во Буџетот за 2003 година. Ќе треба тоа да се проектира во буџетот за 2004 година. Тоа е одговорот до господинот пратеник.

За динамиката на одговорите, не можам сега да кажам. Единствено што сега можам да кажам е дека ќе ја забрзаме динамиката на доставување на одговорите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Недим Мемишовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или ќе постави дополнително прашање.

НЕДИМ МЕМИШОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас одговорот го немам добиено и не можам да го коментирам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, ќе го провериме тоа.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа или ќе постави дополнително прашање.

Господинот Ѓорчев не е присутен.

Го молам пратеникот Зиди Џелили да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа, или ќе постави дополнително прашање.

Господинот Џелили не е присутен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Соња Лепиткова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда, или ќе постави дополнително прашање?

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Од одговорот сум задоволна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Наташа Бикова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда, или ќе постави дополнително прашање?

НАТАША БИКОВА:

Од одговорот од министерот за правда сум сосема задоволна. И ќе следи дополнително прашање до претседателот на Републичкиот судски совет со оглед на тоа што навистина не ја преиспитале совесноста и стручноста на работата на некои од судиите кои што се назначени за претседатели на стечајните судски совети. Со

оглед дека тука не е претседателот на Републичкиот судски совет прашањето ќе му биде упатено нему писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Елеонора Петрова Митевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за правда, или ќе постави дополнително прашање?

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Задоволна сум од одговорот. Меѓутоа имам дополнително прашање. Моето прашање се однесуваше дали е покрената иницијатива за донесување закон за ратификација на Конвенцијата за Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите, а особено Протоколот од Палермо за трговија со луѓе, односно со жени и деца. Бидејќи досега 37 земји ја донеле оваа ратификација, ме интересира дали во Министерството за правда имаат согледувања колкава е временската рамка, или уште колку дополнително е потребно време за да се донесе закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации со протоколите во Министерството за правда, бидејќи е особено важно да има 40 земји кои што ја ратификувале оваа конвенција за да таа може да стапи во сила. Тоа е првото прашање.

И второто дополнително прашање, би одело во насока, бидејќи со Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против транснационалниот организиран криминал се споменува членот 17 од Уставот кој што беше веќе на дневен ред на Собранието на Република Македонија и не беше изгласан. Дали во пократок временски рок може да дојде повторно на седница на дневен ред на Парламентот промената на членот 17 од Уставот на Република Македонија, бидејќи е поврзан со Конвенцијата и со протоколите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа, Младеновска Георгиевска, дали имате дополнителен одговор?

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА ГЕОРГИЕВСКА:

Во однос на првото прашање можам да кажам дека тоа е во надлежност на Министерството за надворешни работи, мислам на изготвувањето на законот за ратификација. Но со оглед на тоа што Министерството за правда дава правно

мислење во однос на сите овие законски проекти, а секако и дека во самото изготвување и постапката се преземаат заеднички активности. Во Министерството за правда е иницирана постапка за да се разговара со Министерството за надворешни работи, за да се забрза постапката околу ратификација, но конкретно за временски период, во моментов не би можела да се произнесувам. А секако во самиот одговор на пратеничко прашање имате информација дека досега 37 земји ја имаат ратификувано Конвенцијата, а за да стапи на сила потребно е да поминат 90 дена откако 40-тата земја ќе изврши потпишување на Конвенцијата. Тоа е во однос на првото прашање.

Во однос на второто прашање во врска со измената на членот 17 од Уставот, вчера и од министерот Хари Костов во неговата дискусија во однос на Законот за доброволно предавање на оружје добивте одговор дека на седницата на Влада која што помина минатиот понеделник дека е донесен заклучок за да се продолжи, односно уште еднаш да се поднесе до Собрание иницијатива за промена на членот 17 од Уставот. Кога тоа ќе биде во собраниска процедура секако ќе следи во зависност од тоа кога ќе ги добиете материјалите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Спиро Мавровски денес е добиен одговорот и во меѓувреме поделен. Дали сакате денеска да разговарате за него, или на наредна седница?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас од одговорот од Министерството за транспорт и врски согледувам дека е аплицирано и дека тој проект за железничката пруга Битола-Кременица би требало да биде од вкупна инвестициона вредност од 7,5 милиони евра. И понатаму во одговорот стои дека од техничката документација ќе бидат направени сите подготвителни работи околу расчистување на терен, мобилизација на градежна оператива и друго доколку е потребно. Значи, ако е ова одговор, незнам што да коментирам врз основа на одговорот на Министерството за транспорт и врски, бидејќи Олимписките игри се во 2004 година. Сега веќе е 31 мај, така што кога ќе почне таа техничка документација, кога ќе се расчисти и кога ќе се направи оваа пруга? Бидејќи знам дека во Грција веќе работат година ипол на жлезничката пруга и е донесена до градот Лерин. Сега очекувам, може министерот во некој друг проект како што кажа за Чебрен кој во наредните 50 години нема да биде, може ќе биде и ова истото.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Организаторот на Олимпоските игри ја диктира динамиката на изготвување и на одговори на тие проекти. Значи, ние завршивме, значи го оствaривме она што требаше што се бараше од нас, а тоа е дека аплициравме баш од причина што сметаме дека требаше да се аплицира за Битола-Кременица, затоа што има активности од другата страна. Меѓутоа, додека не добиеме одговор од грчката страна, како можеме ние да дадеме одговор?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Михајло Георгиевски за прашањето од министерот за надворешни работи. Доставено ви е по пошта на 25 април 2003 година. Одговорот, претпоставувам дека сега ви го доставија повторно, значи не е кај нас проблемот.

Дали ќе поставите дополнително прашање или сте задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас сега го добив и го прочитав. Многу опширно е кажано, образложено е и мислам дека тоа што е кажано во образложениeто засега е прифатливо. Се вложуваа напори околу признавањето на Република Македонија по нејзиното уставно име. Но, конкретно не е точно прецизирано, дали некои декларации, резолуции да се поставaт поагресивно. Мене тоа ми беше прашањето. Овде е малку разводенето, дека се вршат преговори. Покрај преговори да се поднесуваат и официјални акти до Обединетите Нации и до други. Тоа беше моето барање и доколку може тоа да се прифати, јас тоа го очекував. Инаку се она што е кажано е прифатливо.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема дополнително прашање?

Го молам пратеникот Благоја Гешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе постави дополнително прашање?

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, до Министерството за внатрешни работи поставив едно кратко и прецизно прашање,

меѓутоа и овој пат се потврди дека не секогаш кратките и прецизни прашања нудат и такви одговори. И нормално е дека  неможам да бидам задоволен од одговорот кој што го добив. Меѓутоа, бидејќи во меѓувреме имаше еден искрен настап би рекол на министерот за внатрешни работи на собраниската говорница во која што тој ги објасни прецизно состојбите во Министерството за внатрешни работи. Инаку прашањето беше за последните случувања и вработувања во Министерството за внатрешни работи. И дали лицата кои што се вработуваат ги исполнуваат критериумите  пропишани со Законот. Па од тука можам да кажам дека по дополнителните настапи на министерот, јас го добив очекуваниот  одговор. Така што сега нема да поставам дополнително  прашање. Меѓутоа, она кое што остана да лебди, треба да не замисли сите нас овде е, што треба да сториме иако имавме некои измени и дополнувања во Законот за служба во МВР, за да не ги доведуваме министрите, односно министерствата да се чувствуваат немоќни за да се заштитат тогаш кога во нивните структури навлегуваат личности кои што не се достојни да ја работат таа работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Хусеинџевад Хусеини да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе постави дополнително прашање?

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Немам дополнително прашање и нема да направам никогаш вакво прашање, затоа што подобро ќе беше министерот усно да ми каже дека истражувањата се во тек, дека во тој извештај немаше ништо ново што јас веќе не знам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате дополнително прашање

ХУЗЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе постави дополнително прашање?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, во одговорот кој е дополнително прашање за пензионирани работници од МВР кои се пензионираа помеѓу 31.08.1991 година и 31.12.1993 година и чија пензиска основица не е регулирана. Дополнителното прашање беше дали е преговарано со ММФ. Во вашиот одговор стои дека ММФ не е надлежен, дека Министерството за внатрешни работи го префрлило сето тоа во Министерството за финансии. Но, Министерството за финансии во меѓувреме не најде соодветен модалитет за исплата на делот од усогласувањето на овие пензии и тоа заради крајно рестриктивниот буџет. Значи, вие како Влада не сте во состојба да изнајдете решение за да ја извршите одлуката на Врховниот суд на Република Македонија. Мислам дека кога граѓанинот или правното лице должи кон државата, таа е во состојба, има механизми да изврши присилна наплата на долгот. Но, сега во обратен случај кога државата должи, овие оштетени пензионери од МВР можат да се надеваат само на ваша добра волја, дека некогаш ќе ја извршите одлуката на Врховниот суд на Република Македонија која ако сме правна држава морате да ја извршите. Значи, со овој одговор едноставно се кажува дека во догледно време Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии не ќе можат да ја извршат обврската кон овие пензионирани работници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате дополнителен коментар?

ХАРИ КОСТОВ:

Фактички има и дополнително прашање. Фактички ова прашање повеќе е упатено до Министерството за финансии, односно потребата од обезбедување на средства во буџетот. Според тоа, кога во буџетот ќе бидат обезбедени такви средства, тогаш може да се изврши усогласување на овие пензии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Блаже Стојановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе постави дополнително прашање?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ова беше дополнително мое прашање. Јас немам што да поставам дополнително прашање, единствено можам само да констатирам една работа дека состојбите со упадите во фирмите кои што беа предмет на моето прашање како што беше случајот со “ЕМО”-Охрид сеуште проблемот не е решен. Полицијата интервенира, меѓутоа проблемот во однос на тоа прашање сеуште постои. Ист е случајот со фирмата од Македонска Каменица “Вера Јоциќ” и други фирми кои што постојано доаѓаат како претставки за вакви случувања во Анкетната комисија за заштита на човековите права и слободи и тоа покажува една состојба од која што мора да се излезе на некаков начин. Единствен начин е Министерството за внатрешни работи преку своите надлежности и инструменти да влијае за надминување на овие состојби, затоа што е јасно дека се работи за упади организирани од одредени групи со поддршка од некои политички структури на локално ниво кои што сакаат да остварат одредени цели, дали да ја пуштат фирмата во стечај или да го преземат управувањето и раководењето на несоодветен начин, односно на неправилен начин.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас повторно не гледам овде дополнително прашање во однос на одговорот кој што беше поставен и она што е одговорено. Меѓутоа, молам пратениците да си ги имаат предвид надлежностите кои што МВР ги има според Законот. Овде повторно беше спомнат случај “ЕМО”. Сите бевте сведоци и пред некој ден дека “ЕМО” си одржа акционерско собрание. Какви се внатрешните односи помеѓу акционерите, кој овозможил, или не овозможил присуство на акционерите не е работа на МВР да утврдува. Тогаш кога ќе ми кажат дел од пратенициве дека имат забелешки дека МВР не попречило упад, а таму немаше упад, секој има право на штрајк, има право да штрајкува пред оградата и тн. и секој кој што тоа ќе го прекршува, ќе го прекршува Законот, МВР ќе си покрене постапка. Меѓутоа, во случај кога акционери им се дозволува, или не им се дозволува учество на собрание, во случај кога си се нивни разговори, тука на пример воопшто нема никаква потреба МВР да се вмешува и да пресекува кој е кој. Си има судски институции. Според тоа, примерите кои што беа наведени во одговорот немаат никаква врска со МВР.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе достави дополнително праање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Задоволен сум, со таа напомена дека Министерството за внатрешни работи треба да продолжи со активности и понатаму да го намалува криминалитетот во центарот на градот. За тоа се однесуваше прашањето. Меѓутоа со оглед на превземени мерки, задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе постави дополнително прашање.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседател, почитувани учесници во Влада, почитувани колеги, општо сум задоволен од одговорот на министерот за внатрешни работи за прашањето што го поставив. Но имајќи го во предвид фактот дека од 11.640 апликации кои што се одбиени 5.661 се албанци што подразбира над 50%. Имајќи ги во предвид податоците кои што се даваат во одговорите, би сакал да поставам дополнително прашање за кое што верувам дека за тоа ќе треба да се одговори писмено од причина што ќе има врска со статистички податоци, односно прашања во врска со ова што сега ќе го кажам. Колку личности се одбиени врз основа на точка 2 и 6 од член 7 имаат поднесено барање за прием на државјанство во Република Македонија во врска со член 9.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали ќе одговорите или ќе дадете писмен одговор?

Ќе добиете писмен одговор.

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или ќе постави дополнително прашање?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас сум навистина задоволен со брзината со која Министерството ми го испрати одговорот. Но, имам едно дополнително прашање за тоа во врска со цитираната одлука на Владата на Република Македонија од 16 јули 2002 година, дали се однесува само на откупот и исплатата, или и на премијата за откупената пченица, бидејќи во прашањето јас барав само одговор за премијата на оние 2 милиони и 500 илјади килограми кои не се исплатени.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Одлуката на Владата под број 23-3726 издадена од 15.08.2002 година го одобрува договорот за откуп на пченица и го задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Министерството за финансии и за економија за наредната седница на Владата да изготви и да достават текст на одлука со која што потоа е верифициран тој договор. Пред себе го имам и договорот што е одобрен и во него дословно стои дека Бирото за стокови резерви се обврзува да преземе само 30 илјади тони пченица, а во негово име за негова сметка се овластува Фондот да откупи само таква количина на пченица што ќе ја премира во износот што е наведен во одлуката.

Надвор од тој договор ниту Фондот имал обврска да постапува, ниту пак Бирото за стоковни резерви може да поставува дополнително барање. Како овој договор е во целина исполнет, одговорот останува истиот како што е даден во претходниот одговор што беше поставен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или ќе постави дополнително прашање.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Задоволен сум од одговорот, немам дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Орданчо Тасев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или ќе постави дополнително прашање.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Не сум задоволен од дадениот одговор, бидејќи така како што е конципиран, така како што е даден, како што го добив, едноставно нема одговор на ниту едно прашање на ниту еден аспект на прашањето. Тоа беше пообемно прашање со неколку подпрашања, меѓутоа, реков дека нема ниту еден единствен одговор на тоа прашање. Има само објаснување на процедурата и методите на тоа како се врши пописот на населението, меѓутоа, дециден одговор на прашањето нема. Во прашањето реков, бидејќи е сложена процедура и постапка, доколку Владата на Република Македонија не е во можност да даде целосни одговори во врска со пописот, барем да се осврне на прашањето околу пописот на населението, односно едноставно да предочи податоци колкаво е вкупното население во Република Македонија и да даде одговор на прашањето за бројот на населението по национална структура, односно во тој дел на прашањето.

И второто потпрашање, што би значело доколку немаме 20% албанско население, што би значела имплементацијата на Рамковниот договор, особено во делот на употребата на јазикот во органите на управата и едноставно за употребата на јазикот во Парламентот. Тоа беше прашањето, меѓутоа, во одговорот апсолутно нема одговор на овие прашања и едноставно е опишана постапката за попис на населението.

Значи, не сум задоволен и доколку може да се појасни оваа работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имајте предвид дека ние имаме Закон со кој е уредено кој може да ги даде податоците и кога најрано. Владата на Република Македонија не може пред Државниот завод за статистика, што е утврдено со Закон во кој рок ги објавува податоците. Во спротивно, ако ви даде одговор, би го прекршила Законот, односно би навлегла во прејудицирање. Тоа мораме да го имаме предвид. Инаку, во ред.

Дали ќе одговорите во името на Владата на Република Македонија или дополнително писмено ќе одговорите? (Писмено)

Со оглед дека се работи во врска со пописот, ќе добиете писмен одговор.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или ќе постави дополнително прашање.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Можам да изразам благодарност за позитивниот пристап на Владата на Република Македонија кон иницијативата на граѓаните на Крива Паланка за отворање два гранични премини кон Република Србија и Црна Гора. Гледам дека тие два гранични премини се во онаа група на четири гранични премини што треба да се отворат во Република Македонија и тоа е добро што овие премини се во функција и во духот на политиката за отворени граници, економски развој, користење на природни ресурси, проток на луѓе си идеи. Со оглед на тао дека се работи за сложен проблем, како што е отворање на еден граничен премин, во одговорот не е прецизиран временскиот рок кога ќе се отворат. Суштината на моето прашање беше токму во тоа, меѓутоа, гледам дека се навестува дека тоа ќе се случи наскоро.

Сакасм да кажам дека би било добро ако може овие гранични премини да се отворат оваа година. Она што стои таму дека набрзо ќе реагираат надлежните министерства, јас сум охрабрен дека граѓаните на Крива Паланка ќе можат овие гранични премини да ги видат отворени оваа година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема дополнително прашање. Се работи за укажување, тоа што е одговорено да се реализира.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Оровчанец да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или ќе постави дополнително прашање.

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Прво би кажал дека одговорите на двете прашања кои беа поставени беа со задоцнување од два до три месеци.

Прво ќе се осврнам на прашањето кое го поставив до министерот Петар Гошев околу распределбата, односно распоредот на добивките кои се реализираат во буџетот спрема регионите и градовите. Тука сфаќам зошрто прашањето е толку долго одговарано..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Оровчанец, за министерот за финансии имате друго прашање поставено и ќе дојде на ред и тоа.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Двата одговори ги добив сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете можност посебно да се изјасните за одговорот на пратеничкото прашање за министерот за финансии. Сега само кажете за пратеничкото прашање што сте го поставиле до Владата на Република Македонија, а после ќе си добиете процедура посебно за второто прашање, бидејќи се две одделни прашања.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Двата одговори ги добив во текот на овие два дена и за двата можев да коментирам, но можеме и така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Посебни прашања имате поставено, едно е до Владата на Република Македонија и до различни субјекти се поставени.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Да. Во ред, прво да се изјаснам за прашањето што го упатив до Владата на Република Македонија.

Прашањето до Владата на Република Македонија беше поставено со јавните набавки во Фондот и цесиите кои беа реализирани. На прашањето за цесии даден е дециден одговор дека воопшто има такви цесии, останува да веруваме на Владата на Република Македонија дека тоа е така. Меѓутоа, објаснувањето и толкувањето околу јавните набавки мислам дека не е в ред, затоа што сугерира на една постапка која што за мене е сомнителна. Се зброува за законски регулативи, во кои јавната набавка, проади одредени ситуации на репрезентативност или единствен добавувач морало да се изврши така. Меѓутоа, за тие набавки постои тендер и доколку оној кој што е снабдувач на тендерот, прв рангиран, не може да ја изврши испораката, тогаш Фондот треба да се обрати до вториот или евентуално до третиот кои се рангирани на тој тендер, за да се реализираат тие набавки.

Втора работа, не може решението кое што е издадено за тендерска постапка да биде со иста дата, заедно со договорот кој што е реализиран. Мислам

дека ова прашање Владата на Република Македонија уште еднаш треба да го преиспита.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате коментар на дополнителното прашање? (Нема коментар)

Немате дополнително прашање, имате апел до Владата на Република Македонија.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Апел за преиспитување на одговорот, затоа што мислам не е до крај издржан самиот одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За ова нема процедура, но добро, ја повикувам Владата на Република Македонија уште еднаш да го разгледа одговорот дали има нови елементи, кога пратеник до крај нема доверба во одговореното, немаме ни инструмент.

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или ќе постави дополнителни прашања.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на Владата на Република Македонија,

Од доставениот одговор на моето пратеничко прашање за наменско искористување на средствата од продажбата на “Телекомот” за 2001 и 2002 година, одобрени за изградба на спортска сала во Виница не сум задоволна, затоа што Агенцијата за млади и спорт не го дава вистинскиот одговор дека овие средства директно се преведени на “Радо Банка” за враќање на користен кредит за изградба на спортска сала и дека за истиот кредит се платени средства од три милиони денари камата, а не како што стои во одговорот дека се искористени за градежно занатски работи. Очигледно е дека одговорот е само формален, без увид во вистинската состојба на трошењето на буџетските средства и средствата на граѓаните и очигледно дека е добиен од локалната самоуправа. Сметам дека, и покрај тоа што наведов во барањето дека се користени средства уште од многу други извори, како што е месниот самопридонес на граѓаните, спонзорства и други

буџетски средства, спортската сала сеуште не е завршена и дека тука има индиции за некои други работи.

Затоа, од одговорот не сум задоволна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали во име на Владата на Република Македонија некој ќе се искаже?

ХАРИ КОСТОВ:

За наредната седницас Владата на Република Македонија во писмена форма ќе достави одговор, во кој ќе има за она што можеме да го направиме, целокупна контрола и од страна на Управата за јавни приходи и од страна на Министерството за внатрешни работи и ќе добие конкретен целосен писмен извештај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање.

Господин Шапуриќ не е тука.

Го молам пратеникот Мите Николов  да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Задоволен сум од одговорот, му благодарам на министерот за економија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас сум само делумно задоволен од одговорот на Министерството за економија од следниве причини.

Министерството за економија, во суштина, ми одговори само на дел од прашањето, со тоа што истакна дека Владата на Република Македонија преку Јавното правобранителство ќе ги преземе сите активности за покренување на соодветна постака за утврдување на одговорност на членовите на Одборот на директорите и ќе бара надомест на штета, во случаи каде ќе се утврди негативно работење и повреда на обврските од страна на Одборот на директорите во Друштвото во кое имаме државен капитал.

При тоа, на два пати, наместо Одбор на директори го употребија изразот одбор на доверители, но се надевам деак тоа е само печатна грешка.

Исто така, се надевам дека е направен пропуст што образложувајќи го членот 320 од Законот за трговски друштва, се задржува само на Одборот на директори, а не и на управните одбори, запоставувајќи го членот 323 од истиот закон, каде што се вели дека одредбите на членот 320 за одборите на директорите се применуваат исто така и за управните одбори, каде што имаме двостепен систем на управување.

На вториот дел од прашањето, што се однесуваше на тоа дали Владата на Република Македонија планира да преземе одредени фмерки за одредување на управувањето и контрола на државниот капитал, немам добиено никаков одговор. А дека прашањето е многу важно, ќе илустрирам само со еден пример.

Од вчерашните дневни весници е објавена понудата Агенцијата за приватизација дека на 13 јуни 2003 година ќе бидат понудени на продажба акции и удели од повеќе фирми, меѓу кои и две фирми од Свети Николе. Во првата фирма, Агенцијата поседува акции во вредност од 399.000 евра или 19,28% од вкупните акции на Друштвото. Се разбира, почетна цена изнесува 10% од вредноста на акциите, но верувам дека ниту Агенцијата, ниту некој друг државен орган не поседува никакви информации дека во тек е постапка на реализација на хипотеката, што ова друштво ја има дадено на Комерцијална банка, на целокупниот недвижен и подвижен имот и дека вкупните долгови повеќекратко ја надминуваат целокупната вредност на фирмата, а ние ја продаваме.

Во втората фирма, Агенцијата поседува удел во вредност од 6.500 евра или 21,34% од вредноста на фирмата, но веќе три години фирмата е блокирана, со блокирана жиро сметка и не само што долговите се неколкупати поголеми од капиталот, но интересно е што несовесните менаџери ја имаа злоупотребено, дури и распродадено целокупната помош во вид на вештачко ѓубриво и нафта добиена од Фондот за земјоделство.

На крајот само да истаскнам дека и во двете фирми поверениците на државниот капитал не покажуваат никаков интерес за учество во управувањето со тие фирми и само очекуваат кога новата Владата конечно ќе ги разреши и ќе именува нови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барате дополнителен одговор на ова што го кажавте?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека писмено ќе добиете одговор, со оглед на сложениот одговор.

Ќе добиете писмен одговор.

Ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседател, почитувани министери, претставници на Владата,

Што се однесува до одговорот на моето пратеничко прашање за нетранспарентната приватизација на АД “Земјоделска механизација” - Виница делумно сум задоволна и очекувам Комисијата на Владата на Република Македонија да посвети внимание на овој случај, бидејќи вработените тоа го очекуваат, а исто така очекуваат и правна razврскас од повеќе правни институции за тој случај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема дополнително прашање, туку само укажување да се постапи како што е наведено во одговорот.

Го молам пратеникот Есад Рахиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање.

Пратеникот рахиќ се најави дека ќе биде отсутен.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија, или ќе постави дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас сум задоволен од одговорот од министерот Илија Филиповски во однос на производството на електрична енергија за “Електростопанство на Македонија”, но од самиот одговор произлегоа две потпрашања кои би ги поставил во моментот, и тоа:

Прво, зошто во зимските месеци РЕК “Осломеј” не работеше или работеше со намален капацитет, и

Второто потпрашање дали е точно дека 1.01.2003 година нивото на Охридското Езеро беше на највисока кота откако се мери, 693,61 метар и дали истото после тоа предизвика прелевање на Глобочица и колкави се дирекните штети од ова прелевање.

Дали во моментот или во последниот месец отворот на Охридското Езеро е редуциран на 2 м/сек, што предизвикува голема температура на водата, развој на бактериит во Езерото Глобочица и помор на рибите.

Јас би сакал да ми се одговори на ова од господата од “Електростопанство”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од “Електростопанство” не можете да добиете одговор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам преку министерот за економија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ни тоа не можете да барате, може да барете министерот за економија да ви одговори. А како ќе ви одговори тој, тоа е негов проблем.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, министерот за економија да ми одговори, в ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Писмено барате одговор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако може вака да ми одговори, в ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не верувам дека може податоци во метри.

Во ред, писмено ќе добиете одговор.

Го молам пратеникот Хусеинџеват Хусеини да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за култура, или ќе постави дополнително прашање.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Незнам дали е тука претставникот на Владата или на Министерството. Не сум целосно задоволен од одговорот. Јас навистина се радувам на успесите на македонските сликари при претставувањето на државата, но мислам дека имало место за албански сликари. Бидејќи ние го имаме сликарот Омер Калеши, кој што работи во Франција, тој е од Кичево, Адем Кастрати и една нова плеада, кои што можеле да плелираат. Друштвото на албанските сликари е регистрирано и незнам дали Министерството нив ги запознало да комнкурираат или пак требало тие својте дела да ги испратат до соодветното Министерство. Значи, требало нешто да се види, а потоа да се вреднува. Априори се оставани на страна или пак земени предвид.

Ова е моето дополнително прашање, дали априори се оставени на странас или пак нешто друго е во прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Корнети ќе даде одговор на дополнителното прашање.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Јас би можела да дадам начелен одгогор, априори никој не може да биде изоставен од учество во одредена презентација, во случајот на сликарите за кои зборуваше господинот пратеник. Можам само да претпоставам дека тие или не дале доволно информации во Министерството,  не информирале за своите ликовни активности односно излагања, врз основа на кои би можеле да бидат земени во предвид во ситуацијата за која станува збор. Можам само да препорачам една поголема комуникација меѓу нив и Министерството и, се разбира, сега имаме и

Управа за негување и афирмирање на културата на заедниците, така што би рекла дека можеби е пропуст на двете страни, но никако не може да е париори и намерно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Соња Лепиткова да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање, или ќе постави дополнително прашање.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Моето прашање на минатата седница се однесуваше, децидно и конретно, дали постојат и доколку не постојат какви се податоците за загаденостса на почвите на Тиквешкиот регидон од аспект на присуство на тешки метали.

Одговорот кој што го добив, според мене, малку е чудно формјулиран, затоа што на почетокот на одговорот стои дека е ноторен фактот дека на планот на истражување на пестициди и тешки метали генерално во Република Македонија недостасуваат стручни анализи и испитувања, за да се каже во крајниот дел дека Тиквешката долина се мисли дека главно се загадува од тешки метали од прашина и гасови од индустриската депонија и се врши одредена дистрибуција на загадувачки материи со неизразени хасардни карактеристики. Едно со друго ова не соодветствува, затоа што ако е нотирано дека нема испитувања, тогаш не може да се воочи дека има неизразени хазардни карактеристики, а за да се утврди тоа, навистина мора да има серија на голем број испитувања, за да се утврди хазардот на загадување на една средина. Се погрижив да видам кој е изготвувачот на програмата и не сум изненадена што добив ваков одговор, бидејќи навистина тоа е една млада студентка на која што јас и бев професор и сметам дека во тој правец Министерството малку посериозно треба да се зафати кога дава одговори на пратенички прашања.

Меѓутоа, сум задоволна и сакам само да напоменам дека тоа не е точно, дека нема податоци. Податоци постојат во Министерството за наука, и тоа огромен број податоци кои се вршени од страна на истражувачи, како и сега, во поново време, податоци од докторанти и други истражувачи, кои темелно работат на тие проблеми. Така, до Министерството за животна средина и просторно планирање апелирам да ги побара тие податоци, меѓутоа, сум задоволна од тоа што пишува дека со значењето на Тиквешкиот регион од аспект на производство на вино, овошни и градинарски култури, треба да се направат соодветни истражувања и една посеопфатна програма.

Мојот апел до овие две министерства е да поработат на таа програма, бидејќи и во моето прашање беше дека треба, а да не се соочиме со она што се случува во Велес да се случува и во други региони. Министерствата да работат на една таква програма за да спречат едно такво дејствување.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас не видов дополнително прашање. Господине Јанев дали имате коментар?

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Јас би рекол само до некаде се согласувам со констатацијата на госпоѓа Лепиткова, меѓутоа, ова Министерство и другите министерства кои треба да делуваат оперативно сепак недостасува една добра координација, една добра комуникација со научните институти и институции. Токму тоа го потврди и пратеничката Лепиткова дека во одредени научни институции љубоморно се чуваат одредени студии во фиоките и кои не се даваат на ресорните министерства за да тие студии бидат оперативни.

Јас би апелирал за една подобра соработка помеѓу ресорните министерства кои треба да спроведат конкретни активности и она што значи научна институција каде постојат одредени студии да се доставата на употреба на овие ресорни министерства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека научните институции би сакале да ги продадат на вас, а не да ви ги дадат студиите.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана или ќе постави дополнително прашање.

Пратеникот не е присутен.

Ја молам пратеничката Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за одбрана или ќе постави дополнително прашање.

(Министерот не е во салата).

Само момент, овој дел ќе го продолжиме во 12,00 часот, министерот ќе се врати тогаш.

Го молам пратеникот Оровчанец да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или ќе постави дополнително прашање.

Има збор господинот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Одговорот од министерот за финансии исто е со задоцнување, меѓутоа, можам да го оправдам ова задоцнување затоа што се работи за обемен материјал кој е обработен.

Задоволен сум што е пружена многу работа, направена е анализа на целиот материјал. Од резултатите кои се покажани во тој материјал лично не сум задоволен, меѓутоа, тоа е прашање за Министерството за финансии како понатаму ќе ги спроведува работите, но од самиот одговор како е презентиран и колку труд е вложено, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема потреба од дополнителен коментар.

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или ќе постави дополнително прашање.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам претседателе. Во одговорот е опишана фактичката состојба на терен затоа најавените реформи во здравството очекувам адекватно да го решат овој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или ќе постави дополнително прашање.

Пратеникот не е тука.

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за образование и наука, или ќе постави дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, одговорот на моето прашање го добив пред малку. Не сум задоволна најпрвин со односот на Владата кон нас пратениците и мислам дека треба да се почитува Деловникот посебно член 39 став 2 во кој јасно е кажано дека во рок од 10 дена треба да се доставуваат одговорите на пратеничките прашања.

Инаку, не сум задоволна со одговорот, бидејќи сигурно знае Министерството за образование и наука дека во сферата на образованието на возрасните владее вистински хаос кој е резултат на непостоење на сеопфатен закон за образование на возрасните.

Рокот кој си го има дадено Министерството за образование е премногу комотен бидејќи има кажано дека само предлог верзијата ќе биде готова до март 2004 година. Доколку сакаме образованието на возрасните да им служи на динамичните и променливите потреби на пазарот на трудот треба многу побрзо да се донесе ваков закон за сеопфатно образование на возрасните.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Јас мислам дека секогаш може подобро и побрзо, но не се согласувам со фактот не само образованието на оваа група на луѓе е проблематична и треба да се направи некој ред од тој аспект, туку целокупниот пристап кон доживотното учење, така да кажам,  кое произлегува од разни документи и пристапи и што е дел од реформскиот пристап во образованието е предмет на наше разгледување кое ќе треба да се обработи не само во посебниот закон кој планираме да го донесеме иако госпоѓата мисли дека времето е комотно, но мислам дека во однос на нашите обврски и динамиката која треба да се спроведе и да се хармонизира со другите закони на други нивоа кои имаат влијанија во тој дел, мислам дека сепак ќе успееме да направиме некој ред од тој аспект и во таа динамика која е соодветна и со потребите, а и со нашите можности сепак на овој проблем пристапиме посериозно и посеопфатно.

Затоа мислам нашиот одговор е таков и ќе работиме на тоа од поширок аспект да ги надминеме проблемите со кои се соочуваме во таа димензија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Завршивме со процедурата по писмено одговорените прашања освен од Министерството за одбрана со кои ќе продолжиме кога ќе дојде министерот во 12,00 часот.

За сите оние кои имаат доставено прашања, а немаат добиено писмен одговор значи дека уште го чекаме одговорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас имам добиено писмен одговор од господинот јавен обвинител, но во одговорот стои дека прашањето не е во неговиот делокруг и ме упатува на тоа да ги добијам одговорите од Основниот суд Охрид пресуда број тој и тој и Апелациониот суд во Битола .Значи, моето прашање од господинот јавен обвинител го пренасочувам до Министерството за правда. Се работи за аферата ТАТ и натамошната разрешница на истата.

Би ве замолил прашањето што е за господинот Прчевски да го пренасочите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашањето и одговорите достигнати до сега да се препратат до Министерството за правда во рамките на неговата надлежност да види што може да одговори за наредната седница.

Пред да преминеме на прашања госпоѓа Костадинова побара збор.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Имам добиено одговор од Министерството за локална самоуправа, но не го прочитавте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Може да е наша грешка, се извинувам, повелете.

Има голема фреквенција на прашања и одговори секој ден, па можно е по некое да залута.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Добиен е одговор и од доставениот одговор на моето пратеничко прашање за одобрените и искористени средства од продажбата на ТЕЛЕКОМ за 2002 година за реконструкција на водоводната мрежа во Виница не сум воопшто задоволна.

Одговорот не одговара на стварната состојба. Двете ситуации кои се наведени во одговорот за извршени работи во 2002 година се фиктивни само за да се добијат одобрените средства, а никакви работи на реконструкција на водоводната мрежа во Виница во 2002 година не се вршени. Не е набавен ниту потребниот материјал, како што се наведува во ситуациите, затоа што никаков влез на материјали до 31.12.2002 година во Јавното претпријатие во магацин нема и аналогно на тоа ниту излез. ЈП "Солидарност" Виница дури сега почнува да копа, но далеку од тоа дека сме приклучени и дека имаме доволно вода за користење односно притисокот е толку слаб што ако се отвори едната славина на друга нема вода, а камо ли за други потреби.

Ако претставниците на Министерството за локална самоуправа излегле на терен и ги констатирале завршените работи нека го презентираат записникот и нека кажат во кој состав биле.

Прашувам, дали некој треба да сноси одговорност за неточен одговор на пратеничкото прашање. Значи, само формален одговор, а не суштиски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сепак не се работи за наша грешка, туку вие во еден допис имате неколку прашања поставено, а ги немате раздвоено како поединечни, тоа беше во рамките на вашето претходно прозивање.

На ова дополнително прашање ќе одговори министерот за локална самоуправа господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, на поставеното прашање од пратеничката Емилија Костадинова е дадена фактичката состојба. Во самиот одговор е презентиран начинот на доделување на средства, изборот на изведувач, надзорот и се она што е исплатено и врз основа на констатацијата дека се исплатени две времени ситуации едната е на 7.10.2002 година, а другата е на 21.10.2002 година. Врз основа на извршениот наод на состојбата на лице место и констатираниот извештај од претставници на Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, извршен на 24.10.2002 година е презентирана состојбата. Понатаму во одговорот на пратеничката и се укажува, тоа не го презентира, "врз основа на ваквата состојба со трошење на средствата од ТЕЛЕКОМ во повеќе министерства особено во Министерството за локална самоуправа, Владата на Република

Македонија на својата 16-та седница одржана на 3 февруари 2003 година го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија да изврши целосна контрола како од градежен аспект на лице место врз основа на потпишани ситуации од надзор и врз основа на тој надзор од аспект на финансиско согледување да биде известена Владата и да се преземат потребните мерки за несоодветно користење, ненаменско користење на средствата”.

Во одговорот на пратеничката и се укажува дека инвестициониот објект, реконструкција на водоводната мрежа во Виница е предмет на ревизија и дека ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор е задолжено да изврши целосна ревизија и врз основа на тие согледувања јас лично како министер испратив ургенција по барањето на пратеничката да се изврши ревизија.

Врз основа на извештајот од лице место од градежен аспект на стручњаците ќе го покренеме целокупниот процес за реализација на средствата од ТЕЛЕКОМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега ќе преминеме на поставување на пратенички прашања по воспоставениот редослед по пратенички групи.

Пратеникот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас се извинувам господине претседателе немам добиено одговор на пратеничко прашање за водоснабдувањето на Свети Николе. Вчера дискутиравме на оваа тема да го ставиме прашањето на дневен ред на седницата, но тоа не помина затоа што немаше пишан документ и да не поставувам пак прашање ќе се однесува на истото прашање што значи водоснабдување на град Свети Николе затоа што 30 дена во градот се пие вода од цистерни.

Нема да бидам досаден, јас би ве замолил господине претседателе, нема да пропуштам шанса по било кој законски проект, по било кој амандман на оваа тема ќе дискутирам. Значи, од денеска на било кој законски проект по било кој амандман без разлика на што се однесува ќе дискутирам само за водата. Жалосна е ситуацијата во градот и алармантна затоа што 30 дена граѓаните...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Даневски ја имате пратеничката група која ќе добие право и во тоа име можете да дискутирате, мислам дека соопштивте што требаше да соопштите,

понатаму продолжуваме со пратенички прашања, а утре во 10,00 часот кога ќе дискутираме за Републичкиот судски совет повелете дебатирајте за тоа што го најавивте.

Ве молам во компјутерот што сте пријавени да се избрише затоа што одиме по редоследот договорен по пратенички групи.

Прва пратеничка груап СДСМ, во нејзино име госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

Го користам деловничкото право на оваа собраниска седница да поставам три пратенички прашања кои сакав да ги поставам уште на февруарската седница, но поради големиот број прашања и големината на нашата пратеничка група ова право ми се овозможи да го искористам на денешната седница. Сметам дека моите прашања сеуште не изгубиле од актуелноста, а две од нив упатувам до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Славко Петров, а едно прашање до министрите кои во своите ресори имаат инспекциски служби.

Имено, прашањата се следните:

До министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство:

Дали планирате да се извршат одредени измени и дополнувања во Законот за шуми во одредбите каде се регулира заштитата на тоа природно богатство од причина што во постоечката законска регулатива не постојат ефикасни механизми односно заштитата е доверена на посебна служба - шумска полиција која е малубројна и неопремена спрема теренот што треба да го покрива, а во систематизацијата на работните места во ЈП “Македонски шуми” односно во неговите подружници систематизирани работни места шумочувари не постојат.

Поради ова бесправното и неконтролирано сечење и уништување на шумите посебно во предизборни периоди нанесува трајни и непроценливи штети. Ако оваа проблематика ефикасно не се реши голините ќе бидат наша иднина, а со тоа ќе ги сносиме и сите последици што произлегуваат од нарушувањето и намалувањето на шумскиот фонд.

Второто прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Славко Петров гласи:

Од кога ќе стартува проектот ИФАД 2 и под кои услови ќе можат да се користат тие средства од индивидуалните земјоделски производители и индивидуалните сточари.

Третото прашање до Владата или министрите, како што напомнав, за труд и социјална политика, финансии, здравство, економија.

Сметам дека инспекциските служби по општините сеуште доста селективно и некоординирано ги вршат работите во својот ресор, а некои воопшто не ги вршат, посебно тоа се однесува на Пазарната инспекција, па затоа ни се присутни девијантни појави како непријавени лица, работа на црно, работа без потребни дозволи за соодветната дејност во несоодветни услови и сл.

Сметам дека е потребна поширока републичка акција за контрола на работата на општинските инспекциски служби затоа што постои голем револт и незадоволство од оние граѓани кои регуларно работат за сметка на оние кои прозлегува дека се привилегирани и законите и прописите за нив не се однесуваат. Што ќе превземете понатаму на тој план.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори г-динот Петров, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прво што согледавме по доаѓањето во Министерството беше фактот дека шумите во претходниот период беа предметна безправна сеча, на противправно присвојувње со што е нанесена непроценлива штета на истите, туку е оштетен и фондот за стопанисување со шуми, јавното претпријатие кое што покажа огромна загуба во своето работење.

Заклучивме дека најнапред е потребно да се изврши заштита на шумите, токму во делот за кој што зборува пратеничката односно во делот на чувањето и заштитата на шумите од шумската полиција.

По констатацијата дека бројот на Шумските полицајци е далеку испод предвидено број од околу 300, се движеше околу 85 до 100, дел од нив има и решенија за престанок на работниот однос покренав иницијатива пред Владата на Република Македонија за измена на Законот за шуми во делот каде што стои дека чуварите на шумите можат и мораат да бидат лица во работен однос. За тоа е потребна соодетна измена во смисла да се стави и терминот”ангажирани шумочувари”, кое што ќе асоцира и на можност за заснивање на однос на шумски чувар односно шумски полицаец и врз основа на Договор за дело.

Меѓутоа, беше најдено решение со кое што бевме упатени на соодветна примена на Законот за заштита на имоти и лица. И во тој дел веќе е покрената постапката заради зголемувањето на бројот на шумските полицајци согласно наведениот закон и во тек е постапка во Јавното претпријатие за стопанисување на шуми “македонски шуми” за утврдување на лицата и нивните потребни квалификации заради контакти со Министерството за внатрешни работи и соодветна одлука со кое ќе се стекне со својството шумски полицаец.

Постапката е во тек и првичните резултати зборуваат дека во тој дел ќе можат да се најдат соодветни решенија за заштита на шумите.

По однос на второто рашање. . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да завршиме прво со првото прашање.

Г-ѓа Костадинова дали сте задоволни од одговорот?

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Да. Му благодарам на министерот за одговорот и што во таа област ќе се преземат мерки. Значи и Минисерството увидело дека на тој план имаме негативни појави, па сето тоа во наредниот перод ќе се санира.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете г-дин Петров за второто прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Второто прашање гласи кога ќе стартува проектот ИФАТ -2. Тоа го подразбирам кога проектот ќе биде оперативен односно кога ќе почне распределбата на средствата, затоа што проектот стартува од поодамна.

Можам да ја известам пратеничката дека се наоѓаме во претпоследната фаза на реализацијата на тој проект односно потпишување на соодветните договори и изборот на банките и штедилнците што ќе го реалилзираат, кое ќе се изврши помеѓу Министерството за финансии и банките односно штедилнците како носители на тој проект.

Последната фаза е самото користење на кредитот од страна на индивидуалните земјоделци. Направени се сите дејствија што се потребни за благовремен старт и успешно стартување на проектот вклучувајќи го изборот на консултантите односно конкурост за консултанти, кој што заврши, а по кој што тие ќе одат на соодветна обука по која што ќе склучат соодветни договори за вршење на консултантски услуги кои ќе бидат потребни на земјоделците.

Ако имам право да кажам, оптимиста сум дека проектот многу брзо ќе стане оперативен односно ќе стартува во делот на реализација на средствата бидејќи последните подготовки и потребните дејствија околу потпишувањето на договорите со банките и со штедилниците од страна на Министерството за финансии се во завршна фаза и кога тоа ќе биде завршено пречки околу реализација на проектот повеќе ќе нема.

Што се однесува до фактот кои се условите можам да ја известам пратеничката, со оглед на тоа што условите се пообемни и посложени ќе преземеме презентација односно маркетинг на условите односно вистинско информирање на индивидуалните земјоделци и корисници на кредитот за тоа под кои услови тој кредит ќе се реализира и кои ќе бидат потенцијалните корисници на истиот.

Под услови подразбираме и висина на каматните стапки, што се особено значајни, а со оглед на последните случувања во РМ, во финансиската сфера и паѓањето на каматните стапки јас се надевам и сум оптимист дека тие камати ќе бидат многу поповолни и поприфатливи одколку претходниот кредит ИФАТ 1, како и другите кредити што се во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Костадинова дали сте задоволни од одговорот?

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Да. Му благодарам на министерот за исцрпниот одговор, но само уште едно кратко дополнително прашање.

Дали сите тие активности ќе се одвиваат преку подрачните единици на Министерството на локалната самоуправа.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Најверојатно преку нив ќе оди само презентацијата на условите за кредитот, додека другиот дел околу стручните консултанти и другите услуги што ќе се прават, кои веќе ги објаснив, реализацијата на кредитот ќе оди преку Комерцијалните банки односно штедилнци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

И не може поинаку, со Законот е така уредено.

На третото прашање во име на четирите министри одговор ќе даде министерот за економија Илија филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе во врска со прашањето за инспекциските служби и нивната координираност и ефикасност во работењето Владата разгледуваше една информација. Во врска со таа информација заклучи да го задолжи Министерството за економија да изработи Предлог закон за обединување на сите инспекциски служби кои постојат, тоа се некаде околу 14, кои би биле директно под Владата со што би се постигнало поефикасно и поекономично работење.

Министерството за економија работи на тој проект и се надевам дека до годишните одмори ќе успееме да го предложиме тој проект на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Костадинова дали сте задоволни од одговорот?

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Да. Благодарам за одговорот и да се надеваме дека овој законсkки проект што се подготвува ќе ги среди сите состојби во тие области.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во име на пртеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има збор г-ѓа Ганка Самоилова - Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА- ЦВЕТАНОВСКА:

Благодрам г-дин претседателе,

Моето прашање го упатувам до Министерот за образование и наука а се однесува на одредбата од новиот Правилник за нормативи и стандарди за основање високообразовни установи и вршење на високо образовни дејности донесен од Владата на РМ. Поточно се однесува за укинувањетона индивидуалната настава на инструменталнот оддел на Факултетот за музичка уметност со што не само што ќе биде комплетно упропастено високото образование на студентите на овој факултет, туку едноставно и ќе се оневозможи комплетно наставата на индивидуалниот оддел.

Значи, прашањето го поставувам од позиција на пратеник, но и од позиција на наставник на факултетот за музичка уметност и ве уверувам дека наниту една музичка академија во светот не постои групна настава по предметот на инструменталнот оддел. Како што сум упатена во најскоро време доколку оваа одлука не се повлече професорите и студентите најавуваат бојкот од Факултетот за музичка уметност.

Прашањето гласи:

Дали Министерот планира да ја повлече одлуката? Дали воопшто знае што е индивидуална настава, и дали е упатен во методологијата на процесот на музичкото образование на инсрументалнот оддел на Факултетот за музичка уметност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Има збор г-динот Азис Положани, министер за образование и наука.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Прво ќе почнам од начинот како се дојде до тие нормативи и стандарди. Сите вие знаете дека и претходно беше еднаш донесен, па повлечен, што значи постојат такви можности. Од моите претходнци беше повлечен поради овој факт, поради неможноста во нормативите и стандардите да се стави начин на финансирање или на можност преку таквиот пристап да биде финансиран еден студент, еден професор или таканаречена индивидуална настава.

Имено, како прво, и нормативот и стандардот е во согласност со интеруниверзитетската конференција и соодветната комисија која произлезе од неа. Тука беа влучени сите мислења и можности да сепак тоа што ќе се донесува и тоа што ќе биде во нормативот и стандардот назначено да не биде на штета на активностите  кои се на Универзитетот. Така, од овој аспект и за индивидуалната настава на факултетот за музичка уметност се вели дека најмногу 5 се планирани како критериум за изведување на наставата, што не значи дека тие 5 ќе ја изведуваат наствaт групно, на одредени инструменти што нема никаква логика.

Начинот кој ние сме го поствиле е да биде во функција професорите внатре и тие што предаваат инструменти да ги распоредат часовите на начин тие да покриваат повеќе од еден студент. Нормално, тие според законските норми тоа ќе го спроведат на начин на кој што мислат дека е соодветен за нивниот факултет. А, ако имаат тие можности и каде тоа да биде спроведено со помалку од 5, Министерството тоа не го забранува ниту му е намера тоа да го прави. Затоа мислам дека непотребно околу оваа работа се крена врева и незадоволство, затоа што намерате ние да овозможиме да покриеме толку колку што се нашите услови и можности, а притоа самите факултети да ги рспоредат часовите според професорите врзани за часовите што тие ги имаат неделно. Значи ако еден професор на факултетот за музичка уметност има неделно 10 часови, тоа да можат да го спроведат на тој начин индивидуалната настава да биде соодветна на потребите на тој предмет.

Мислам со едно адекватно толкување и толкување во овој правец може да се оствари програмата и во индивидуалната настава а притоа, да не се навлегува во

некои бизарни толкувња за кое што ниту имало намера во министерството, ниту е намера на самиот норматив и стандард, туку напротив мислам дека ќе се најде начин тоа да биде реализирано не на штета на индивидуалната настава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Самоиловска дали сте задоволни од одговорот.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Не сум задоволна, затоа што сметам дека индивидуалната настава треба да биде дефинирана и во Правилникот како таква бидејќи тоа е единствен начин на изведување на наставата на инструменталниот оддел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате ли дополнителен коментар на ова? (Нема)

Во име на пратеничката група на ДУИ прашања ќе постави г-динот Абдулаќи Адеми. ( Не е тука)

Хусеин Џеват Хусеини (Не е тука).

Назми Бекири, повелете.

НАЗМИ БЕЌИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Јас денеска сакам да поставам три прашања и сите три се за министерот за внатрешни работи.

Првото прашање е тоа дека во Куманово има една појава на одземање на дадени државјанства од истото министерство и од истото место каде што тие се издадени. Ова се случува кога граѓаните одат да го продолжат рокот на нивните патните документи. Тие им се одземаат без никакво образложение. Вакви случаи има над десетици. Можеби вакви случаи има и во другитер градови, за кои немам информации.

Барам информација што всушност се случува во Министерството за внатрешни работи во регионот на Куманово?

Одговорот го барам писмено.

Второто прашање гласи:

Во нашите канцеларии се обраќаат голем број на граѓани што се жители од ова место, од овој регион, немаат дрго место на живеење, но го немаат регулирано државјанството или други документи.

Директно потпрашање е за децат што се раѓаат во тие брачни заедници, кои што се развиваат, растат без да бидат регистрирани. Вакви случаи има во голем број и доколку постои потреба ќе ги донесеме сите со име и со презиме. Што се

случува со овие деца што се раѓаат во овие места. Без никаков одговор им се одзема правото да бидат граѓани на оваа држава.

И за ова прашање барам писмен одговор.

Третото прашање е дали треба да се прифатат документите што ги издава УМНИК и кај нас во Македонија.

И на ова прашање барам писмен одговор, бидејќи треба да им одговорам на луѓето што ни ги поставија овие прашања, а сакам да ги запознаам и со одговорите што писмено ќе го добие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога поставувате усмено прашање министерот на кого го поставувате одлучува дали ќе ви даде писмен или усмен одговор. Ако даде усмен одговор со тоа е задоволена правдата според “Деловникот а ако вас ви е потребно тоа писмено ќе си го земете стенограмот и тоа ќе ви биде одговорот кој ви треба.

Првото прашање е до Министерот Костов, но третото прашање до кого го поставивте, до надворешни работи ли?

Третото прашање е до министерот за надворешни работи.

Има збор г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе одговорам усмено на првите две прашања, меѓутоа доколку пратеникот бара понатаму писмен одговор за проблемот Што го имаме ќе треба да ни ги даде точно случаите по име и презиме за да му одговориме точно.

Во врска со првото прашање, заа одземање на државјанства, лични карти и слично на подрачјето на Куманово Министерството за внатрешни работи по основ на законот за државјанство од 1992 година и упатствата од 1993 година во кој е регулиран начинот и на стекнување дека државјанство на граѓанин на Република Македонија не може да се одземе.

За да бидеме попрецизни, фактички единствено што можело да се случи при продолжување на пасош, или лична карта по единствената евиденција која се води во министерството за внатрешни работи службеникот е должен да ја провери точноста на податоците во документацијата која ја има, било да се работи за лична карта или за пасош итн.,затоа што може да постојат случаи на фалсификувани исправи. Според тоа, тое е еден од основот по кој може да се одземе документацијата,било да се работи за пасош, било да се работи за лична карта итн.

Според тоа во конкретните случаи ние можеме да одговориме писмено само доколку пратеникот ни достави точен список на кои лица тоа се однесува, па за конкретгните лица да одговориме. Инаку во секој случај за таквите постапки за одземена документација си постои правна постапка и може да се вложи жалба до второстепена комисија, Врховниот суд итн.

Според тоа на вакво прашање одговорот е ваков усмен, меѓутоа, доколку ни биде доставен список на конкретните лица за кои таа работа се однесува, ако вакви појави евентуално имало тогаш пратеникот ќе добие и конкретен писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Беќири дали сте задоволен од одговорот.

НАЗМИ БЕКИРИ:

Овие прашања и писмено ги имаме испратено до Секретријатот, но бидејќи вие не ни дадовте никаков одговор јас бев принуден да ги поставам и усмено. Дали овие прашања написмено се стигнати до Вас, или до некоја друга адреса незнам.

Што се однесува до одговорот од Министерот до некаде сум задоволен, бидејќи тие луѓе повторно ќе се обратат до кај нас со име и со презиме и листите со име и презиме ќе ги испратат.

Прашањето го поставив општо бидејќи никој нема да се обрати до кај нас и ќе биде оштетен или нема да најде начин, но одговорот што ќе го добиеме написмено ќе биде целосен и ние ќе можеме да ги запознаеме. Значи, ние со целосна листа, со име и со презиме написмено ќе се обратиме до Министерот за внатрешни работи во врска со ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи тоа ќе го решите, а писмено прашање преку нас до Владата немате доставено. Ако имате до архива да го доставите.

ХАРИ КОСТОВ:

Прашањето беше околу новороденчињата кои не биле запишани. Овдека постои Закон за матичните книги, правилниккако се регулира уписот. постојат три случаја кога самата здравствена организација го пријавува, потоа во болница е тоа направено, случаи кога има домашно раѓање , кога е докажано со докази и со изјави со потврда од здравствен дел, така да , повторно би замолил овдека да добиеме конкретен список, доколу има такви деца, кои биле наводно нерегистрирани, да

можеме точно да провериме дализаконските услови се исполнети и дали навистина постои таков случај. Може да е прашањето околу она што се за време на настаните околу Косово 1999 и 2001 година, каде што потоа повторно, врз основа на докази, било од странство, било од дома, врз основа на докази се поднесуваше барање и врз основа на барањето се носеа решенија во Министерството за внатрешни работи. Така што и за овој случај за да одговориме конкретно дали во некои случаи се исполнети, или не се исполнети условите, треба да добиеме исто повторно конкретен список со имиња и презимиња, за да одговориме точно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, добро е да ги доставите конкретните примери, за да добиете конкретен одговор.

НАЗМИ БЕКИРИ:

И ова е едно олеснување. и сето ова што се случува се случува од оние кои не се во рамките на институцијата. Значи станува збор за деца што не се регистрирани, бидејки најголем број од тие деца немаат државјанство на Република Македонија . Но реков на почетокот дека ова е олеснување, ќе ги подготвиме сите тие луѓе , сите тие списоци кои ни се обратиле до кај нас, за да го решиме овој проблем. Навистина е непријатно да растат децата без да бидат регистрирани, без да имаат државјанство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е до министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Писмено ќе одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Моето пратеничко прашање е наменето до Владата на Република Македонија со иста содржина, веќе 30 дена во градот Свети Николе водоснабдувањето е загрозено и се врши со цистерни.

Би го упатил до Владата на Република Македонија и би било добро да даде усмен одговор, што мисли Владата да направи, да се надмине дури оваа еколошка катастрофа и второто прашање во контекс на ова прашање би било до министерот за животна средина и екологија, со тоа што доаѓаат некомпетентни резултати од Заводот за здравствена заштита од Велес, затоа што знаеме дека водата која се користи од браната Мавровица е петта категорија на вода. Не постои таква технологија во Република Македонија водата да се преработи. Што значи, барање до минситерот за екологија е да интервенира и да даде одговор во писмена форма, дали резултатите од Заводот за здравствена заштита се релевантни, дали некој ги фалсификува или ги штелува.

Сигурно дека министерот за екологија треба да се вклучи, затоа што доаѓа летен период. Тука станува збор за 15 илјади граѓани, кој немаат алтернативно решение и со цистерни го снабдуваат Градот со вода за пиење. Меѓутоа, да се најде некое алтернативно решение.

Би барал некој од Владата да одговори усмено, бидејки кога треба да се одговори писмено ја префрлуваме топката , треба усмено. А сега барам усмено да ми се одговори, као што е секаде во Европа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јаневски.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ:

Ќе одговорам на првото прашање, бидејки веднаш по наодите на за Републичкиот завод за здравствена штита, тоа е всушност и делот од второто прашање, веднаш по налозите на резултатите на Републичкиот завод за здравствена заштита беше забранета употребата на вода за пиење во Свети Николе. Значи овие резултати од нивна страна беа всушност за недавање дозвола за употреба на водата за пиење од водоводниот систем во Свети Николе. Веднаш јас како ресорен министер имав посета на Свети Николе, за да лично на лице место се запознаеме со состојбата од аспект на животната средина . Бевме запознаени од претставници на општината и од претставници на јавното претпријатие и ние презедовме обврска за моментелно решение, значи еден бајпас како Министерство за животна средина да превземеме за да може да во овој момент водата да се доведе во употреблива состојба. Меѓутоа, трајното решение за водоснабдување во Свети Николе е приклучување на хидросистемот “Злетовица”. Како што знаете дека

во моментот се реализира проектот “Злетовица” и тоа е решение за целиот тој регион и дека во склопот на тој регион и Свети Николе трајно Ќе го реши проблемто со водоснабдување.

Инаку, во овој момент, по мои сознанија од информациите од локалната самоуправа и од Јавното претпријатие од Свети Николе дека се работи на проектот прочистителна станица, која што треба значително да го подобри квалитетот на вода за пиење во Свети Николе.

Со овој проект прочистителна станица , всушност се вклопува и трајното решение, бидејки водата што ќе дојде од хидросистемот “Злетовица” ќе оди преку оваа прочистителна станица. Постоечката прочистителна станица технички и технолошки се подобрува, а активностите на локалната самоуправа одат до уште понатамошно подобрување односно надоградување со озонски дел , кој што значително ја подобрува водата за пиење. Тоа се трајните решенија. Инаку, локалната самоуправа има направено повеќе испитувања, за да се испитаат сите можности за добивање на вода за пиење. Значи овде влегува и делот одговор на прашањето што го спомна господинот Даневски го постави и минатата седница на Парламентот, за кој што има одговор, меѓутоа, најверојатно поради доцниот одговор не е доставено како одговор дека бунарскиот систем како решение конкретно за Свети Николе на оние локации каде што е бушено е многу скап систем и е алтернативно решение, кое што како стратешко решение во Свети иколе не се вклопува во трајното решение на системот “Злетовица”. А она што значи учество на Министерството за животна средина во решавањето на проблемот, ние веќе одобривме средства на општина Свети Николе да се смени филтерскиот слој во прочистителната станица од една страна да се набават дозер пумпи , кои моментално ќе го решат овој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот господине Даневски, или имате дополнително прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Малку да му помогнам на министерот. Во моментов Јавното комунално претпријатие 5 месеци не зема плата и прашање е кога Ќе ја земе идната плата. Со ова што кажувавте како трајно решение можеби следните 20 години нема да проработи системот “Злетовица”. Моменталната состојба е таква во Свети Николе

се пие нездрава вода, дури е забранета и како технолошка. Затоа што со она што се вели технологија која вие ја спомнувате дека може да се направи петта категорија на вода да може да се проработи за производство , технолошки не може да се предвиди, не може да постои таква прочистителна станица во Македонија. Ова произлегува од таму што со додавање на зголемени количини на алуминиум сулфат и хлор се создаваат три хлорометани, кои се единствени причинители за создавање на карцином. По статистика Свети Николе е прва општина во Република Македонија од заболување на карцином. Причината е здравата вода т.е. нездравата вода коај ја користат граѓаните.

Рашањето се поставува и до министерот за екологија и животна средина, што во следниот период. Доаѓа летен период каде што во овчеполието достигнув аи до 40 степени. Како граѓаните во општина Свети Николе во следниот период ќе пијат вода. Дали со цистерни. А тоа дека вам ви даваат образложение дека артерските бунари , тоа не е вистина , затоа што постои студија , каде што може да се реши случајот со тие артерски бунари. За Градот Свети Николе му се потребни 50 до 110 литри во секунда во летниот период со три артерски бунари, каде што работат добар дел од индустријата. Еден артерски бунар дава некаде 26 литра. Со три артерски бунари се решава случајот. Туку тоа се други работи што ако некој направил криминогени работи во довод на новата прочистителна станица , тоа е друга работа во локалната самоуправа.

Прашањето е што Градот Свети Николе ќе прави во следниот период, бидејки доаѓа летен период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јаневски дали ќе дадете дополнителен одговор.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ:

Мислам дека и во претходниот одговор за моментално надминување на сегашната ситуација градот во овој момент ќе добие вода за пиење, квалитетна вода за пиење која штго е по техничките нормативи, ќе се изврши промена на филтерскиот слој кој што е заситен во овој момент. Исто така и дотур пумпите преку кои што се врши дозирање на хемикалиите заради прочистување ќе бидат заменети и со тоа моментално реков ќе се подобри квалитетот на водата и ќе биде според техничките нормативи. Инаку, како трајно решение Свети Николе е влезено во хидросистемот “Злетовица”.

Господинот Даневски кога спомнува артерски бунари , артерските бунари всушност како термин значат дека водата само ќе излегува на површината, а таква ситуација во Свети Николе, односно можност не постои. Тоа с еиспитувања за длабински бунари на голема длабочина и кои што длабински бунари се на големо растојание од Градот. За да се добива таа вода до прочистителната станица во Свети Николе, значи од овие длабински бунари, потребен е колектор во систем цефковод, кој што е многу скапо решение. Тоа се податоци кои што постојат за општина Свети Николе, кои што податоци ги има дадено реномирани куќи, како што е Градежниот институт на Макеоднија и други испитувања. Иако она што значи петта категорија на вода, или она што значи канцерогена опасност од хемиски реакции во самата вода , имаме ние реномирани институции , како што е Републичкиот завод за здравствена заштита кој што без разлика во кое време и на која власт врши редовно испитување и контрола на водата за пиење, бидејки контролата на водата за пиење, односно квалитетот на водата за пиење не е работа со која што треба да си играме. Значи сакале не сакале ние мораме да им веруваме на протоците од Републичкиот завод за здравствена заштита, бидејки тие се најкомпетентни во извршувањето на своите обврски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање ќе одговорите ли господине Јаневски бидејки повторно е упатено до вас.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ:

Мислам дека со одговорот на првото прашање беше дека податоцит еод Републичкиот завод за здравствена заштита то ги дава официјалните податоци не се точни и дека се на некој начин измислени, или пак направени так ада не ја прикажуваат реалната ситуација. Ќе повторам дека тоа е реномирана институција која што врши контрола на квалитетот на водата на територијата на цела Македонија. и негледам причина самиот Републичкиот завод за здравствена заштита да дава лажни податоци, бидејки со давањето на лажни податоци , ќе се употребува вода коај што е неквалитетна, а тоа веднаш покажува лоши резултати, односно веднаш има цревни заболувања и друг тип на заболувања кои што и да сака некој да ги скрие, не може да ги скрие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Даневски дали сте задоволни од одговорот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Министерот добро не ме разбрал, јас кажувам дека резултатите кои исто така и тој ги потврди, водата за пиење во Свети Николе не е исправна,. и самиот министер вели дека е запознаен. Во тој контек и моето барање беше дека водата е неисправна. Да му објаснам малку на министерот, водата за испитување ја носат луѓето од Јавното комунално претпријатие Свети Николе, што значи каква вода вие ќе однесете во Републичкиот завод за здравствена заштита, така ќе ви направат. Колку пари толку свирка. Што значи посебно треба водата да дојде да се испита. За информирање на министерот направена е голема анализа на водата во Винча во Белград и во Марибор и ќе му ги доставиме големите анализи на министерот да види каква вода се пие во Свети Николе, затоа што ние немаме реномиран акуќа која може да направи испитување на голема анализа на вода. Во Македонија нема таква куќа. Единствена куќа која беше на бившите простори на Југославија беше во Марибор и во Винча. и во двете куќи е носено. Резултатите се катастрофални.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јаневски.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ:

Сметам дека она што се тврди од господинот Даневски треба да е аргументирано, документирано. Значи за она што значи испитување, односно носење на примерок си постои Закон. Се знае како се земаат примероците за вода. Меѓутоа, ќе напоменам една друга работа. Ние како Министерство за животна средина ќе зборуваме од аспект на нашите надлежности. Инаку, комплетна надлежност за обезбедување на вода за пиење на општинско ниво е локалната власт. Господинот Даневски добро знае бидејки и тој беше порано во локалната власт дека тоа е процес, кој што треба да се планира на ниво на самата општина. Инаку, овдека државата како орган, како институција може кога се работи за капитални проекти да застане позади тој капитален проект, како што застана зад капиталниот проект “Злетовица”. Она Што значи сомнеж на господинот Даневски во однос на работата на Републичкиот завод за здравствена заштита, тоа може да биде предмет на друго дополнително прашање. Тогаш треба да се постави исправноста на работата на Републичкиот завод за здравствена заштита. Ако има

такви наоди, тогаш ние можеме да ги испитаме тие наоди дека се носат примероци и дека Републичкиот завод за здравствена заштита не доаѓа на лице место, па да дадеме дополнителен одговор. Стоиме на располагање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине претседателе моето прашање е до министерот без ресор, господин Поповски. Прашањето е конкретно, кратко и јасно.

Кога се очекува да заврши процесот на реконструкција на оштетените куќи во поранешните кризни региони, бидејки тоа е еден од поважните услови за враќање на раселените лица во овие региони.

(Со седницата продолжува да претседава потпретседателката на Собранието госпоѓа Лилјана Поповска).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има министерот.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Како што е познато за време на конфликтот во 2001 година во Република Македонија  во поранешнит екризни региони , оштетени беа 6590 стамбени објекти, кои што според степенот на оштетеност беа поделени во 4 категории, а според времето на изведување беа поделени 2 фази.

Првата фаза што подразбираше реконструкција на нешто пвоеќе од 5 илјади објекти од поодамна  е завршена, а втората фаза подразбира реконструкција н акуќите на објектите со големо оштетување веше е во тек и притоа треба да бидат реконстуирани нешто повеќе од 1530 објекти.

Во овој момент, заклучно со овој месец, некаде околу 800 објекти ќе бидат завршени. Значи понатаму остануваат да се реконструираат уште нешто помалку од 500 објекти, при што до крајот на идниот месец треба да бидат завршени стотина проекти и еден мал дел околу 150 проекти ќе останат да бидат реконстуирани до крајот на оваа година.

За ваша информација во овој момент во Република Македонија има над 5916 лица , од кои нешто повеќе 1500 се сместени во 16-те колективни центри во

Република Македонија . Инаку, исто така , Владата на Република Македонија , нејзините министерства и координативното тело формирано за оваа цел во овој период ги превземаат сите активности и мерки за создавање на непречени услови за забрзано враќање на Раселените лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на министерот Поповски.

Дали е задоволен г. Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Задоволен, бидејќи повеќе од оваа исцрпна информација не можеше да добијам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, пред да продолжиме по редоследот на пријавените, бидејќи дојде министерот Бучковски, би сакала да ја прашам пратеничката Ристана Лалчевска дали е задоволна од одговорот добиен на поставеното прашање.

Повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Блогодарам госпоѓо потпретседателке.

Што се однесува до тоа дали сум задоволна од одговорот што го добив од министерот за одбрана, јас не сум задоволна од причини што не се задоволни луѓето кои бараа одговор на ова прашање.

Господинот министер дал убава хронологија, правна хронологија како се одвивале настаните околу поставеното прашање. Некаде на крајот од одговорот упатува како е тоа решено, односно дека овој горлив проблем е решен со исклучок од правилото.

Навистина сум изненадена како можеме да бидеме толку несериозни кај една категорија на луѓе кои ние ги повикавме да дојдат во нашата држава, кои се одзваа на повикот и за кои презедовме обврска, децидно велам обврска во Одлуката од 1992 година, стои дека се презема обврска дека овие луѓе, покрај другото ќе бидат и станбено обезбедени. Ваквата одлука престана да важи, луѓето станбено не ги обезбедивме и тие, до денешен ден останаа необезбедени. Сега, со исклучок од правилото, сакаме да го решиме нивниот проблем.

Имаше реакции на ваквото нешто, затоа што во жленот 184 од Законот за служба во армија е предвидено како во иднина ќе се решава станбеното прашање. Во ставот 2, потоа со измените во Законот за служба во Армија е предвиден овој исклучок. Меѓутоа, само е предвидено дека од 1 јануари 2004 година ќе почне да им се плаќа закупнина за стан. Ниту под какви услови, ниту како ќе биде регулирано. Дали тие, бидејќи се работи за категорија луѓе кои повеќето се можеби пензионирани или се некаде пред пензионирање, значи на крајот од својот работен век, дали после пензионирањето ќе им се плаќа закупнина? Дали ќе го изгубат правото на закупнина на стан со нивното пензионирање?

Овие проблеми остануваат нерешени, ниту пак е нешто спомнато во врска со ова. Затоа би сакала министерот нешто повеќе да објасни околу тоа како ќе се спроведува овој исклучок од правилото за плаќање на закупнина на оваа категорија на лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Дали министерот ќе сака да одговори?

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ќе одговорам на пратеничката Лалчевска, подготвен сум и да го дополниме овој одговор затоа што и пратеничката беше контрадикторна, бидејќи самата спомна дека проблемот е горлив. Во елаборацијата на наследениот проблем е евидентно дека во меѓувреме имаме и одлуки на Уставниот суд и одлуки на Врховниот суд што мора да се почитуваат. Бидејќи во нашето законодавство постоеше правна празнина, со измените на Законот за служба во Армијата, што стапи во сила во април оваа година, се обидувавме и го најдовме решението како овој горлив проблем да го затвориме. Но, бидејќи се бараат дополнителни детали како со подзаконски акти и со правилниците ќе се регулира надоместувањето на закупнината што овие лица треба да ја уживаат, подготвен сум за следната седница да дадеме уште поопширна елаборација за овој проблем што, во самиот одговор признаваме дека е наследен и дека се обидуваме, мислам дека успеавме да најдеме решение. Но, решението ќе почне да се спроведува, односно одредбите од Законот од 1 јануари 2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана, или сака да постави дополнително прашање.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке.

Од прашањето сум задоволен, само сакам да додадам нешто. Во Република Македонија е во тек трансформација на граничното обезбедување. Треба да го преземе Министерството за внатрешни работи. Моето прашање беше во однос на тоа што ќе се случи со воените старешини кои работеа до сега во обезбедување и кои со своите семејства живеат во пограничните региони и дали во нивното натамошно ангажирање ќе биде пожитуван социјалниот и економски момент?

Во одговоро на прашањето стои дека во новоформираната гранична бригада, поголем дел од нив ќе бидат ангажирани. Другиот дел што нема да биде ангажиран во бригадата, ќе бидат ангажирани во блиските гарнизони, според нивната специјалност.

Прашањето мене ме задоволува. Мислам дека ќе ги задоволи и старешините кои ја покренаа иницијативата да го поставам ова прашање.

Дополнително прашање немам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, останува одговорот на прашањето без коментар.

Продолжуваме со пријавените пратеници.

Збор има г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Првото прашање би го поставил до Владата на Република Македонија. Се однесува за актуелните состојби во Електростопанство и РЕК Битола.

Генезата би ја побарал, почнувајќи од бившата 1993 година и штрајкот во РЕК Битола, кога беше оваа иста гарнитура, но тогаш директори на РЕК Битола, а сега на чело на ЕСМ. Се случи штрајк што беше инициран од раководството, но после тоа се изгуби контролата врз истиот и заврши со нивна смена од челните места. Но, за кратко.

Во РЕК Битола се случи хаваријата на косиот мост, беа избркани повеќе од 500 работници, кој на принуден одмор, кој избркан од работа, и во комбинатот се

вселија големи полициски сили што ја “одбранија демократијата.” Но, точно кога тие полициски сили беа во комбинатот, се случи хаваријата што до ден денес не е разјаснета, а избрканите работници поведоа долг судски спор со раководството. Конечно го добија дури 1998 година, но на работа се вратени 1999 година. За нив новото раководство исплати еден милион германски марки. Оние кои ги избркаа работниците, останаа во Елекстроспотанство, не рекоа тие ништо за својата грешка, беа назначени за советници на директорите и добиваа поголеми плати од сите директори на подружници, без влакно од главата да им фали. Сега се тие они кои објаснуваат дека работниците треба да си одат од работа, кои синдикалните лидери ги прифаќаат или не, но тие синдикални лидери се оние кои 1993 година беа избркани од работа, а последниве 4 години направија многу за работниците: нова систематизација, враќање на одземените права за бенефициран стаж, обврзно посетување на планински центри, зголемен обем на лекарски контроли вклучувајќи ја и превентивната заштита на женската популација, зголемени мерки за заштита при работа, синдикална помош на многу вработени, транспарентност во работењето, вклучување во владините комисии за претстојната приватизација. Сетоа тоа овозможи тие луѓе повторно да бидат избрани, затоа што работниците знаат што тие направија за нив.

Според сите вработени, по демократски и по фер избори не се направени, почнувајќи од постапката, од начинот на гласање, броење, составување на записници, до сега не е сторено такво нешто. Вработените го кажаа своето мислење и сега, поради тоа што не се совпаѓа со мислењето на директорите, сето тоа се стопира.

До каде може да се оди со овие игри? Сегашниот притисок врз синдикатот за поништување на изборите, не оставање вработените да си изберат претседател, вклучување на МВР во вкупната работа, пласирање лажни информации во јавноста.

Продолжението е со терор, притисок и добивање закани за физичка ликвидација, што значи крајна дрскост и прекинување на демократијата. Дали ова утре, покрај ана за што зборувавме вчера за отпуштање од работа за 1100 вработени, повторување на синдикални избори поради волјата на директорот, дали сетоа тоа нема да доведе до природна реакција да и работниците ги бранат своите права со сите дозволени средства, поплаки, претставки и судства, што во моментов се суспендираат или со правото на штрајк и аргументот сила, како што во моментов го применува раководството.

За смирување на тензијата ја замолувам Владата да ги разгледа фактите и аргументите и после тоа да донесува решение. Јас после ова ќе ги доставам да можат да ги разгледаат господата од Владата.

Прашањата од синдикатот се следни:

Дали директорот на РЕК Битола е должен да го почитува:

1. Уставот на Република Македонија, член 22 и 32, каде е дефинирано и гарантирано правото секој граѓанин слободно да избира и да биде биран, како и загарантирано остварување на правата со Законот од Колективниот договор.

2. Да го почитува Законот за работни односи член 78 и 82 во кое е загарантирано правото на организирање, активности на синдикатот и обврска на работодавецот да му создаде услови за тоа.

3. Да го почитува Колективниот договор член 160 дека активностите на синдикатот не смејат да се ограничуваат со одлуки на директорот.

Ве прашувам господо, што ќе се случеше со вас по изборите ако некој ви го направи ова истото, ги суспендира како такви, затоа што не сте по волја на некого и повторно да се прогласат избори? Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за правда.

Имаме сознанија дека Основниот суд во Битола секојдневно да издава наредби за претрес по домовите на граѓаните, посебно членови и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, без издржани и образложени барања од СВР Битола. Затоа прашувам:

- колку наредби за претрес во домовите на граѓаните се издадени во периодот од поставувањето на новите началници од СДСМ во СВР Битола,

- колку по тие наредби се пронајдени предмети за кои треба да се покрене кривично дело,

- колку по тие наредби не е пронајдено ништо и

- колку граѓани се повикани на регуларен начин по телефон без уредни покани на распит во СВР Битола?

Ова прашање го поставувам од причина што мислам дека правото на заштита на приватноста на домот е едно од најважните човекови права. Мислам дека времето на Гебелс, Сталин, Макарти, КГБ, НКВ, ОЗНА, УДБА, дефинитивно треба да остане зад нас, а ние да ги развиваме демократските процеси.

Третото прашање е до министерот за одбрана, како стручњак ќе се обидам, а јас како пратеник од Битола да му помогнам во некои негови видувања и размислувања.

Министерот за одбрана Владо Бучковски, при неодамнешната посета во Битола, изјави дека Воената академија ќе се премести од Скопје во Битола, бидејќи тука има добри услови за тоа. Сето ова е направено сигурно е направено врз основа на анализи на воените експерти од Република Македонија. Воедно, во својата изјава вети зградата на Корпусот до средното економско училиште “Јане Сандански” во Битола да се користи како седиште за градоначалникот. Но, после овие изјави не гледаме никаква активност од страна на градоначалникот и Совето на град Битола, сигурно мислејќи дека се работи за една иста зграда и за Воена академија и за општина.

Сакам да помогнам на министерот за објаснување со фактите што се во интерес на отворањето на оваа Академија.

Прво, локацијата, мислам дека тоа е касарната “Стив Наумов” просторот за Академија, за изградба на станови за професорите и останатиот персонал што би се вклучил во Академијата;

Второ, се терените за обука, самата касарна, Тумбе Кафе, Пелистер и Нижо Поле, подготвени центри за остварување на скијање и зимска обука, Преспанското Езеро пливање и она што значи литна обука,

Трето, Битола, како универзитетски град може Воената академија да влезе во состав на Универзитетот “Свети Климент Охридски”;

Четврто, сите воени академии во светот се дисперзираат од главните градови во места што овозможуваат најдобри обуки;

Петто, традицијата, воената школа во која што завршил господинот Кемал Ататурк, господата од Турција и ден денеска се гордеат со тоа и

Шесто, во развојот на Воената академија може да помогне цел југозападен регион, но и обратно, Воената академија може да помогне во развојот на југозападниот дел.

Значи, прашање и замолница да се продолжат сите активности да Воената академија конечно се лоцира во Битола и да имаме за ова потврда од министерот Бучковски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Мавровски.

Одиме со одговор на прашањата.

Првото прашање беше поставено до Владата. Присутен е потпретседателот на Владата г. Петар Гошев.

Дали ќе одговорите?

Повелете.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Добро, секој има право да поставува прашања, а особено пратеник има право да поставува прашања и со основ и без основ и кога некои други се виновни за некои состојби во земјата и конкретно во системот Електростопанство и кога на сите им е јасно какво финансиско девастирање е настанато во изминатите 4 години во Електростопаство, според јасни и објективни анализи. Какви спуштања, стропоштувања на техничко-технолошките перформанси во изминативе 4 години во споредба со претходниот период, какви финансиски малверзации и неодговорно трошење на средства исто така во изминатиот период, што одзема уште време да се докомплетираат сите податоци.

Кога на сите им е јасно дека само во една година две илјади луѓе се примени во тоа Електростопанство без да се води сметка може - не може да издржи системот итн. Сето тоа е јасно, бидејќи нема човек во Македонија, нема вработен во Електростопанство кому не е јасно тоа што се случува, а пратеникот прашува за 1993, за 1995, за 1997 итн. Се е легитимно и за 1995 и за 905-та да се праша, но треба да се има предвид кога од една таква етичка позиција не се поставуваат прашања сега за Влада што е 7 месеци е во функцијата во која што е.

Владата, ако пратеникот го интересира оваа историја од 1993 година, еве и на тоа ќе се осврне и ќе побара детални информации од Електростопанството. За сите овие наводи ќе му дадеме на пратеникот писмена информација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. Гошев.

Дали пратеникот Мавровски е задоволен?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Изгледа не се разбравме со г. Гошев. Тотално го промашивте одговорот. Мислам дека вчера разговаравме со една тема што требаше да биде ЕСМ и отпуштањата, барање за една точка во која што ќе елаборираме што беше во претходните 4 години и претходните 10 години. Јас сум подготвен да одговарам за тие 4 години, затоа што знам какви резултати се постигнати, што сум наследил 1998

година. Тоа јавно ќе го кажам тука пред сите, и можам да стојам зад сите бројки и факти. Тоа е првото.

Господине Гошев, јас зборував за синдикалните избори што се одржуваат вчера, денеска и утре кога ќе бидат завршени, за повторно гласање од 2700 вработени во РЕК Битола, а својот глас само пред месец дена го дадоа 2000 вработени. Сега, врз притисок на директорот, се повторуваат овие избори, затоа што некому не му биле по волја избраните синдикални избори. Значи, се работи за сега, за ваша влада, за ваши директори што вие ги назначивте. Јас не разговарав за 1993 година, кога и после 10 поминати години косиот мост, за ваша информација имаше дирекна штета од 30 милиони евра, воопшто уште не е дефиниран: зошто, како, кој и каде го направил сето тоа. Ако е тоа за вас помината работа, мислам дека за некои не е.

Луѓето кои 5 години поминаа на улица повторно имаат право да им дадете објаснување зошто се вратени во 1998 година и зошто никој не одговара за тоа што ги избркал од работа. Мислам дека тоа е многу актуелно и секогаш ќе биде актуелно. Вие направивте една црна точка и црна трга во нивниот живот, што до крајот на животот со никакви пари тоа не може да се плати.

Ќе ви помогнам, ќе ви дадам документи од синдикатот на РЕК Битола за синдикалните избори што се во тек, што беа најрегуларно завршени, прогласени од сите комисии без ниту една жалба за истото, но повторно се повторуваат. Тоа го зборувам. Дали работниците утре, ако преземат такви мерки какви што презема раководството, значи насилни, надвор од сите закони, што ќе се случи тогаш? Сигурно дека вие повторно ќе ја браните демократијата со 2000 или 3000 илјади полицајци во РЕК Битола. Токму за тоа разговарав, а не за 1993 и за 905-та. Можеме за 903-та да разговараме, за 905-та не.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали господинот Гошев има коментар.

ПЕТАР ГОШЕВ:

За синдикалните избори не е одговорна Владата. Тоа е работа на синдикатите во секоја организација каде што имаат право да бидат организирани. Но и за синдикалните избори нека го замоли Јавното претпријатие, на пратеникот да му даде информација што се случува. Не верувам дека раководството ќе одбие да даде инфромација во врска со тоа.

Во врска со косиот мост, и јас имам дискутирано во првиот мандат, но партијата на пратеникот беше на власт четири години и незнам зошто не ги утврди фактите што ги знаат. И јас тогаш многу сакав да знам што се случува со тој кос мост, но никој не даде докази, па и јас тогаш како пратеник да ги видам, дека навистина некој направил нешто намерно, а ќе бев многу задоволен во претходниот мандат кога ги имаше сите инструменти на располагање партијата на почитуваниот пратеник, да ги извади тие докази, бидејќи најмногу оваа Влада, јас исто така, би имал интерес, да се сокрие некаква малверзација, направена намерна штета, или да се прикрие нечија одговорност. Зошто не се утврдило тоа до сега. Еве, и јас ве прашувам вас, место вие мене што ме прашувате, јас ве прашувам вас зошто не сте го утврдиле тоа во изминатите четири години, туку сега, отпосле поставувате прашање за кое вашата Влада имала одговорност да ги констатира, да ги регулира, да ги санкционира, и да поведе постапка, според прописите на оваа држава. И јас сакам тоа да го знам. Сега повторно, како некои луѓе, ако не биде така како што некој сака, е, ќе бидете соочени со насилство. Замислете сега пак на што тоа личи. Ајде, сите да тргнеме во насилство, во државата, затоа што мислиме дека нашата опција не е на дневен ред, туку опцијата на некои други. Покренете ги прашањата на соодветни места, Владата може да ви даде информација, ќе го замоли Електростопанство да ви даде информација, има институции за жалба, синдикатот има,исто така организација на највисоко ниво и по таа линија нека се покренат сите прашања што еве, според вас не било во ред, и нека се извади на виделина се што е присутно. Ние немаме никаков интерес да ја покриваме вистината или да ги прикриваме несоодветните дејствија кои, некој, наводно ги прави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Гошев.

Второто прашање беше поставено до Министерството за правда.

Претставник од министерството тука е заменичката Мери Младеновска.

Повелете.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА:

Со Уставот е пропишана судската власт, како трета власт, покрај законодавната и извршната, која што е независна. Од овие причини Министерството за правда нема надлежност да врши надлежност и контрола на работата на судовите во примената на правото, по конкретни предлози, туку единствени овластувања кои ги има Министерството за правда е следење на состојбите согласно Судскиот деловник, кои се однесуваат на административно водење на

предметите и надлежност во однос на материјално-финансиското работење, кое се одвива со трансфер на средства кои се одобрени за судовите од Буџетот. Од овие причини Министерството за правда, ќе појаснам уште еднаш не може да ги анализира состојбите за кои што се изјаснил пратеникот, за пооделни судови. Но, морам категорично да кажам дека од стапувањето на власт на оваа Влада, не се прави никакво директно влијание во работата на судовите. Ова може да се појасни со фактот што во процедура, во моментот се наоѓа Законот за судски буџет, кој само е потврда за тоа дека Владата се бори, независноста на судството да се издигне на уште повисоко ниво од она што постоеше во претходнот период. Исто така, се прават напори и со други законски проекти, кои се во процедура да се постигне истата цел.

Доколку пак постојат сомневања дека во одредени судски постапки, постојат основани сомневања за сторени кривични дела, тоа е јасна процедура која му е позната, верувам и на пратеникот кој го постави прашањето, дека против оние лица кои се сторители на кривични дела и за нив постои основно сомневање, може да поднесат кривични пријави до Обвинителството, евентуално за нив да се утврди вина.

Во однос на началниците на полицијата каде, наводно постои инволвираност нивна во некои настојувања да се водат постапки спрема претставници на политички партии, категорично тврдам дека сите началници на полиции во РМ, се поставени по стручен основ, а не по партиска припадност. Доколку пак постојат основани сомневања и во тој правец, за тоа, исто така постои и постапка во која може нешто да се докаже.

Во однос на инволвираност на одредени учесници односно судии во определени судови, за нивно нестручно и непрофесионално работење, може да се поведе постапка пред Републичкиот судски совет чија надлежност е да ја контролира стручноста на нивното работење.

Во однос на некои, евентуални други забелешки, исто така мопже да се поднесат одредени иницијативи, согласно Законот. Но, можам категорично да кажам дека се тоа што во РМ се прави на планот на борбата против сторители на кривични дела, не се прави по партиска припадност и по партиски основ, туку исклучиво врз основа на тоа дали одредени лица сториле дејствие кое го исполнува битието на одредено кривично дело, за што постои основ за кривично гонење. Никако по друг основ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Сега јас слушнав едно предавање од госпоѓата заменик министер.

Прашањето ми беше конкретно, прво јас зборев за Битола, па и на господинот Гошев да му кажам дека јас настапувам во улога на пратеник и го поставувам прашањето затоа што некој ме бирал и тие што ме бирале граѓаните, сакаат да добијат некој одговор.

Второ, по однос на одговорот од госпоѓата Младеновска, дека нема воопшто политички призвук во сето ова, јас ќе кажам дека не е така. Ќе ви донесам и документи од кои ќе видите дека кај луѓето е дозволен претрес на домот затоа што некој некаде пријавил дека човекот имал оружје. Инаку тој има дозвола за оружје и плус тоа не бил никогаш криминалец ниту против него се води некоја постапка. Едноставно во неговиот дом е влезено без сведоци и без водење на судска постапка. После проверката, во неговиот дом не е најдено ништо, човекот е приведен во СВР Битола, држен е таму неколку часа и бил испитуван таму само за членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Значи ако ова за вас не е кршење на правото и ако ме убедите дека сите началници во Македонија не беа способни и сегашните началници се поставени само заради нивната стручност и способност, веќе имаме прболем. Мислам многу добро ги знам работите за да можите да ми држите предавање дека е вака и така. Бев многу конкретен и ве замолив да кажете колку такви налози се дадени од Основниот суд Битола и потпишани од страна на тие судии, а по извршените претреси по домовите на граѓаните ништо не е најдено, што после тоа, дали тие судии треба да одговараат или не. Тоа е прашањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Младеновска дали имате коментар на тоа?

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА:

Доколку пратеникот го интересира бројот на такви налози, тоа може да го даде написмено, затоа што треба да се обратиме до судот, за да добиеме информации, бидејќи како што кажа тие се независни. Ние како Министерство не ги следиме судските постапки и судските предмети.

Во останатиот дел од дискусијата пратеникот се повторува и кажува констатација, не поставува прашања. Ние сме овде за да одговараме на конкретни прашања.

Јас уште еднаш ќе објаснам дека доколку во одредени судски постапки се во прашање имиња на некои лица кои се припадници на политичка партија, тоа не треба да се врзува за нивната партиска припадност, туку исклучиво за битието на делото за кое постојат основани сомневања дека се сторители.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до министерот за одбрана господинот Бучковски.

Господине Бучковски со оглед на тоа што поставувањето на тоа прашање повеќе беше како став, изнесување, дали би сакале да коментирате.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Пратеникот, поставувајќи го прашањето, одржа едно пригодно предавање, па немој мене да ме обвини за начинот на кој ќе му одговорам дека држам предавање. Но еве да одговорам.

Пред четири недели при посетата на Битола, на барање од локалната самоуправа се разговараше за едно горливо прашање, а тоа е недостатокот на простор за сместување на општина Битола, бидејќи во процесот на денационализација, на крајот од 2001 година, зградата во која се наоѓа локалната самоуправа е вратена во сопственост на МПЦ.

Врз  основа на барањето на локалната самоуправа, Владата, на почетокот на мај донесе одлука со која, еден епрезентативен објект кој го користи АРМ, тоа е популарната команда на дивизијата, е даден на користење на локалната самоуправа. Процедурата е во завршна фаза. Јас верувам дека многу скоро, на примопредавањето ќе присуствува и пратеникот Спиро Мавровски, бидејќи тоа е еден гест кој го прави Владата, во процесот кој следи, а тоа е децентрализацијата, бидејќи во објектот во кој сега се сместува локалната самоуправа има простор многу скоро да бидат сместени и подрачните единици, во процесот на децентрализција, кога тој процес и ќе заврши.

Во поглед на второто прашање, бидејќи констатираше дека е готова работа селењето на Воената академија во Битола, сакам да појаснам дека тоа е една од можните варијанти. Во процесот на реформи што се вршат во Армијата, се прави елаборат со кој е оставена опцијата, Воената академија да биде дисперзирана од Скопје. Битола, според се она што го кажа и пратеникот Спиро Мавровски е еден од најсериозните кандидати да биде новото седиште на Воената академија ако од страна на експертите биде даде предлог Воената академија да се дисперзира од Скопје. За информирање на јавноста, тоа значи дека тоа не е готова работа. Во

меѓувреме има иницијатива и за дел од вработените во самата академија да се разгледаат и можностите кои ги нуди и Гарнизонот во Велес. Но, во овој момент не е донесена одлука. Таа одлука ќе биде донесена некаде на крајот на оваа година бидејќи целиот процес на трансформација на Воената академија се одразува на оваа учебна година. Во оваа учебна година нема запишување во Воената академија. Уписите продолжуваат во идната учебна година 2004/2005 година. Не е исклучено, на крајот да спомнам, во таа учебна година Воената академија да се пресели во Битола. Таа работа сеуште не е дефинирана.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали господинот Мавровски е задоволен од одговорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам од одговорот на господинот Бучковски. Благодарам и за отстапувањето на Министерството за одбрана на зградата за општината Битола. Се надевам дека еден репрезентативен објект добива Битола и тоа во центарот на градот, а се надевам дека крајот на годината ќе биде и едно среќно решение, Воената академија да се пресели во Битола.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Претпоставувам нема коментар.

Збор има пратеникот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитувани министри,

Би сакал да ве замолам, ако може да ми дозволите место пет минути, бидејќи моето прашање ќе биде концентрирано само на едно прашање, за драматичната ситуација на граничниот премин Меџитлија, ако ми дозволите барем десет минути, преку моето излагање да го конципирам и моето прашање до Владата на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Вие имате право на десет минути за поставување на прашања, а се разбира може да поставите максимум три прашања.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, ако неможам пред владините министри да го изнесам проблемот на ромите бегалци од Косово, кои се наоѓаат на граничниот премин Меџитлија, тогаш, еве, барем пред вас да го кажам тоа и барам да ме

охрабрите во процесот и во решавањето на овој сериозен и многу драматичен проблем што веќе 11 дена се случува на граничниот премин Меџитлија.

Би сакал да направам една сосема мала ретроспектива на овој прболем, зошто ромите од Косово се доведени во една таква состојба и зошто Владата на РМ е доведена во една ситуација да се прифати со еден проблем кој сметам дека не е проблем на РМ, туку проблем на меѓународната заедница која треба да инвестира позитивен ангажман во однос на барањата на бегалците роми од Косово. На таа релација сакав да ве известам, почитувани претставници на Владата дека ме чуди храброста на Владата на РМ, како се носи со проблемот на бегалците. Морам храбро да го истакнам тоа дека со една силна интенција да остане невидлив овој проблем барем од причини што и покрај мојот голем ангажман на министерско ниво да се сретнам со едно од министерствата и да го актуелизираме и со позитивна енергија да го решаваме проблемот, не дојде до таа средба.

За ваша информација, господинот Штајнер, ја извести министерката за надворешни работи госпоѓата Илинка Митрева дека во Косово не постои сигурност за да се вратат ромите во Косово и дека тој неможе да гарантира за враќањето на ромите бегалци во Косово. Тоа е таа изјава што е дадена во Утрински весник.

Од друга страна пак амбасадорот на Србија и Црна Гора во Република Македонија госпоѓа Матиќ, на прашањето на новинарот од Дневник, зошто Србија неможе да ги прими овие бегалци се произнесе дека они сметаат дека тие веќе имаат голем број на бегалци во својата земја, не ќе можата да ја отворат границата за своите граѓани. Тоа се нивни граѓани, граѓани на Србија. Не се граѓани на Република Македонија.

Сега јас се прашувам како нашата Влада се охрабри да донесе заклучок за овие бегалци, кога ниту во Косово господинот Штајнер не се чуствува сигурно да ги прими бегалците во Косово ниту пак амбасадорот на Србија, кажа Србија не ја отвора границата за своите граѓани, што е она што нашата Влада сака да го презема ризикот и грижата за овие бегалци, иако сметам дека овој однос на меѓународната заедница и Владата на РМ, не смее да биде третиран како ориентален пазар со меѓународната заедниц во врска со бегалците роми од Косово.

На таа релација почитувани пратеници, почитувани министри, сакам да укажам дека мандатот над бегалците, Владата на РМ го нема. Мандатот на бегалците го има УНХЦР.

Вистината дека тие бегалци што се наоѓаат на граничниот премин Меџитлија се без статус, во тој случај, дефкто, доаѓа обврската да не задржи граѓанин во своја

држава без статус. Незнам што е толку сериозна причината, да не се слушне и гласот на тие луѓе, да се направи, така да кажам група за преговарање, со што ќе се создаде враќање на довербата на бегалците за преговарање за внесување на позитивна енергија за решавање на овој проблем. Верувајте ми дека со вакво нетрпение и со вакво еднострано односно автократско дејствување на Владата на РМ, и покрај присуството на меѓународни ромски експерти од Варшава, ОБСЕ, Организацијата за заштите на ромските права господин Никола Ѓорѓи и експерот од РОМА национал конгресот од Хамбург, со силно свое дејствување во Советот на Европа, не се создаде една таква средба на високо ниво, да се решава овој проблем. Како да сме научиле прво во РМ да создаваме кризи, а после да ги решаваме проблемите. Еве на крај да го конципирам моето прашање до Владата на РМ.

Како смета Владата на РМ да се произнесе по донесениот заклучок што го донесе во понеделник и што ќе стори Владата на РМ, доколку ромските бегалци од Косово не ја прифаќаат апликацијата за процедура на прифаќање на азил, што тоа кај мене предизвикува и големо зачудување.

Располагам со сознанија дека Предлог-законот за азил е во прва фаза, помината е една фаза во Парламентот, а треба да се водат уште две расправо по него во Парламентот, па немам сознание како може да се употреби еден закон кој сеуште е во процедура, не е донесен, од причини што МВР смета, ако не ја прифаќаат апликацијата за поднесување на азил, многу, така да кажам лежерно тие ќе влезат во аутобусите на МВР и ќе се вратат во Катланово или на некое друго место, сметам дека не располагаме со вистинската позиција таму. Доколку сакаме таму да предизвикаме инциденти, некоја ситуација за која после навистина сите треба да жалиме, во тој случај тоа ќе се стори. Но, доколку навистина сакаме да помогнеме и да сметаме дека тие роми што се таму не се ниту чергари, ниту номади, ниту било што, туку тоа се граѓани на Косово и ако неможе Штајнер да се грижи за нив, дека неможе пак ниту РМ да се грижи за нив. Република Македонија сметам дека има доста сериозни проблеми со ромската заедница во РМ, со нивната сиромаштија, со нивната незавидна положба за опстанок, мизерни услови за живеење, невработеност, овој дополнителен проблем што си го презема РМ, сметам дека не е коректен и не е практичен во однос на затекнатата ситуација на граничниот премин Меџитлија.

Да не должам повеќе, молам претставник на Владата да ми одговори на моето поставено прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На прашањето ќе одговори министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Мислам дека не е фер да се употребуваат спрема Владата зборови на автократска Влада, особено заради активностите кои што Владата, а особено надлежните министерства од Министерството за труд, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи ги презема не само во овој месец, туку и претходната Влада почнувајќи фактички од 1999 година кога овој проблем во многу поголем обем беше манифестиран во Република Македонија. Не е воопшто во ред да се цитираат едностранi толкувања од наводни експерти, од ваков конгрес, или од таков конгрес и од таков гостин, а да се нема во предвид целокупната меѓународна регулатива, конвенции, прописи кои регулираат повеќе прашања. Затоа што овде не се поставува само прашање на една конвенција која регулира само заштита на привремено загрозени лица, или заштита на бегалци, туку постојат и многу други конвенции. Јас на пратеникот не би му забележал, меѓутоа има такви прашања кои што и во јавноста се покренаа.

Прво, Законот за азил помина една фаза во Собранието и мислам дека ја имаше целокупната поддршка од сите пратеници во дискусиите. Забелешките кои беа дадени скоро сите се прифатливи и веќе се вградуваат во текстот на законот кој што е подготвен и ќе биде поднесен на Собранието најверојатно за јунската седница и за негово дефинитивно усвојување. Според тоа,. нема да има многу потреба од долго разгледување на тој закон. За тој закон веќе и во образложението на законот имавте, дека од сите меѓународни институции кои го регулираат тоа прашање имаше подршка и пофалби за квалитетот на законот и за инкорпорирање на сите меѓународни норми и стандарди во самиот закон. Според тоа и оние прашања кои што беа во дел на заклучоците од Владата од понеделникот понудени за разгледување, односно понудени и за решавање на статусот на Ромите кои моментално се наоѓаат во Меџитлија, беше јасно кажано дека ќе се решаваат барањата. Значи, тоа е постапка, не се решава ништо во еден ден, туку треба да се обезбедат и документи, потврди и т.н., ќе се решаваат врз основа и на сегашниот Закон за престој и движење на странци кој што содржи исто одредби од тие меѓународни конвенции. Меѓутоа, доколку во постапката биде усвоен и Законот за

азил дека тогаш и соодветно прописите, регулативата, членовите од Законот за азил и процедурата која што тој ја предвидува, ќе бидат применети и на овие барања.

Мислам дека воопшто не треба да се поставуваме како да живееме надвор од Македонија и само да кажеме дека тоа не е наш проблем, тој е проблем на УНХЦР, или Владата нема мандат и т.н., дека имаат други мандат. Тие луѓе се наоѓаат на територијата на Република Македонија . И, независно од тоа дали УНХЦР има мандат околу обезбедување на помош, на правна заштита и т.н. и Владата не е надвор од Македонија, туку тука работи и конкретните случувања кој се случуваат на теренот, сигурно се и нејзин проблем.

Според тоа, воопшто не можам да го разберам барањето на пратеникот за некои наводни средби на високи нивоа. Дали тоа значи дека треба да подрастеме уште по метар и пол, или по два, не подразбира, меѓутоа секој ден на лице место и во Катланово и во Меџитлија е присутна комплетна екипа од претставници на Министерството за труд, Министерството за надворешни работи, МВР и сите претставници на меѓународните организации кои што имаат допирни точки со оваа проблематика.

Според тоа, не е прашањето овде, прашањето фактички е обратно. Прашањето е дека ако не се прифати ова што ние го кажуваме и што го бараме, тогаш никој не ги разбира меѓународните стандарди и т.н. Не е работата дали еден поединец. или неколку луѓе ќе толкуваат нешто. Се знае, толкувања на прописи на меѓународни резолуции кој може да донесува.

Јас само би спомнал, би укажал на она што Владата како заклучоци ги донесе.

Прво, Република Македонија почитувајќи ги меѓународните стандарди кои произлегуваат од меѓународните документи до сега на своја територија овозможи хуманитарна заштита на околу 500.000 бегалци. И затоа викам, не е тоа само оваа Влада, туку најголемиот дел, фактички најголемиот бран на бегалци беше токму во мандатот на претходната Влада и дека и таа Влада презеде соодветни мерки да им овозможи престој. Знаете какви сцени имаше во текот и на 1999 година и т.н. Повеќе пати, конкретниов случај на преостанативе Роми од Косово кои пребегаа во Република Македонија повеќе пати Владата и во претходниот состав и во сегашниов состав донесуваше одлуки за продолжување на привремената заштита на тоа неалбанско население во Република Македонија, последнава одлука важи до 28 септември 2003 година. За да бидеме на јасно, проблемот на Ромите

бегалци од Косово, односно привремената заштита, или заштитата во статус на бегалец не се однесува само на оваа група од 611 луѓе кои сега се наоѓаат на граничниот премин Меџитлија. Има уште дополнителен број на луѓе од над скоро 2.000 кои се сместени или во определени колективни центри, или во домови и кои го имаат регулирано статусот. Овие 611 луѓе во повеќе наврати досега одбиваат воопшто да го регистрираат својот статус преку Министерството за внатрешни работи, односно воопшто само да се нотира дека се тие на територијата на Република Македонија. Според тоа, кога зборуваме за права, зборуваме и за обврски во исто време кои некој треба да ги направи.

Законски гледано, Република Македонија за оние што го немаат регистрирано таквиот престој, има комплетно буквално право секој таков поединец да го одалечи од Република Македонија. И тука и во овој случај и покрај тоа што заклучокот на Владата на Република Македонија и претходниот беше дека за секој кој што нема да го регистрира своето престојувалиште во Република Македонија при Министерството за внатрешни работи, дека и за овие лица ќе се примени Законот за движење и престој на странци, сепак Владата е толерантна. Инаку, да ви објаснам дека имаме и во случаите на акциите кога Министерството за внатрешни работи ги прави заради нелегалната трговија со луѓе и проституцијата, исто имаме луѓе кои се нерегистрирани, па веднаш се применува мерката протерување од Република Македонија и т.н. и никогаш тука никој не прекршил меѓународен стандард. Овие лица правно гледано во овој момент имаат исто таков третман на нерегулиран престој во Република Македонија, а ниту побарале од Владата на Република Македонија, ниту сакале да ја исполнат својата обврска.

Понатаму, Владата на Република Македонија не може да прифати дека ќе се градат на било какви места, не дека ќе се градат, туку ќе се престојува на било кого како ќе му текне да престојува на места каде што нема никакви инфраструктурни објекти, каде што нема никакви можности за одржување на нормална хигиена и т.н. Прашање е дали било кој, во овие денови не може да се случи после врнежите, студовите и т.н, појава на заразни болести, појава на трагични случаи помеѓу самите лица кои што живеат таму.

Според тоа, заклучоците на Владата на Република Македонија јасно укажуваат дека овие 611 лица и во текот на вчерашниот ден на сите им беа поделени обрасците да го регулираат својот статус. Доколку тоа не го направат, си важи заклучокот на Владата на Република Македонија и тоа не само дали е овој заклучок на Влада, туку тој е усогласен и со сите меѓународни институции и со

УНХЦР и со ОБСЕ и т.н. Тука не се работи дека не може мандат да има на таа работа само УНХЦР за луѓе кои се наоѓаат на територија на Република Македонија. И Македонија не презема сама одговорност за таа работа, туку презема одговорност во соработка со сите овие институции. Според тоа, понудата ќе важи за сите оние лица, таму им се веќе поделени обрасците, за оние кои што ќе ги достават во транзитниот центар во Скопје, ќе ги предадат тука и ќе се вратат на места каде што има услови за живот и за престој, ќе важи понудата. Доколку не, Законот за движење и престој на странци ќе се применува.

И со таа последна постапка, само уште еднаш укажувам дека Владата на Република Македонија ги исполни сите свои обврски по сите меѓународни конвенции и стандарди кои го регулираат тоа прашање. И според тоа, кога се повикуваме на некои изјави, најдобро ќе биде да се добие толкување од институциите кои тоа го прават, кои ги спроведуваат тие конвенции. Затоа што видовме во јавноста се поставуваше прашање, зошто не се пуштат спрема граничниот премин да одат спрема Грција и т.н. Можеби и јас сакам утре да одам во Америка, меѓутоа ако немам виза, ниту на домашниот граничен премин, или ако немам пасош, ниту на домашниот граничен премин, ниту во Германија како транзитна земја некој ќе ме прими без регулирани такви документи кои и други меѓународни конвенции ги бараат. Според тоа, кога цитираме некоја меѓународна конвенција, треба да ги имаме во предвид сите конвенции кои регулираат вакво сложено прашање, а не да се извлекува од контекст само едно прашање.

Понатаму беше спомната изјавата на Штајнер. Знаете дека во текот на викендот кога беше состанокот во Охрид и присуството на Штајнер беше искористено особено да му се изрази реакцијата на Владата на Република Македонија дека воопшто за Македонија не е прифатливо па било и да е тоа администраторот во Косово само да даде изјава дека во овој момент не се создадени услови за безбедно враќање на неалбанското население на Косово. Косово во моментот е под цивилна администрација на Унмик. Овде е исто една од институциите во Република Македонија која е задолжена за бегалците е УНХЦР. Значи, две институции кои се во рамките на ООН. Според тоа, и целата меѓународна заедница и овие институции мора да работат на обезбедување на услови за гарантирање на безбедност од земјата од која што овие раселени лица се дојдени во Република Македонија. Според тоа, токму тоа е и заклучокот на Владата на Република Македонија дека надлежните министерства мора да ги интензивираат активностите и пред администрацијата на Унмик во Косово и пред меѓународните

институции да се обезбеди она што е потребно, да се обезбеди безбедност на неалбанскиот дел од населението кое престојува во Република Македонија и во соодветен период, соодветно време да се вратат на местото од каде што беа протерани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам на исрцпниот одговор.

Дали господинот Неждет Мустафа е задоволен од одговорот?

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Навистина би сакал да го изразам моето задоволство за исцрпнтоо излагање на министерот за внатрешни работи. По се изгледа дека најповеќе се носи со оваа проблематика и најповеќе е запознаен. Јас истакнав дека дарежливоста на Република Македонија во однос на бегалското прашање отсекогаш било на висок стандард, со висока согласност со меѓународната заедница. Но, навистина јас сакам објективно да го изразам моето незадоволство дека она што го спомнав автократско и стојам зад тоа, дека не може да се оди понатаму во решавање на нивниот проблем без да се навлезе таму и да се создаде една атмосфера на доверба, да се создаде една атмосфера на желба за помош, а од друга страна да се иритира ситуацијата. Апсолутно не сакам. Сметам дека ќе имаме дебата по оваа дискусија, тогаш ќе говорам за инцидентите кои што се случија на тоа место. Но, сакам да спомнам дека меѓународната заедница навистина треба да смета дека подршката што ја дава за Ромите бегалци да останат во Република Македонија е без концепт. Јас тоа ви го тврдам. Нивниот концепт е да ги вратат во Шуто Оризари и да ги сместуваат по фамилии. На сите вам ви е познато дека  Шуто Оризари е густо населено место и дека таму нема шанси тие да издржат, во една соба живеат по шест, седум луѓе, а камоли пак да приберат и други кираџии во своите куќи. Заради економската ситуација ќе се дојде во ситуација дури тие и да го прифатат тоа и ќе се создаде нов хаос во Шуто Оризари. Затоа иницирам дека треба да се одржи средба и да се расчистат многу работи кои што се отворени. Овој проблем не смее да биде невидлив. Треба да се седне, треба да се слушнат предлозите и од другата страна, треба да се говори и треба да се создаде доверба и желба за помош  кон овие бегалци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали министерот има коментар?

ХАРИ КОСТОВ:

Само накратко. Бидејќи желба за помош има и тоа уште еднаш го повторувам, секој ден на лице место се присутни претставници од сите три министерства и од меѓународната заедница. Тоа не значи дека на секое место секој ден таму треба да оди целокупната Влада, да се разговара. Меѓутоа, околу разговорот, уште еднаш потенцирам разговорите, пружањето на помошта значат две работи. Помошта Македонија и меѓународните институции и со досегашните предлози ја обезбедува. Меѓутоа, треба да се зборува и за права и за обврски од почитување на прописи и на меѓународни резолуции, а не само да се вади од контекст едно делче. Дека меѓународната заедница треба да направи повеќе, треба, и токму тоа е резултат на овие притисоци сега што надлежните министерства ги вршат деновиве во разговорите со меѓународната заедница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Би имала прашање пред се за Министерството за образование. Би сакала да знам како јас, така и граѓаните на град Охрид, каков е ставот на Министерството за образование околу отворање на албанска паралелка во Угостителското училиште “Ванчо Питошески” во Охрид. Најавата дека ќе се отвори ваква паралелка во ова училиште предизвика нормално реакции низ градот Охрид. Така што и Советот на својата седница одржана на 22 мај расправаше околу овие настанати состојби во училиштето и донесе некои свои заклучоци кои јас би сакала да му ги пренесам на министерот за да ги има предвид при одлуката за отворање на ваква паралелка. Советот на општина Охрид и граѓаните во Охрид едногласно сметаат дека не е даден момент за отворање на ваква паралелка, бидејќи не постојат ниту просторни, ниту економски, ниту пак законски услови за да се отвори ваква паралелка во Угостителското училиштге во Охрид. А згора на тоа не е одбран добро политичкиот момент за отворање на ваква паралелка со оглед на настаните и состојбите кои се случуваат во Куманово и во Тетово. Јас го молам министерот да го изнесе својот став по ова прашање.

И би имала уште едно прашање кое го упатувам на министерот за транспорт и врски. Прашањето се однесува за довршување на патниот правец Охрид - Свети Наум. Кога ќе се доврши овој патен правец. Дел од патниот правец, односно од Охрид до месноста Свети Стефан е изграден и е пуштен во употреба, а на сите ни е познат хаосот, поготово во сообраќајот во летниот период кој настануваше на оваа делница. И делумно се реши овој проблем, меѓутоа сеуште останува како многу тесно грло во сообраќајот делницата од Свети Стефан до Свети Наум, бидејќи тоа е премногу тесна делница, а фреквенцијата на возила поготово во летниот период е огромна, а уште повеќе се зголемува со се поголемиот прилив на автомобили кои доаѓаат од Албанија и го користат граничниот премин Свети Наум, а со тоа и делницата од Свети Наум до Охрид.

Би сакала министерот да ми каже, кога се планира да се доврши другиот дел, односно втората лента на делницата Охрид - Свети Наум од потегот Свети Стефан до Свети Наум?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до министерот за образование и наука.

На седницата е присутен заменикот министер, господинот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Угостителското училиште во Охрид претставува регионален центар, кој со својата специфична дејност покрива поголема област во југозападниот дел на Македонија. Кога ги согледувавме можностите за распишување конкурс и конкурсни услови за средните училишта, кој беше објавен во јавните гласила, анализите покажаа дека е потребно за тој реон да се овозможи ученици од албанската националност, албанската заедница да учествуваат во тие конкурси и беше донесена проценка дека е потребно во тие конкурсни услови да се распише оглас за една паралелка на албански јазик.

Сега, околу политиката, која што ја споменува почитуваната пратеничка, мотивите не беа политички и не беше донесено од политички побуди, туку тоа беше направено врз основа на анализи од страна на надлежните служби во Министерството и, се разбира, министерот ја донесе одлуката, согласно своите надлежности. Дали тоа ќе биде реализирано и во колкав обем, зависи пред се од интересот кој ќе го имаат учениците за запишување во оваа паралелка, околу

техничките можности, се разбира, и за тоа се направени соодветни анализи и дојдено е до заклучок дека постојат технички предуслови. Околу кадарот можеби ќе има потреба од користење на услугите на наставници од други центри кои се во блискиот регион.

Одлуката што ја донел Советот мислам дека не е во негова надлежност. Од друга страна, случајот доста се исполитизира, иако на почетокот не беше интенција на Министерството, при решавањето на ова прашање, да се води од аспект на политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеничката Ристана Лалчевска е задоволна од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Го почитувам ставот што го изнесе министерот, меѓутоа, уште еднаш би апелирала да се преиспита таквата одлука на Министерството. Заменикот министер кажа дека се исполитизирало ова, но со оглед на сите состојби кои се во државата, со оглед на тоа што се случува во училиштето во Куманово и во Тетово, не е ништо чудно што и оваа најава, овој став што е изнесен се исполитизирал. Со оглед на тоа, мене ми е познато дека ова училиште е регионален центар, меѓутоа, и досега и од сега сите албанци, под исти услови, се запишувале како и припадниците на другите етникуми во ова училиште, значи никако не биле спречени да се запишуваат и да се школуваат во ова училиште. Со оглед на тоа што во градот Охрид постојат само 4, 7% припадници на албанскиот етникум, јас мислам дека уште еднаш би требало Министерството да ја разгледа оваа одлука, да ја преиспита, за да не создадеме проблем таму каде што го нема.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до министерот за транспорт и врски.

На седницата е присутен заменикот министер, господинот Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Ќе доставиме одговор во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволна, госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ќе се произнесам кога ќе добијам одговор во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувана потпретседател, почитувани членови на Влада и присутни пратеници,

Јас прво имам две прашања до Владата и ме интересира кој ќе одговори на тие две прашања. Едното прашање е до министерот за труд и социјална политика и ќе го прочитам, бидејќи тој не е тука, а сакам од него одговор и кога ќе дојде да ми го даде тој одговорот.

Кој од претставниците на Владата ќе ми одговори? Ќе ги прочитам, па нека се договорат.

Првото прашање до Владата:

Владата, на својата седница од 13.02.2003 година, донесе заклучок да им препорача на управните одбори на јавните претпријатија, фондови, агенции и други јавни организации што ги избира Владата месечните надоместоци да ги намалат на половина во однос на тоа што примаат до денот кога е донесен тој заклучок.

Прашањето гласи: Дали Владата има информација како се почитува оваа препорака и дали постојат управни одбори кои не го спроведуваат заклучокот на Владата.

На ова прашање може да се одговори усмено, а писмено барам табуларен преглед на надоместоци на сите управни одбори пред и после донесениот заклучок.

Исто така, барам писмена информација, платите на директорите и нивните заменици, односно назначени раководни лица од страна на Владата на сите јавни претпријатија, фондови, агенции, совети и останатите организации да бидат доставени во писмена форма, затоа што постојат информации дека платите на некои раководни лица се во несразмерен однос наспроти состојбите во организациите, покажаните резултати, одговорноста која постои и ја манифестираат, а наспроти општата социјална и економска ситуација во државата. Тоа е првото прашање.

Второ прашање: Пред десетина дена реонот на Кавадаречко го погоди градобијна непогода, при што беа комплетно уништени разновидни земјоделски посеви и култури, односно уништен за оваа година единствениот извор на егзистенција на голем број фамилии. Притоа службите за борба против градобијните облаци останаа неми.

Одговорната институција за борба против градобијните облаци, Управата за хидрометеоролошки работи при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство излезе во печат со објаснување кое ми прилега на времето на средниот век, односно дека е тоа "божја работа" и со тоа ја симна одговорноста од себе. Дека ова навистина било "божја работа" се уверивме само после неколку дена, кога повторно градот ги опустоши полињата, само во друг дел на Републиката, при што службите повторно не реагираа.

Секако, не е "божја работа" тоа што службата се финансира од буџетот, односно директно од џебовите на граѓаните, вклучително и на тие граѓани чиј труд беше уништен од оваа "божја работа".

Моето прашање нема да биде од типот што планира Владата да преземе за да ги санира штетите и да им помогне на оштетените земјоделци, бидејќи тоа треба да се подразбира.

Моето прашање гласи:

Дали Владата ќе превземе конкретни чекори и ќе побара одговорност од одговорните лица, почнувајќи од првиот човек на Министерството, во чии рамки е Управата за хидрометеоролошки работи, па се до најодговорниот, односно директорот на Управата за хидрометеоролошки работи. Сметам дека моето прашање имплицира каков вид одговорност подразбира.

Третото прашање е упатено до Министерството за труд и социјална политика.

Деновиве, во печатените медиуми, како и во другите јавни гласила, топ тема е анализа на почетните резултати од спроведувањето на Законот за поттикнување на вработувањето или таканаречен Бранков закон. Општа е констатацијата дека почетните ефекти се разочарувачки, што експлицитно го кажа претставникот на Светската банка. Лесно може да се пресмета дека, ако се задржи сегашната динамика на вработување по овој закон, на крајот од неговото важење вкупната бројка изнесува некаде околу 8000 нововработени, што е далеку под проектираната бројка од 20 илјади, која инаку, во споредба со резултатите од стариот Бранков

закон е исклучително конзервативна. Мислам дека овие неколку констатации се доволна причина Владата да биде алармирана и затоа моето прашање е:

Дали Министерството за труд и социјална политика има извршено анализи за причините за ваквите резултати од примената на овој закон и ако анализата е направена, до кои заклучоци е дојдено и што се планира во отстранување на констатираните слабости на законот.

Но за да го одбегнам одговорот, кој секако нема да биде задоволителен, ќе го преформулирам прашањето и ќе го поставам всушност следното прашање.

Освен краткото време, дали Министерството извршило анализа за постоење на другипричини или слабости на законот и што во таа насока министерството планира да направи.

На крајот, јас сепак мислам дека господинот Борис Трајковски треба да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотреби институцијата претседател и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навредил граѓаните и ги погазил нивните елементарни права.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, со се додатокот кој беше надвор од прашањата.

Да одиме по ред. Првото прашање беше упатено до Владата.

Има збор потпретседателот на Владата, господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Во врска со првото прашање очигледно е дека треба да подготвиме информација и да му доставиме на пратеникот како се почитува препораката на Владата за намалување на надоместоците на членовите на управните одбори.

Во врска со второто прашање тука е министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и ќе одговори.

Во врска со третото прашање само информација, која потоа може дополнително да биде дадена од министерот за труд и социјална политика.

Владата расправаше за резултатите од овој закон, има прецизни податоци и прецизна анализа. Резултатите не се така разочарувачки како што е соопштено, меѓутоа, ќе добиете прецизна информација, а исто така, малку е рано да се пребрзува со оценка за ефектите, но за тоа ќе добиете детална информација од Министерството за труд, односно онаа информација која ја имавме на Владата на Република Македонија, да не ја интерпретирам сега истата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Јордановски, дали сте задоволен од одговорот на првото прашање?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Побарав за првото прашање, бидејќи беше така формулирано, ќе го коментирам откако ќе ги добијам информациите во врска со она што барав.

За второто прашање барав од Владата, бидејќи времето на личната одговорност помина. Јас не барав прашање од министерот за земјоделство. Јас прашав за одговор од Владата.

За третото прашање ќе го причекам - ако има писмен извештај вред, но ќе го причекам министерот за труд и социјална политика, бидејќи тој го бранеше законот, ние овде исто така го браневме законот, така што сакав да го слушнам. Како што жолчно се бранеше законот, сакам да ги слушнам и аргументите што во тој закон е проблематично.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, меѓутоа министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доколку сака, сепак би можел да даде поширока апликација.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа дека пратеникот побара одговорност од првиот човек на Министерството и од директорот на Управата за хидрометеоролошки работи, очигледно е дека има поставено прашање во кое ги има помешано нештата. Пратеникот поаѓа од фактот дека некој треба да одговара, а пред тоа не ги обезбедил доказите, не ја слушнал анализата и извештајот за:

Прво, висината на штетите,

Второ, за причините на истата и

Трето, за подготвеноста односно пропустите во евентуална градобијна заштита.

Да се побара одговорност од директорот, а пред тоа да не му се даде можност тој да направи извештај за постапката што се води за да се утврдат фактите околу евентуалните пропусти, човечки или организациони, е исто како да се побара сеча за која што практично не постојат никакви докази.

Мислам дека такво прашање во кое однапред се состои одговорот дека некој треба да сноси одговорност, не треба да се одговара. Меѓутоа, со оглед на тоа дека

сепак ова е седница на Собранието, поставено е прашањето пред целата македонска јавност, да му одговорам она што сметам дека во овој момент треба да се одговори.

Прво, прашањето за штетата од градот може и ќе почне да се расправа тогаш кога ќе се утврди во колкав обем е таа, заради тоа што утврдувањето на штетата од градот е тесно поврзано со Законот за елементарна непогода, во кој преку соодветни институции на системот и комисии треба да се утврди дали штетата изнесува навистина така како што тој закон бара, за да се прогласи елементарна непогода и во врска со неа да се определат мерки кои ќе ја отстранат штетата што настапила од таа елементарна непогода.

Второ, потребно е да се утврди дали постои одговорност за настапената штета, бидејќи да не се случи да ме обвинат дека држам предавање, елементот на штета има четири елементи кои мора да бидат застапени. Треба да постои противправно дејствие, треба да постои вина на штетникот, треба да постои штета и треба да постои причинска врска меѓу противправното дејствие и штетата. Во овој момент, тие четири елементи се утврдуваат во постапката што е наредена и се спроведува од страна на Управата за хидрометеоролошки работи, која прво треба да утврди дали постојат пропусти од организационен карактер, во смисла на тоа дека не е покриена целата територија на Република Македонија со средства, односно со елементи против градобијни, против град, и второ, треба да се утврди дали постојат човечки фактори, односно вина или пропусти на одговорни лица.

Првичниот извештај кој што го доби Министерството, бидејќи на тоа се работи, можам да го соопштам, меѓутоа, не би сакал тоа да го правам бидејќи ќе го чекам конечниот извештај. За сега можам да кажам, ако таква изјава е дадена, како што овде беше цитирано дека тоа е “божја волја”, таквата изјава ја отфрлам, бидејќи таква изјава не смее да даде одговорен службеник. Меѓутоа, прашањето што нас особено не интересира е следното:

Дали системот за градобијна заштита беше во функција и

Втгоро, дали постоеја потребните елементи тој систем да биде ставен во функција.

За сега можам да кажам дека Министерството располага со информација која ја имаме, во која стои дека за почетокот на градобијната сезона, односно сезоната за провиградната заштита постојат околу 240 градобијни ракети и дека тие беа доволни за стартување на системот.

Второ, тие беа ставени во функција.

Трето, системот за контрола и следење на градоносните облаци беше во функција, тие ја вршеле својата функција и дека во овој момент располагаме со првичен податок, во кој стои дека градобијните облаци во Кавадарци се на висина од 13 км., што не овозможува ефикасна заштита и со употреба на градобијни ракети.

Исто така, во случајот на Гевгелија, постои исто така првична информација, каде стои дека облаците се следени на време и дека не е интервенирано, порди тоа што во критичниот момент кога е побарана согасност за употреба на ракетите, потребна е согласност од Центарот за следење, која не е можно да биде дадена, поради опасноста по воздушниот сообраќај, заради тоа што во тој момент во делот каде што е тој систем за градобијна заштита не постоела електрична енергија.

Првите сигнали укажуваат дека се утврдува одговорноста, дека во овој момент сеуште неможе да се каже дали постои ваква одговорност било за директорот или било кој друг од вработените од Хидрометеоролошката управа и дека тогаш кога податоците ќе бидат комплетни, кога ќе се утврди висината на штетата, кога ќе се утврдат организационите и човечките пропусти и кога ќе се утврди евентуалното постоење или сомневање за постоење на некаква одговорност, Владата на РМ преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде благовремено информирано, а тој извештај, секако, ќе биде достапен и на пратениците.

Меѓутоа, сепак, уште еднаш морам да го изразам своето разочарување што одделни пратеници си дозволуваат овде да побараат одговорност од одредени личности пред да се спроведе постапката и утврдувањето на нивната одговорност, за што тоа неможам поинаку да го наречам освен како јавен линч, од причини што мене во овој момент не ми се познати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Петров.

Господине Јордановски дали барате збор?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, бидејќи сега се отвори навистина интересна дискусија.

Прво, јас не поставив прашање за тоа колкави се штетите. Мислам дека министерот можеше да се поштеди самиот себе со тие бројки, бидејќи штетите се евидентни. Јас поставив прашање за одговорност, со што во оваа држава и оваа Влада и претходната требаше да се почне, за една морална одговорност. Може да

се понесе одговорност, а да се вршат натамошните испитувања и докази кој е одговорен. Тоа е морален чин, кој само ќе ја зајакне и Владата  и ќе ја зајакне и вербата на граѓаните во оваа Влада. Да не кажувам примери во странство, каде за една сообраќајна несреќа министри давале оставки. Анализите кој е виновен може да се направат, и на крајот, сепак, штетата е тука, од Буџетот од кој нам ни требаат парите. Бидејќи тоа можело да се предвиди, затоа што градобијните појави се случуваат секоја година. Јас се занимавам со земјотресно инженерство, таму земјотресите се случуваат и среќа  што се случуваат секоја 50-та или 100-та година. Овде секоја година искуството го имаме и знаеме кои се опасностите. Да не биде испукана ниту една ракета, барем да се намалат работите и сега да се дискутира дека ќе правиме анализа? Коректно е да се понесе одговорност, па после да се прават анализи. Тогаш ќе му честитам на било кој што тоа ќе го постави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА :

Дали министерот ќе коментира?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Повторно имаме обратен редослед на тезите. Како може да се поднесе одговорност од директоротна Хидрометеоролошката управа морална или било каква друга ако пред тоа не се утврдат факти за постоење на таква одговорност. Одговорноста политичката, моралната или друга секогаш се заснива на факти што мора да бидат утврдени. Човек ќе ги утврди фактите, ќе осознае од тие факти дали е виновен и колку сноси таква одговорност и врз основа на тоа ќе поднесе оставка и ќе сноси политичка или друга одговорност.  Меѓутоа некој овде да држи морални придики за тоа што е морална одговорност, а притоа да не си го постави прашањето дали има право да бара морална одговорност за работи што ги изврттува по обратен редослед, како што е случајот со пратеникот, мислам дека е без преседан.

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

За третото прашање може и писмено да го поставите, доколку сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање, ако министерот дојде до крајот на оваа сесија би сакал министерот да ми одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, ќе се погрижиме да контактираме со Министерството.

Збор има пратеникот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Прашањето се однесува до Владата што предвидува Владата за Јавното претпријатие Македонски шуми т.е. каква трансформација ќе следи затоа што веќе сум информиран од вработените во Македонски шуми дека 4-5 месеци немаат земено плата, а исто така, се врши голема сеча во шумите на РМ. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Согласно Законот за земјоделско земјиште дека најмалку 15% треба да се ослободи земјиштето од Комбинатите, меѓутоа, се работи за ЗК "Пелагонија" во Битола, кој има ослободено околу 4370 хектри. 1997 година дадено е на тендер и искористени 2000 хектари, па што понатаму ќе преземе Министерството, овие 2000 хектари се со послаб квалитет, послаба почва, неискористена, па дали Министерството повторо ќе објави тендерн за ова земјиште или ќе преземе мерки согласно законот дека од овие 15% што се предвидени да се ослободат земјоделски капацитети од тие комбинати дека не е соодветно поделено пропорционално спрема типот на почвата. Таму се ослободени околу 2000 хектари, 6-та , 7-ма класа и која е оддалечена од земјоделците.

Следува прашањето дали Министерството повторно ќе објави тендер за овие 2000 хектари и дали ќе даде соодветно пропорционално спрема законот за земјоделско земјиште од класите на почвата.

Третото прашање е директно до министерот да ми одговори, доколку може, дали ќе има премија за пченицата за родот од оваа година оние три денари, прашуваат земјоделците од Пелагонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше до Владата, па дали потпретседателот ќе одговори.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата наследи катастрофална состојба кај сите јавни претпријатија, речиси кај сите со извесни искоучоци.

Владата констатира дека состојбата во јавните претпријатија во добар дел од нив ги загрозува јавните финансии на РМ, затоа што многу од тие јавни претпријатија се доведени пред колапс. Такви ги наследи со доаѓањето на задачите по изборите и Владата отпочна анализи, дискусии и подготвување на програми и проекти за санација, за средување на состојбите во врска со сите јавни претпријатија.

На дневен ред на повеќе пати беше ЈП Македонски железници за кое е подготвена програма за реконструкција, за санација, за реформирање итн., заедно се подготвува проект со Светската банка, со барање за изнаоѓање на средства за реконструкција, реформирање на ова јавно претпријатие кое е во многу тешка ситуација.

Владата исто така има заземено ставови за тоа како ќе продолжи односно како ќе се трансформира ЈП за станбено комунално управување, потоа Владата деновиве расправаше за катастрофалната состојба што ја наследи во МРТВ и за која исто така подготви програма и мерки како да ја санира таа ситуација.

Да не ги редам сите претпријатија, Владата исто така ги задолжи сите менаџерски тимови на Јавните претпријатија да подготват програми за рационализација и консолидација на состојбите вклучитеоно и за ЈП Македонски шуми. Значи комплексот Јавно претпријатие е исклучително тешко прашање кое атакува врз Буџетот на Република Македонија и доколку не се средат состојбите мислам на наследените може да имаме големи проблеми заради неодговорното работење, заради неодговорното вработување во сите јавни претпријатија кои само во 2000-та година изнесува над 2000 луѓе, некои за 50%, некои за 100% дуплирани вработувања во јавнитем претпријатија и на една од наредните седници ќе стигне и расправата за ЈП Македонски шуми за санирање на состојбите во ова претпријатие. Значи, распрвата следи на Влада по претходно задолжување на менаџерските тимови за средување на состојбите во ова претпријатие кои се апсолутно лоши, како што констатира пратеникот, но кои се апсолутно јасно наследени заради неодговорното работење.

Инаку, околу сечата на шумите да не ја враќаме таа тема во кој период ескалираше, како, што се правеше со шумскиот фонд во изминатиот период и како се девастираше шумскиот фонд во изминатиот период заради крајното недоговорно однесување на тие што требаше да се однесуваат многу поодговорно.

Тоа е во врска со ова прашање.

Тешка, макотрпна работа за средување на состојбите во сите јавни претпријатија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не можам да бидам задоволен затоа што се брани дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ оваа Влада наследи тешка ситуација. Јас само ќе повторам дека кога дојде

ВМРО-ДПМНЕ на власт во Македонски шуми немаа земено по 9 месеци плата, па Владата на ВМРО-ДПМНЕ најде начин дојдоа до еден месец исплата на платата. Сега повторно за овие осум месеци пак ги оставија по 5-6 месеци да немаат земено плата. Тоа не е исправен одговор и нема што да се вади на Владата, сега се тие на власт, ние си го плативме цехот и сега се знае оваа влада нека си преземе обврски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали потпретседателот има коментар на ова?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Би имал многу коментари и долги коментари, но тие нема многу да помогнат. Само би кажал кратко за ЈП за стопанисување со македонските шуми само крајно неодговорни луѓе би можеле таквото претпријатие да го доведат во загуба и до не исплата на плати. Само мало чувство на одговорност применето кај раководните во таквото претпријатие карактерот на работата е таква не би имале никакви проблеми и не би дошле во оваа ситуација во која се наоѓаме. Но, за жал, не било така, и сега ние треба да ја санираме таа состојба и сигурен сум дека ќе ја санираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто и третото прашање беа упатени до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето за издвојувањето на земјиште од Фондот што го користеле поранешните земјоделски комбинати или државното земјиште како и прашањето за давањето на користење на тоа земјиште на трговски друштва и на поединци е регулиран со законот за земјоделско земјиште и таму е пропишана соодветна процедура која во основа се состои преку распишување на јавен оглас и конкурс на кој учесниците наддаваат во поглед на условите што се пропишани со тој оглас односно конкурс.

Не можам да одговорам на прашањето како и на кој начин и зошто во изминатиот период од 4 години од примената на тој закон распишаните огласи и конкурси доведе до резултати какви ги имаме сега во овој момент, а што се во состав на тоа кому, како и зошто, зошто се дадени големи земјишта од тој фонд на користење на трговски друштва и на поединци кои најмалку се занимавале во тој период со земјоделие.

Тоа прашање треба да се упати на друга адреса, а не на адреса а оваа Влада.

Она што можам да го соопштам дека оваа Влада го почитува тој закон и ќе постапува врз основа на него и во рамките на овластувањето што по тој закон е

дадено на Министерството наредена е акција на преиспитување најпрвин на посапкаа по која се распишани огласите и конкурсите за доделување на такво земјиште и истовремено се врши интензивно испитување на начинот на користење на веќе доделеното земјиште по тие огласи и конкурси на трговски друштва или поединци што се должни да постапуваат според договорот што врз таа основа се случува.

Резултатите до кои дојдовме во овој момент во Министерството не можам да ги соопштам во овој момент, меѓутоа, постојат повреди и на постапката на распишувањето на огласите односно конкурсите и повреди по веќе распишаната и завршена постапка и склучени договори кои се состојат во начинот на користењето.

Мерките се предвидени со закон и што од тоа ќе се преземе од страна на Министерството во овој момент не можам да најавам, бидејќи тоа ќе зависи од фактите кои ќе бидат утврдени. Значи, во прашање е процедура што е во тек која ќе даде соодветни резултати иврз основа на кои ќе ги донесеме мерките односно решенијата кои ни се признати со закон.

Во однос на прашањето дали ќе распишеме оглас или конкурс за земјиште за кое стана збор можам да кажам, бидејќи во овој момент прашањето е конкретно и треба да се провери со факти во Министерството, на тој дел од прашањето за кој дел од земјиштето се работи и каква е процедурата односно која е состојбата со тоа земјиште во овој момент ќе одговориме дополнително во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот има нешто да додаде.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Делумно сум задоволен од одговорот,. меѓутоа прашањето ми беше за ова земјоделско земјиште за типот на почвата. Тие 2000 хектари се шеста, седма класа значи со Законот со земјоделско земјиште дали ќе се ослободи прва втора класа од тие 2000 хектари, во тоа ми беше зборот.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Јас мислам дека одговорив, но сепак ќе потсетам распределбата со издвојувањето на земјоделското земјиште врз основа на тој закон е веќе завршена така што останува само прашањето дали е потребно тоа да се преиспита и евентуално таквата распределба односно издвојувањето од тој фонд да се преиначи односно да се промени. За тој дел додека не добиеме соодветни податоци какви се количините на земјиштето бидејќи сега се барата со податок дека се преежно шеста и седма класа. Јас го почитувам мислењето на пратеникот дека тој има право да

мисли дека се земјиште од шеста и седма класа бидејќи од некаде тој податок го добил, а дали од официјално или неофицијално место сепак го има. И сигурен сум дека не се злоупотребува.

Меѓутоа, за да може тоа да се провери дека е точно навистина е потребно во евиденцијата на Министерството да провериме какво е тоа издвојување што е извршено, како и кога е извршено и дали навистина содржи само вакви податоци, а дека земјиштето што е од побогата класа, со повисока класа или пониска класа зависно од тоа како третирате значи што е поплодно, поквалитетно навистина во овој момент не можам да одговорам, меѓутоа, доколку пратеникот инсистира може да биде во писмената информација и врз основа на тоа можам да соопштам какви мерки ќе преземеме во однос на преиспитувањето на тоа издвојување.

Имаше уште едно прашање за премијата.

Јас би одговорил во писмена форма со една забелешка дека во овој момент министерот пред одлука на владата и пред расправа по тоа прашање пред Влада може само да каже дека тоа прашање ќе биде поставено пред Влада и за тоа ќе се расправа, а каква ќе биде одлуката на Владата во овој момент не можам да кажам меѓутоа, во евентуално дополнителен писмен одговор можам да ја означам суштината на премијата причините поради кои Владата се раководи при донесувањето на таква премија, за нејзината висина што зависи од околности и расположивите средства во буџетот на РМ.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Ова прашање го поставив и минатиот пат, сега е по втор пат , јас сакав јавно да одговори министерот, бидејќи се знае ситуацијат во земјоделието, сакав јавно да каже дали ќе има или ќе нема премија, нека слушнат земјоделците еднаш јавно. Јас добив одговор во една таква форма, а дали Владата ќе има или ќе нема средства нормално ќе објасни преку писмена форма, но јавноста да знае дали ќе има или ќе нема средства за премија.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Ќе има премија кога Владата за тоа ќе одлучи кога ќе се обезбедат средства за исплата на премијата. Инаку, одлуки со кои ќе одредиме да се плати премија, како што имавме случај од претходниот период, а притоа да не се обезбедени средствата, а да оставиме наследство на некоја друга влада која после нас ќе дојде или ќе биде истата но во поинаков состав, мислам дека такви одлуки оваа Влада нема да носи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со прашања.

Има збор г-динот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Првото прашање го поставувам до премиерот. Според информациите кои ги имаме за третиот канал на МРТВ од средствата од Телеком се издвоени 11 милиони марки каде што пет милиони марки се издвоени за покривање на територијата со телевизиски сигнал односно за репетиторите што всушност овој проект има завршено додека шест милиони марки се издвоени за техничка опрема каде според словенската фирма ТМА се сместени на седмиот спрат кој е наменет за третиот канал.

По шест месечна работа од 1 јануари 2001 година до јуни 2001 година седмиот спрат на МРТВ каде се наоѓа ова студио е затворен поради финансиски проблеми. Значи една година веќе не функционира.

Што презема Владата за решавање на овој проблем, бидејќи единствената дигитална технологија која се наоѓа во МРТВ не може да се користи за третиот канал и оди кон исчезнување.

Второто прашање е до министерот за локална самоуправа. Од средствата за приватизација на Телеком еден дел е издвоен за инфраструктура во неколку населени места. Иако поминаа неколку години од како се издвоени овие средства за посебни проекти, истите досега не се реализирани. Јасно е дека има злоупотреба на овие средства и како резултат на ова не се реализираат тие проекти кои се определени.

Прашањето е кои се информациите на Министерството за овие проблеми и што презема министерството за реализирање на овие проекти за кои граѓаните чекаат со години.

Третото прашање е до министерот за финансии. Вработените во разни државни институции и јавни претпријатија кои работат во Скопје и патуваат во други градови не им се плаќаат трошоците за пат на ниво на реални трошоци туку им се дава компензација од 900 денари.

Како член на Комисијата за финансирање и буџет Ви напоменувам дек аимаме дискутирано за ова прашање кога се усвојуваше Буџетот и Законот за реализирање на буџетот беше речено дека со член 14 став 2 и 3 ќе се среди ова прашање, меѓутоа досега тие не примаат реални трошоци, реална компензација.

Овие вработени на овој начин се згазени и како мислите да го решите ова прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до премиерот односно до Владата, го молам потпретседателот, господинот Гошев ако може да одговори.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Бидејки беше апострофирано прашањето до премиерот, а тој во моментот е спречен да биде тука, прашањето ќе му биде пренесено и може писмено да му одговориме во врска со целиот проект, бидејки Владата има расправано за таа ситуација и јасна ни е состојбата таму.

Ќе му дадеме писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред.

Второто прашање беше до г-динот Гештаковски министер за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Точно е дека од продажбата на средствата и добиените средства од продажба на Телеком беа определени износи за инвестирање во инфраструктурата во Република Македонија и тоа во поголем број на општини.

Во одреден дел на општини тие средства се реализирани. Со доаѓањето на новата Влада и преземањето на должностите од страна на Министерството за локална самоуправа од мене као министер, прво што е направено, направена е информација и увид на лице место до каде е реаизацијата на средствата.

Покрај завршените одреден дел објекти, одредени објекти кои се многу важни, од животно прашање за граѓаните утврдени се голем дел на неправилности. Пред се најважно и најбитно е што средствата се обезбедени, проекти имало од единиците на локалната самоуправа, изведувачи се одбрани, а работите не се изведуваат во голем дел, во одредени општини, како што е делот на водоводот во Тетово. Исплатени се целокупниот дел на средства, а работите не се извршуваат.

Пратеникот не посочи конретно за кој дел на објекти, бидејки вкупниот дел на определени средства се околу милијарда денари и во огромен број на објекти. Јас би посочил она што превзеде Владата на Република Македонија и Министерството.

Врз основа на таквата информација Владата на Република Македонија ги задолжи надлежните органи да ја утврдат фактичката состојба на лице место и да ги преземат сите потребни законски мерки во делот на неизвршување на започнати работи, и дури во некои делови кои не се започнати. До каде е постапката?

Постапката од материјално финансиски аспект се води контролата, а и за водоводот во Виница Владата го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со стамбен и делвоен простор од градежен аспект врз основа на потпишани ситуации од надзорот да изврши контрола и да ја утврди фактичката положба на лице место, како и да се преземат сите потребни мерки за довршување наобјектите.

Доколку има одредени отстапувања, отстапувања на закони и одреден дел на фиктивни ситуации, во делот на потпишан надзор Владата ги задолжи надлежните субјекти да ги преземат сите потребни мерки од материјална одговорност, кривична одговорност и одговорност на дело на завршување на објектите.

Доколку пратеникот мислеше на некој одреден друг дел, има 5-6 објекти каде што не е започнато и тендерирањето. Владата го разгледуваше и тој проблем од аспект на ангажирање на средствата од јавниот инвестиционен сектор за нивно продолжување и оние објекти кои се во завршна фаза определи средства од Телеком да се завршат во 2003 година. За 4-5 објекти Владата го задолжи Министерството за локана самоуправа да ја обнови постапката со тоа што средствата ќе се исплаќаат во буџетската година, во 2004 година.

На крајот да заклучам:

Владата и Министерството ќе извршат и вршат, и е во крајна фаза во утврдување на фактичката положба и ќе ги преземе сите потребни мерки за завршување и утврдување на одговорност особено на многу важниот дел , на инфраструктурниот дел, тоа е водоводот во Тетово, за кој се пренесени огромен дел на средства, а работите се во мал дел извршени.

Исто така би ги напомнал водоводот во Самоков , Камењане , Илинден-Петровец, кој е регионален и се изведува, во општина Сарај, Љубин и Сарај; во Свети Николе; Пехчево; Арачиново; Неготино- Полошко, Велешта, Форино, Чегране, с. Луково. Исто така имаме во водоводот  с. Злејово -Подареш и во делот на Обршени-Кривогаштани.

Исто така и на оние завршени објекти, кои се завршени во делот на изведување и се вршат одредени контроли.

Доколку пратеникот смета за одреден објект конкретно спремни сме на оваа седница со она што располагаме во делот на завршените, фактички завршена ситуација на лице место и пренесени средства, или по писмен пат ќе го известиме конкретно за секој објект.

Владата и Министерството за локална самоуправа имаат една цел. Наменски и правилно да се искористат средства од продажбата на Телеком кој во голем дел , за две години се определени за изградба на инфраструктурни објекти, кои се во износ од околу 260 милиони марки, кои ги реализираат министерствата различно во својата област се со една цел граѓаните да можат да ги користат тие инфраструктурни објекти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господин минситре.

Господине Адеми дали сте задоволен од одговорот?

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Задоволен сум од одговорот, меѓутоа ќе барам конкретна информација, затоа што и министерот е подготвен да даде писмен одговор за проектот во Тетово, проектот во општина Јагунеовце, за селото Живце и Шемшево.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Благодарам, министерот веќе го вети тоа.

Одиме на третото прашање, кое е упатено до министерот за финансии.

Повелет господине Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Според Законот за извршување на буџет прецизно е кажано кој прима до 900 денари, кој ги прима стварните трошоци. Не смее да има никакво не почитување на Законот за извршување на буџет. Не смее на тој што му следуваат стварни трошоци да не му се исплаќаат, мора да му се исплаќаат. Јас би го замолил пратеникот да ги добиеме конкретните случаи каде што тоа евентуално е направено спротивно на Законот за извршување на буџет и лично ќе проверам. Ако има евентуално таков

пропус ќе го исправиме. Не смее да има непочитување на Законот за извршување на буџет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали е задоволен пратеникот Адеми?

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Секако. Јас ќе соберам информации и ќе ги испратам до министерот. Има такви случаи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега е 14,05 часот, прогласувам пауза до 15,05 часот.

(Пауза од 14,05 часот).

(По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 15,25 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со рабтоа.

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани и ценети претставници на Владата и останати,

Моето прво прашање е до Владата и евентуално може да рефлектира и до Министерството за правда, но сепак мислам дека Владата ќе  одговори на ова прашање.

Имено се работи за следното:

По објавениот Оглас за избор на јавни обвинители и заменици во основите и вишите јавни обвинителства во Република Македонија од страна на Собранието на Република Македонија за двете места за избор на заменици во Основното јавно обвинителство во Кичево со комплетна и уредна документација се пријави кандидатот Кенанзија  Куртишовски од село Лисичани општина Пласница како преставник од турската заедница во Република Македонија . Имаме сознанија дека

предлогот на овој кандидат е поминат во Владата, но сепак не е предложен и избран во Собранието.

Прашањето е следно:

Зошто овој кандидат не е предложен и избран кога ги исполнува сите барани услови за избор на заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Кичево, кога се знае дека во оваа обвинителство сите исклучиво се македонци, на чело со јавниот обвинител и замениците. Плус тоа и претседателот на судот е макеоднец, а не е исклучок и Републичкиот заменик, заменик јавен обвинител и сите што работат во овие органи.

Господо од Владата се прашуваме, т.е се прашувам јас дали вака треба да се спроведува Охридскиот рамковен договор и до кога претставниците од турската националност ќе бидат оставени  на маргините во оваа држава. Кога ќе отпочне тој толку очекуван процес за равноправна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија во државната администрација и во останатите институции или тоа и понатаму ќе се прави селективно, а претставниците од турската националност треба да чекаат некои други поповолни времиња.

Исто така во Кичево, каде ви е добро познат составот на населението,  а кадер турската националност е во значителен број, а во органите на државната управа застапеноста е минимална и незначителна, додека во Македонски Брод турската националност е застапена со близу 50% од вкупниот број на старата општина, а застапеноста е катастрофална односно нема ниту еден претставник од турската националност во органите на државната управа.

Имено ова е еден пример , досега слушаме често пати за рамноправна и правична застапеност на заедниците, ова е еден пример каде што една заедница се запоставува се заради тој процент од 20% , или заради некои други причини. Ова е земен еден пример каде што човек ги исполнува сите услови, предложен, ги исполнува сите инстианции и не е избран па би сакал да чујам одговор зошто не е избран и што се намера во иднина да се прави во вакви случаи, или пак тоа ќе се остави за некој подобри времиња, како што често пати слушам од претставницит ена Владата и пошироко.

Исто така имам уште две прашања кои што сега кратко ќе ги образложам. Се работи за прашање до министерот за образоваие, но во врск асо тие прашања јас ќе ги поставам по писмен пат и ќе барам писмен одговор, а сега да кажам дека се работи во  врска со  Педагошкиот факултет за изградба на салата, која е стартирана

и прашање во врска со неодобрувањето на постдипломски на Педагошкиот факултет.

Значи за овие две прашања ќе ги поставам писмено и ќе барам писмен одговор, а сега се ограничувам само на првото прашање поставено до Владата на Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор ќе даде потпретседателката госпоѓица Радмила Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

обранието на Република Македонија беше информирано за начинот или процедурата за избор на заменици на јавни обвинители и јавни обвинители и уште од тогаш од Владата беше информирана макеоднската јавност, меѓутоа и пратениците , до Собранието на Република Македонија беше доставен списокот што до нас го достави и предложи Јавниот обвинител. Сметавме дека на тој начин ќе покажеме дека Владата не е заинтересирана политички да се инволвира во процесот на избор на овие личности и на тој начин повеќе ќе влијаеме на зголемување на одговорноста и обврската на телата за кои што зборуваме.

Сметам дека забелешките што овде биле кажани, можеби тогаш можеле да бидат дел од дискусијата во Собранието, меѓутоа Владата во овој избор ниту интервенираше ниту сакаше да има одредено влијание.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот е одговорен од одговорот?

АДНАН ЌАХИЛ:

Не сум задоволен од одговорот и ќе се обидам накратко да образложам зошто не сум .

Благовремено ние интервениравме зошто не се избрани, но впрочем секогаш може да го задржам правото да реагирам кога сметам дека треба да се реагира, а мислам дека е време и место сега да се реагира на овој начин за оваа ситуација.

Свесен сум и знам дека Владата изрази став дека нема да се меша во овие работи, во изборот на замениците на јавните обвинители, но од прашањето мислам дека на елегантен начин се ескивира. Јас знам дека тоа на тој начин се прави, но како ќе се спроведува Рамковниот договор ако цело време се префрлува

одговорноста од една на друга страна т.е. од Владата во Собранието и обратно, а кога доаѓа до ситуација да треба да се избираат од одредена заедница тогаш сме концизни, јасни, аналитични, а кога треба да се бираат луѓето за кои што напоменав, а не гледам дека има контрааргумент дека не ги поминал сите инстанции и не се бира едноставно се вели не бираме, тоа не е наша одговорност, одговорноста е на другата страна и треба да се постапи по Законот. Многу работи се постапува по Законот, а многу работи не се постапува по Законот, едноставно заради мир во куќата се третираат работите на соодветен начин.

Имено, во дадени моменти кога треба да се задоволуваат потребите на албанската заедница кои се по 20%, по правило тоа го поздравувам и треба да се прифатат нивните сугестии за примање во соодветни институции за правична и еднаква застапеност, но кога доаѓа да се примени законот, Уставот или Рамковниот договор вов рска со другите заедници, заедница за која јас дискутирам денеска едноставно аналитичноста во овој домен паѓа во вода и се повикуваме на закони, се повикуваме на одлуки, на одлуки донесени на соодветен начин.

Не сум задоволен, но си го задржувам правото и во иднина да дискутирам во овој правец се додека правичната и еднаква застапеност не почне да се применува и кај останатите заедници вклучително и турската заедница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали претставникот од Владата ќе има коментар.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Не ми беше воопшто намерата д аја префрлуваме топката на Собранието, бидјеки процесот на кандидирање беше таков што него го инициraше Јавниот обвинител, а потоа заврши во Собранието.

Меѓутоа сакам да истакнам три работи.

Прво, во целата процедура на избор учествуваа над 500 кандидати. Ние сме свесни дека во сите тие кандидати имаше одлични кандидатури кои што едноставно заради ограничување на бројките на јавни обвинители на заменици кои што моравме да ги избереме, едноставно и Собранието мораше да ги избере нормално секој од нив и не можеше да стане обвинител и јавен обвинител.

Второ, ако веќе зборуваме конкретно за правничната застапеност и го цитираме Рамковниот договор или уставните амандмани мора да бидеме свесни

дека јавните обвинители не спаѓаат во државна администрација. Се работи за еден друг дел кој што исто така е важен, меѓутоа тоа не е јавна администрација.

Трето, правичната застапеност е процес зад кој што стои оваа Влада, меѓутоа мислам дека треба да си повторуваме дека се работи за процес и што преку ноќ нема да значи драстични промени, меѓутоа како политика  Република Македонија и оваа Влада ќе го спроведува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да преминеме на другите пратенички прашања предлагам да му дадеме збор на министерот за труд и социјална политика затоа што имаше прашање поставено од  господинот Љупчо Јорданов, па сега министерот е присутен.

За другите две прашања господинот Аднан Ќахил  рече дека писмено ќе ги достави, па нема што да дискутираме.

Господине министре поволете.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Прашањето  се однесуваше на досегашните  ефекти од примената на Законот за поттикнување на вработувањето и проценка на Владата за досегашните ефекти и евентуалните потребни промени во регулативата. Пред се неколку збора за ефектите.

Ние имаме ефективна примена едномесечна на овој закон иброките се следни. Имаме 837 лица вработени  заклучно со вчерашниот ден од кои што околу 220 се од таканаречените социјалранливи групи, од категориите стечајни работници, технолошки вишок и корисници на социјална помош.

Инаку говорено по дејности, по структура на образование на луѓето што се вработени, според стручно образование најголем дел се или неквалификувани или со средностручно образование. Од овие луѓе 23% се наквалификувани работници, а 45% со средностручно образование. Ваквата бројка говори од аспект на луѓето што имале полза од овој закон дека целта на законот е потполно исполнета, затоа што законот имаше намера оние групи на луѓе што не можат сами на пазарот на трудот да се пробијат поради многу ниските квалификации да бидат опфатени со вакви мерки. Исто така и од аспект на статистиката што ја дадов за социјалните групи што го користат овој закон резултатите се над очекувањата, затоа што во реалното сценарио што го развивме пред примената на Законот  овие ризични социјални групи опфаќаат 15 до 20% од вкупниот број. Сегашните бројки говорат за доста висок

процент, речиси 25%. Се разбира сеуште е мал периодот за да се извлечат заклучоци какви ќе бидат финалните бројки, меѓутоа тенденцијата е многу добра од овој аспект.

Значи од 837 луѓе, 172 се стечајци. Ние самите знаеме колку е тешко денес да се вработи еден стечаец, се работи за луѓе од 40 години па нагоре, со многу ниски квалификации, така што, очигледно е според досегашните резултати дека овој закон, таа функција на апсорпција на таквите луѓе кои што тешко самите можат да дојдат до работа ја исполнува.

Околу вкупната бројка, може да се коментира така што гледа пратеникот Јордановски ако гледаме во просечни правилни месечни интервали дека таа е под очекувањата, меѓутоа би било прилично ризично овој закон да се споредува со сличниот ваков пред 5 години, затоа што имаат многу поинаков систем на влез.

Имено, да ве потсетам, законот од 1998 година всушност принципот на тој закон беше дека што побрзо ќе влезете, со тоа повеќе месеци користите за бенефиција. Значи ако влезете во првиот месец од пријава на законот 24 месеци користевте бенефиции, ако влезете во десеттиот 14 месеци. Со овој закон не е така. Било кога да влезете во системот откога е почнат да се применува законот, па до 31 декември, секогаш ќе уживате 24 бенефиции. Така што овој факт влијае на работодавачите дека на тој начин што тие не брзаат да влезат во системот на овој закон, туку прават една мошне реална и сериозна проценка, за тоа дали во крајна линија им се исплаќа или не да влезат во системот на овој закон затоа што овој закон тој што ќе го вработите да го задржите 4 години најмалку. Со тоа се создаваат сериозни обврски за работодавачите и јасно е дека овој закон е корисен за работодавачи што планираат бизнис на долги и средни релации.

За работодавачи кои планираат бизнис на кратки релации, овој закон не е поволен, затоа што создава обврска за 4 години. Затоа тие работодавачи се определуваат за рутинската процедура без субвенции и ја користат оваа погоднос.

Инаку, според досегашните бројки ние сега дневно имаме влез меѓу 45 и 55 луѓе, нови вработувања по овој закон, за да бидеме на нивото на проектираното, треба да имаме просечно влез меѓу 80 и 90 луѓе дневно. Така што, сега можеме да кажеме дека системот полека се дига и откога ќе поминат најверојатно два месеца, ние ќе можеме да кажеме веќе да дадеме и реална проценка за резултатите.

Исто така и во образлагањето на овој закон, Владата посочи дека тенденциозно во законот се воведени прилично голем број на рестрикции, т.е. елементи кои што треба да послужат за заштита од злоупотреби, затоа што сведоци сме од дискусиите и критиките на опозицијата беа претежно во таа насока дека законот претходниот, дозволува доста злоупотреби.

Сега со ова законско решение можноста за злоупотреби е речиси елиминирана и оттаму, таквите потврди механизми, нормално кај работодавачите предизвикуваат посериозно размислување, пред да влезат во системот на овој закон.

Исто така, овој закон за разлика од оној пред 5 години се разликува во тоа што не сте ослободени од плаќањето на придонесите, туку придонесите откога ќе ги платите се рефундираат. Имаме ситуација одреден број на работодавачи кога ќе го разберат овој факт повторно се двоумат, се разбира со еден страв дали парите ќе им бидат на време рефундирани.

Оттаму, многу битен елемент во примената на овој закон ќе биде по поминувањето на првите 2 месеци, кога првите рефундации треба да бидат исплатени и од досегашната работа на Заводот за вработување, кој што го спроведува оперативно законот, можам да ви кажам дека Заводот е комплетно спремен за точно извршување на рефундирањето и мислам дека кога ќе почне рефундирањето да се извршува онака како што е предвидено, тогаш и кај работодавачите и тој никулец на страв ќе биде совладан и ќе ги користат апсолутно погодностите на овој закон.

Значи, впечатокот што го има господинот Јордановски дека бројките не се баш задоволителни, е токму впечатокот кој што е создаден поради многуте заштитни механизми на законот што е добра работа, затоа што поентата на овој закон беше, покрај тоа што ќе овозможи вработување да не дозволи работодавачите да ја изиграат државата.

Инаку околу оценката што беше спомната дека ММФ не се изразил погодно за овој закон, вие многу добро знаете дека ММФ воопшто не беше расположен за вакво законско решение, меѓутоа, Владата успеа ова решение да го протурка и да влезе исто така во аранжманот со ММФ, така што никогаш од ММФ нема да добиете воодушевувачки оценки за овој закон, затоа што е надвор од матрицата на постапување на ММФ, така што оценките на ММФ за ефектите на примената на овој закон треба да бидат гледани со резерва, затоа што на ММФ не му одговара ниту многу луѓе да бидат вработени по овој закон, затоа што по тој

основ се одлеваат големи средства од буџетот, ниту пак му одговара да бидат многу малку луѓе вработени по основ на овој закон, затоа што тоа би говорело за една лоша проекција.

Инаку, за информација на пратениците, не мора да чека министерот да дојде за пратеничко прашање секој ден податоците за дневното движење по овој закон се достапни на веб - сајтот на Заводот за вработување и пратениците можат да ги следат и по дејности и по структура и по број и по градови, така што целиот процес е максимално транспарентен, како ниеден процес досега во оваа сфера.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Господине Јордановски, дали сте задоволни од одговорот.

ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сум задоволен но моето презадоволство всушност ќе биде со тоа што сметав дека господинот Борис Трајковски треба да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотреби институцијата претседател и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навреди граѓаните и повреди нивните елементарни права.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Јордановски, меѓутоа да се држиме до Деловникот јас би ве молела сите.

Процедурално има г. Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Забелешката ми е во должината на искажувањето на министерот, со што во суштина се дерогира оваа функција на пратенички прашања. Инаку, во училиште кога бевме за добра оценка кратко се одговараше. Тој што не го знаеше одговорот долго одговараше. Затоа мислам да се концентрираме под функцијата на пратеничко прашање, добиваме објаснување кое што во редовна прес конференција може министрите да ги дадат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам за забелешката, меѓутоа искажувањето на министерот беше во случајот во рамките на дозволеното.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас сум изненаден од забелешката, затоа што сметам дека принципот на отчетност и транспарентност на министрите пред пратениците токму треба да се огледува во вакви излагања. Инаку, мене ми е најлесно да ви кажам дека ќе добиете писмен одговор. Така што јас мислам дека должината и прецизноста на излагањето е во функција на контрола на законодавниот дом врз извршната власт. Мене ме чуди што така ме сметате и доколку вие ми поставите прашање за вас ќе бидам екстремно краток кон одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред за поставување на прашање госпоѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Моето прашање го упатувам до Владата на Република Македонија, а се однесува на времето кое ја зафати општина Кавадарци и Тиквешијата. Бидејќи невремето се случи, бидејќи настана штета во утврдениот обем, мора да се делува практично и брзо.

Во таа смисла дозволете ми да изнесам некои факти во однос на спомнатото невреме и од извештаите на пратениците кои се направија во таа смисла.

Сите имавте прилика преку медиумите да го проследите тоа. Невремето беше со обилни врнежи од дожд и град, проследени со силен ветер и предизвика штети и последици од катастрофални размери во земјоделието, особено во лозарството, комуналната инфраструктура и домаќинствата.

Врз основа на Законот за елементарни непогоди е единствената методолоција за процени на штети и елементарни непогоди, Советот на општина Кавадарци формира Комисија за процена на истите. Извештаите се проследени до ресорните министерства.

Извештајот од оваа Комисија говори за невидени последици, особено по лозовите насади, кои во одредени месности се оштетени од 70-100%, а во останатиот дел од 30-70%. Зафатените површини од невремето на лозов насад изнесуваат 3275 хектари, што претставува една половина од вкупните лозови плантажи во општината, кои се во сопственост на правни лица и на индивидуалните

земјоделци. Исто така има штета и на посевите со житни култури на површина од 141 хектар.

Покрај штетите во земјоделието констатирани се и утврдени последици и штети во комуналната инфраструктура и домаќинствата и тоа штети од наноси, срушени ѕидови, еродирани улици, уништени полски патишта, оштетена канализациона и водоводна мрежа, оштетување на асвалтираните улици на локалните патишта, поплавени се домови, а особено настрада и Медицинскиот центар во Кавадарци. Со еден збор на 18 мај низ Кавадарци и Тиквешијата помина вистинско торнадо и ги предизвика наведените штети, во проценет износ од 496 милиони денари.

Особено е важно сметам да се истакне моментот дека годинава земјоделските култури претрпеа комулативна штета и тоа од мрзнењето во месец април годинава, а исто така од минатогодишната суша и минатогодишниот мраз. Така да како на краткорочен така и на долгорочен план ургентно и превентивно делување за рехабилитација на виталитетот на земјоделските култури, а исто така и на финансиската кондиција на земјоделските производители.

Поаѓајќи од потребата за итност од ублажувањето на последиците од невремето, до Владата на Република Македонија од името на граѓаните од општина Кавадарци, упатени се барања и тоа во однос на штетите предизвикани од земјоделието, во однос на штетите предизвикани во комуналната инфраструктура и домаќинствата, а исто така упатени се до соодветните министерства како што веќе кажав.

Во контекст на кажаното моето прашање, или поточно барање е дали Владата на својата прва наредна седница ќе ја разгледа оваа информација од Советот на општина Кавадарци за настанатите штети и кои мерки ќе ги превземе во однос на упатените барања.

Исто така, имам една посебна замолница за поддршка од Владата преку соодветните министерства, бидејќи како општина имаме аплицирано проекти кои веќе се влезени во процедура пред меѓународни фондации и организации за кој услов е поддршката од соодветното Министерство, особено од аспект на можноста со ваква поддршка преку реализација на овие проекти да се решат, санираат и ублажат еден дел од настанатите штети.

Дозволете ми од позиција на лаик во процесот на планирање во земјоделието да резимирам. Значи мора да се делува од три аспекти. Долгорочно да се сочува основата за одржливост на системот на земјоделие во Тиквешијата,

среднорочно да се делува превентивно во смисла на рехабилитација и одржување на виталитетот на земјоделските култури и краткорочно односно веднаш рехабилитација на финансиската кондиција на земјоделските производители да можат да обезбедат минимум на производство со кое би се обезбедило некое елементарно ниво на социјален опстанок, а исто така и прашањето на реорганизација на системот на заштита од град.

Имам и второ прашање, тоа прашање е до министерот за здравство и се работи за следното: со акт број 01-104/1 од 14.11.2002 година, со приложена документација, здружението на пензионери од Кавадарци се обрати до ова Министерство, со цел истото да даде согласност на договорот склучен помеѓу Медицински центар - Кавадарци и ова здружение за отстапување на простор од поранешната општа амбуланта на Медицинскиот центар, која одамна е испразнета. Актот во Министерството е заведен под број 1110320 од 15.11.2002 година. На 17 јануари годинава ургирано е до спомнатото Министерство, при што повторно е доставена копија од целокупната документација. Поконкретно уште од поодамна, од средствата за станбена изградба на корисниците на пензија од Кавадарци за изградба на болницата е зафатена сума од 16 милиони денари, во противвредност од 230 илјади германски марки, со договор меѓу двете страни. Тогаш Медицинскиот центар се обврза по вселувањето во новата болница да отстапи во корист на здружението на пензионерите дел од стариот простор. Што се случувало во овој долг меѓу период, нема потреба да раскажувам, има тука документи, ги има документите и во Министерството за здравство, само би сакала да го истакнам моментот дека по извршената трансформација на општествениот капитал, сопственик на спомнатите објекти е Република Македонија. Така да сега отстапувањето може да се изврши само со одлука на Владата, на претходна согласност од Министерството за здавство. Бидејќи двете страни од оваа ситуација, би рекла ситуација, затоа што не постои конфликт, недоразбирање или такво нешто. Со оглед дека во меѓувреме бројот на членовите на ова здружение е прилижно зголемен, тие навистина имаат потреба од простории, биле доволно толерантни и солидарни и имаат потреба сега од повеќе простории за општествен живот и активности.

Така што, моето прашање е и барање дали воопшто е започната некаква процедура по ова прашање, бидејќи навистина не постои фактички или правен проблем и во името на Здружението на пензионерите од Кавадарци, апелирам оваа постапка што е можно побрзо да се реализира, бидејќи веќе тие

имаат можности и намери одредени со одредени средства да го адаптираат овој простор за свои потреби.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам госпоѓа Андова, првото прашање беше упатено до Владата на Република Македонија за мерките што ќе ги превземе, меѓутоа предлогот е да одговори министерот за земјоделие, господинот Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Материјалите што ги презентира пратеникот во текот на вчерашниот ден од градоначалникот на Кавадарци се доставени до Министерството во Владата на Република Македонија и со оглед на тоа дека постои пропишана процедура според која овие материјали одат прво на Комисија, потоа на седница на Влада. Она што можам да го изјавам во најбрз и најкус можен рок, што не се исклучува и на првата наредна седница, освен ова што е во понеделник, ова барање што е на општината Кавадарци, заедно со целокупниот преглед на штетите и причините за тоа да бидат разгледувани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Андова дали сте задоволни од одговорот.

АНА АНДОВА:

Да, во ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со второто прашање. Беше упатено до министерот за здравство, господинот Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Министерството за здравство по разгледувањето на овие акти и допоси, што беа спомнати од пратеникот, ќе доставиме писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали е во ред госпоѓо Андова?

АНА АНДОВА:

Исто така би преферирала писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата.

Моето прво прашање е до министерот за образование и наука. Пред еден месец го поставив прашањето околу финансирањето на проектите што се основна дејност на националните институти и тоа: Институтот за македонски јазик, Институтот за национална историја, Институтот за спорт и култура и Институтот за фолклор. Научниците таму одат на работа, но не можат да вршат научно - истражувачка дејност, бидејќи од Нова година до сега, т.е. цели пет месеци немаат добиено ниту денар за својата основна научна дејност.

Кога го поставив тоа пратеничко прашање пред еден месец ми беше одговорено дека за 2-3 дена ќе им бидат испратени материјалните средства за реализирање на нивните научни дејности, на нивните научни проекти. Ја изгламија јавноста во Република Македонија околу ова прашање.

Моето прашање гласи - Дали навистина имате намера да ги финансирате националните институти во Македонија или со нефинансирање сакате да ги уништите овие институции од анционален интерес за макеоднскат анаука и држава?

Второто прашање е упатено до министерот за екологија и заштита на животната средина и до министерот за надворешни работи.

После долги, тешки напори успеавме да направиме систем за полнење на Дојранското Езеро, што веќе беше уништено. Сега, кога веќе има реална шанса да се спаси од негово исчезнување, од грчка страна сеуште постојат безброј пумпи за наводнување на Грчка територија, што го испразнува Дојранското Езеро. Тоа значи ние од една стран аго полниме, а тие од друга го празнат, особено сега кога започнува сезоната за наводнување.

Прашањето гласи - Што презема Министерството за екологија за затворање на исцрпните пумпи поставени на Грчка територија, а до Министерството за надворешни работи - какви чекори презема на дипломатски пат со Грција и на

меѓународен план,  актуелизирајки го прашањето на  највиско ниво во заштита на човековата средина, т.е. на Дојранското Езеро, како дел од Светот.

Третото прашање е упатено до министерот за внатрешни рбаоти. Од информативните средства сме запознаени дека разрешениот владика Јован имал криминални дејствија. Тоа го изјавува Светиот Синод, Велешката Епархија и пратеникот Трифун Костовски.

Прашањето гласи - Бидејќи има индиции дека разрешениот владика Јован има криминално дело, зошто не се стави во притвор, како што се ставаат многу други лица за кои се има сомневање дека извршиле криминално дело? Ако на тоа може да се додаде дека истиот тој тип многу активно работи на разнебидување и подривање на макеоднската самобитност, државност и Црква и тоа перманентно преку цела година.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Министерот за образование и наука. Присутен е заменикот министер господинот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ.

За волја на вистината, одговор на тоа пратеничко прашање беше дадено во функција на објаснување дека е потребно, согласно со Трезорското работење, потребно беше до  Министерството за финансии да се достават усвоени програми за научно-истражувачка дејност. Таа програма е усвоена од страна на Владата, доставена е до Министерството и сега не постојат пречки во однос на дистрибуција на средствата. Сега постојат пречки од материјален аспект, бидејќи приливот на средства е навистина мал. Сугерираме дека во буџетската ставка ќе се соочиме со вакви проблеми. Се обидуваме да ги надминиме. Работата малку се усложни, бидејќи првите три месеци имавме времено финансирање и, согласно со таа ситуација на времено финансирање беше потребно само по една дванаестинка да се доставуваат средства што навистина беа мали за научно-истражувачките проекти што беа во тек. Ситуацијата се подобри, од април наваму, и освен слабата состојба со материјалните средства не постојат други пречки. Правиме напори материјалните средства што се на располагање правично да ги распределиме спрема бројките што имаат приоритено значење.

Вашата констатација во однос на интересот на државата за запоставување на националните институци и нивната работа е депласирана. Ние и декларативно, како

Министерство и Владата сме изразиле подготвеност да ги поддржуваме, особено што во последните месец дена дури овозможивме кадровско освежување во неколку национални институти. Значи, единствена пречка околу реализацијата на проектите е слабата материјална состојба во таа ставка, слабиот прилив на средства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволни од одговорот

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Помошник заменик министерот не ми одговори кога тоа ќе се дадат пари на луѓето да работат. Сега тие одат на работа, а ништо не работат. Немаат услови за научна истражувачка работа. Не вртшат истражувања, не пишуваат, не објавуваат трудови. Тогаш, каква е нивната цел таму? Значим помошник министерот не ми одговори кога конечно тие ќе добијат пари за да работат. Тоа е исто како професорите да одат на факултет, а да не држат настава. Кога ќе добијат пари за нивната работа. Тогаш рековте за два до три дена, сега неопределено. Луѓето таму пак ќе живеат во неизвесност. Не знаат кога како. Помина годината. Ако може да даде ветувања кога тоа ќе заврши.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Герамитчиоски, повелете.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Мислам дека ви одговорив. Штом приливот на средства стане позначаен, согласно со усвоената програма за научно истражувачка дејност и распределбата на средствата и усвоените проекти од националните институти, само што вашата информација дека нема распределба на средства на сите институти не е целосно точна. Распределбата на средства е започната, само што не во овој  обем и форма бидејќи има недостиг на средства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање се однесуваше на Министерството за екологија и животна средина. Има збор г-динот Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Кога се почнуваат капитални проекти, како што е проектот “Спас за дојранското Езеро”, прво треба да се направи подлога тој проект да биде одржлив. Значи, пред почнување на проектот требало да се воспостави, да се потпише билатерален договор за интегрално управување и заштита на Дојранското Езеро. Бидеј”и тоа не е направено, а проектот е почнат, доведен до состојба што е денес,

знажи состојба пред завршување наша обврска е тој проект да го завршиме и водите од системот Ѓавато потечат кон Дојранското Езеро.

Меѓутоа, паралелно со тоа, не можеме да навлеземе во туѓа територија да ги сопреме бушењата на бунари или црпење на вода од тие бунари што се во непосредна близина на Дојранското Езеро, без да постои таков билатерален договор. Значи, понатаму, активностите на Министерството за животна средина се да во соработка, преговори со ресорното министерство во Република Грција, преку влијанија од земји членки на ЕУ, да се постигне тој билатерален договор. За нас има позитивни сигнали од грчката страна на последната Министерска конференција во Атина каде сите три езера беа ставени на листата на езера на земји од ЕУ, што заедно со Скадарското Езеро треба да бидат приоритетни во заштитата. Грчката страна пројави позитивни сигнали и за заштита на Дојранското Езеро. Значи, понатамошните активности на Министерството за животна средина се во правец за потпишување на билатерален договор што ќе води сметка за интегрално користење и заштита на водите од Дојранското Езеро.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова прашање беше упатено и до Министерството за надворешни работи. Има збор заменикот на министерот.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Мислам дека на прашањето одговори министерот за животна средина. Доколку пратеникот може официјално да ги потврди исказите дека грчката страна користи вода од Дојранското Езеро, единственото што може во тој момент да направиме е да ја инстсруираме нашата Канцеларија за врски во Атина да побара објаснување од Грчките институции, од грчките органи на власта зошто тоа го прават.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Горгиевски дали сте задоволен од одговорот на прашањерто?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Не сум задоволен, бидејќи Министерството за екологија досега требаше најмалку 10 пати да се состане со луѓето од Министерството за екологија во Грција. Да каже какв трагедија се служува и да врши влијание. Ако, не бара по негово барање, тој нема да го покрене да ги затвори пумпите што црпат вода од Езерото. Значи, агресивно настапување, треба перманентно да се застапува, на секоја средба, преку амбасадата, преку личните средби, да го покани тука, да појдат на

Дојранско Езеро. Значи агресивно настапување во барањето за надминување на катастсрофалната состојба на Езерото.

До министерката за надворешни работи, на сите меѓународни форми, на највисоко ниво да го поставува. Таков Центар за екологија во светот има во Букурешт, во Париз, во Лондон. На тие меѓународни високи форуми да се постави. Луѓе, исчезнува една убавина, една еколошка средина во Дојран. Тоа е катастрофа за светот. Не само за македонците. Земјината топка се осиромашува со многузначајно место, Езеро. На меѓународен план тоа да го издигнеме. Тоа не е локална работа. Само тоа, барам писмено да ми се одговори каде досега е поставено ова прашање на меѓународен план и министерот за екологија колку пати се сретнал со министерот за екологија на Грција, да го постави прашањето во таа билатерала, на тоа високо министерско ниво.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали ќе дадете дополнителен одговор? Има збор г-динот Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Се разбира дека г-динот Михајло Георгиевски не ги следи активностите и на Министерството за животна средина, а и на други ресорни министри од Република Грција што ја истакнуваат потребата за соработка, поинтензивна соработка во сферата на екологијата на Република Грција и Република Македонија.

Преку Амбасадата на РМ, во Република Грција веќе е покрената иницијативата за средба помеѓу министерот за животна средина од РМ, и од Грција. Понатаму, на сите нивоа се делува околу проблемот на Дојранското Езеро.

На локално ниво, градоначалникот на општина Стар Дојран е во постојана врска, контакти со општините што гравитираат кон Дојранското Езеро. На тоа ниво преку своите колеги од другата страна на границата влијаат на самото Министерство за животна средина во Р.Грција.

Огромни се активностите и на невладиниот сектор во врска со ова прашање. Ја користиме секоја можност, на секоја меѓународна конференција, на секоја мултилатерална средба да го потенцираме проблемот со Дојранското Езеро. Не гледам тука причина да г-динот пратеник дава вакви оценки, бидејќи ова требало да биде направено многу порано. Се прашувам, зошто и претходната Влада не постапила така агресивно, па прво да склучила билатерален договор и потоа да влезе во инвестиција што чини 16,5 милиони евра. Сега се наоѓаме во ситуација да ние влечеме она што е веќе направено како последица.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи г-динот Никола Поповски, претседател на Собранието на РМ)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори г-динот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Како одговор на пратеникот Михајло Георгиевски, би сакал да кажам дека ожиглендо она што ние го кажавме како метод на рбота на Министерството за внатрешни работи дека нема јавно да објавуваме поднесувања на кривични пријави со име и презиме, со слики, очигледно функционира. Пратеникот Георгиевски очигледно не е запознаен дека кривични пријави веќе се покренати спрема определени лица што ги спомна во прашањето.

Инаку, во ноември минатата година, заради злоупотреба, фалсификување и измама во Велешката епархија поднесена е кривична пријава против благајникот на Велешката еперхија и одредена е мерка притвор. Но, за да не се збунуваме надолу во натамошниот тек од одговорот, треба да е јасно дека Министерството за внатрешни работи не ја определува мерката притвор. МВР дава предлог до Јавниот обвинител и во натамошната постапка истражниот судија е тој кој донесува одлука за притвор или не, а не МВР.

Значи, на благајникот, за кривично дело измама и фалсификување на исправи во тој период му е определена мерка притвор од 30 дена. Истовремено, по истата постапка во текот на март 2003 година проширена е со посебен поднесок, исто од СВР Велес, проширена е и кривична пријава со вклучување на лицето кого г-динот Георгиевски го спомна во своето прашање. И тоа доста голема кривична пријава, со сите материјални докази, наводи што беа присутни и во дел на прашањето и во медиумите околу злоупотреби во работењето на Велешката епархија, Штипската епархија итн.

Според тоа, постапка во рамките на Министерството за внатрешни работи околу тој дел е завршена. Веќе се закажани рочишта. Пред десетина дена беше во основниот суд во Велес и веќе таа постапка е во рацете на судските органи. Но, уште еднаш, МВР не е тој кој носи решенија за притвор.

Деновиве беше актуелно прашањето околу МПЦ. Би сакал како одговор на ова прашање да го потврдам јасниот став на Владата, дека Владата стои зад македонската православна црква со многу јасен изразен став, меѓутоа и со практични мерки. МПЦ е пред се за македонскиот народ, независно од тоа дали некој од странство или Српската Православна Црква размислуваат поинаку. Тоа

работење е регулирано и со Закон за верски заедници. Во членот 3 од тој закон јасно се наведува дека верски работи, верски обреди во РМ, може да врши само регистрирана верска заедница односно религиозна група, во членот 5 наведува дека странски државјанин може по барање на верска заедница односно религиозна група да извршува верски работи и верски обреди по претходно одобрение на органот надлежен за вршење на верските  заедници и религиозните групи.

Пред два дена од страна на МВР до сите оддели на полиција, до сите гранични премини се достави наредби дека никакво свештено лице од друга држава кое нема добиено било какви претходни согласности и од МВР од аспект на претстој и  движење на странци и од Комисијата за односи со верските заедници за богослужби нема теоретска шанса да влезе во РМ, и да ја злоупотребува црквата или определени лица за свои и други цели.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен г-дине Георгиевски од одговорот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Не сумм  задоволен. Задоволен ќе бидам кога тој човек ќе биде притворен, затворен и прогонет од Македонската држава, бидејќи прави голема штета. Направи и криминална штета и државничка, во заштита на државата. Тогаш ќе бидам задоволен.

ХАРИ КОСТОВ:

Па и господинот Михајло Георгиевски, за да како пратеник овде успешно ја врши својата функција треба да ги познава законите.

МВР не е тоа кое може некого да осуди, да избрка од државава. Меѓутоа, кога вакви декларации само дава, тогаш би сакал да го прашам. Сите овие кривични дела што ги спомна пратеникот Георгиевски се 1999, 2000, 2001 година. Лицето што го спомна јасно беше во кои предизборни кампањи, за кои луѓе се вклучуваше. Според тоа, г-дине Георгиевски, ако мислевте дека требаше активности да се преземаат имавте до 2001 до 2002 година многу практични мерки како тоа да го направите. А не сега само декларации да давате дека тој е тој, МВР не е институција што затвора, протерува од држава, донесува судски пресуди. Оваа постапка може да оди само во рамките на законот. Владата ќе спроведува закони, а не декларации, реваншизми или тоталитаризми, како што ги спомнувавте по претходното прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, би сакал да се договориме за следново.

Имаме уште 45 минути работа. Како и обично никогаш нема да стасаме за сите кои се јавиле.

Ако сите се согласувате да продолжиме со систем секој пријавен едно прашање да поставува, ќе има поголем број на луѓе кои ќе постават. Ако не, тогаш продолжуваме нормално како што е редоследот.

(Реакции од страна на пратениците дека досега се работело до 19,00 часот кога се поставувале пратенички прашања).

Не работиме до 19.00 часот. Така работевме кога почнувавме од 11,00 часот. Сега почнуваме нормално од 10,00 часот.

(Пратеникот Караџоски реагира во смисла дека е постигнат договор да се работи до 19,00 часот кога се поставуваат пратенички прашања).

Не. беше за една седница договор до 19,00 часот, на ваше барање и на втората повторно до 19,00 часот на ваше барање, а потоа продолживме секогаш до 17,00 часот. Јас разбирам дека пет пратеници можат сега да останат во салата, да си ги постават своите прашања, меѓутоа имаме министри од 10,00 до 17,00 концентрирано да зборуваат постојано. Да имаме обзири кон нив. Не можеме да им продолжуваме, дошле од 10,00 до 17,00, да им кажеме ќе работиме до 18,00, до 19,00 постојано.

Значи, продолжуваме во рамки на Деловникот.

Тука е присутен и заменик на претседателот на Владата. Не се присутни само министрите.

Според редоследот, од ЛДП се пријавени Лилјана Поповска, па Слободан Најдовски.

Ми соопштија дека има некоја промена во редоследот?

Значи, има збор г-динот Најдовски.

Повелете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Имам две прашања. Првото е до Владата, може и министерот за економија или кој ќе оцени да одговори.

Прашањето е што се размислува и што се предвидува околу приватизацијата на јавните претпријатија од локален односно општински карактер.

Имено, дали се предвидува донесување на посебен закон за приватизација на јавните претпријатија од локално ниво? Сспоред Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал беше предвидена таа можност дел од јавните претпријатија што беа на општинско ниво се приватизира, но преку 95%

случаи останаа неприватизирани. Сметам дека е потребно едно законско решение со што би се унифицирала постапката околу приватизацијата на Јавните претпријатија од локален карактер, особено за дејности од комерцијален карактер, со што би се зголемила конкуренцијата, би се подобриле услугите и намалиле цените на услугите.

Второ, заради тоа што вработените во јавните претпријатија се тие кои останаа со најкратки ракави во процесот на приватизацијата во Република Македонија.

Тоа е првото прашање. Може усно, а може и писмено како ќе оценат претставниците на Владата.

Второто прашање е до министерот за земјоделие. До каде е со проценките за штетите кои ги претрпеа земјоделците, предизвикани од ниските температури на 9 април кои ги зафатија Битола и соседните општини, односно новоформираните општини. Посебно, до каде е со проценките за штетите кои ги претрпеа овошките во Општина Бистрица и кои мерки ќе се преземат за ублажување на последиците од штетата.

Со оглед на тоа што и овде се потребни поголем број на податоци и согледувања и тука може писмено да ми се одговори.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На првото прашање министерот за локална самоуправа Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Со последните измени на Законот за јавни претпријатија, вклопени се и локалните јавни претпријатија и кај нив може да се започне процесот на трансформација, дел на суштинските и оние основни работи за кои е основач локалната самоуправа. Тоа е еден процес кмој може да се започне и кој во одредени јавни претпријатија е започнат.

Со делот на спроведување на реформите на локалната самоуправа, особено на делот на децентрализација и трансфер на надлежности, во планот или програмата за работење на Владата на Република Македонија, особено во планот за децентрализација е предвидено измена и дополна на целокупната законска регулатива, која го регулира ова прашање. Пред се и делот на Законот за јавни

претпријатија, особено на делот на функционирање на кмомуналните дејности на комуналните претпријатија.

Сметам дека Владата на Република Македонија во најкраток можен рок, согласно Програмата за трансфер на надлежности, ќе го заокружи и целосно ќе го регулира прашањето кое во основа, морам да укажам и она што укажува и самиот пратеник, дека состојбата во локалните јавни претпријатија е доста тешка, загрижувачка, а се грижат за основните животни потреби на траѓаните, водоснабдување, изнесување на смет, комуналната хигиена, канализација, одржување на колекторите и слично. Сметам дека ова прашање ќе биде целосно регулирано од нормативен аспект и давање на можност за одделување на оние делови кои можат да се приватизираат, транссформираат или на најважен дел, тоа е делот на издавање под концесии.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Најдовски. Дали имате дополнително прашање?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Немам дополнително, задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање беше поставено до министерот за земјоделство Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Проценката на штети што се врши во случај на постоење на настапување на такви од страна на Министерството исклучиво во функција за следење на состојбите во земјоделието и предлагање на донесување на мерки од страна на Владата на Република Македонија за елиминирање на таквите последици.

Вториот начин на проценка на износот на штетите е утврден со два закони. Едниот е Законот за заштита од елементарни непогоди, објавен во Службен весник на Република Македонија 39/77 и вториот дел, односно вториот закон, односно норма која го регулира прашањето за проценката е Правилникот за единствената методологија за проценка на штетите од елементарни и други

непогоди донесен во 2001 година, објавен во Службен весник на Република Македонија 75/2001 година.

Постапувајќи по првиот Закон, Министерството со свои комисии заради следење на состојбите и осмислување предлагање и донесување на мерки во земјоделието, заради стимулација или помош на земјоделците, направи општински комисии кои што заедно со централна комисија за Министерството ги обиколија сите терени опфатени со елементарната непогода мраз. Врз основа на тоа донесени се првите резултати, односно првите резултати од работењето на комисијата кои што утврдуваат дека кај 17 земјоделски производи, заради заштета на времето тој дел од нештата нема да го елаборирам, се утврдени штети кои што се движат од 1,7% па до 40%. Тука влегуваат градинарските култури, житните култури, бостанот и да не ги набројувам. Тој дел од работата на Министерството е завршен, материјалите се систематизирани во Министерството и ќе се употребат во моментот кога ќе биде потребно околу мерките што треба евентуално да ги донесе.

Вториот дел на прашањето за тоа какви се штетите во Битола, односно и околината, укажувам дека според наведените прописи што ги цитирав погоре, советот на општината формира комисии кои што треба да ја извршат проценката и да ја утрдат висината на штетата во денари, односно по основ и на висина и дали и колку таква работа е завршена, Советот на општина Битола и соседните општини, во овој момент не можам да одговорам, затоа што податоци немаме за тоа. Би било пожелно, во тој дел прашањето на пратеникот да биде упатено до надлежните единици на локалната самоуправа, дали и колку во тој дел постапиле и утврдиле одредени факти.

Најпосле, во делот на прашањето за одговорот на мерките што треба да се преземат од страна на Владата на Република Македонија во поглед на настапување на штетите во овој момент не можам да кажам ништо, освен она што веќе го кажав, а имено дека работите се следат, дека фактите се утврдени и прашањето за тоа колку и дали ќе се интервенира во тој дел, ќе зависи од одлукат на Владата на Република Македонија откако сите податоци ќе бидат собрани на едно место и врз основа на нив ќе биде донесена соодветна одлука. Доколку пратеникот остане при барањето да се утврдат процентите на настапената штета, со висината на температурите што се измерени за периодот за кој што наведува, Министерството може таква информација да му достави во писмена форма од која што ќе може да види каде и во кои производи процентот на оштетувањето е најголем

и каде е вообичаен, односно нормален, а каде е испод, односно на незначително ниво.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Најдовски?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот, но може овие податоци кои што и министерот рече дека може Министерството да ги достави, да ги добијам, за да имам поцелосни согледувања и да можеме да преземеме понатамошни активности.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Тоа претпоставувам дека во рамки на договор меѓу вас ќе го направите.

Госпоѓа Бонева. Да ја чекаме, или да одиме понатаму?

Ристо Пејовски. Сепак, Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Моето прво прашање е до министерот за образование и наука. Се однесува на подрачното осумгодишно училиште во село Моноспитово кое што работи во склоп на Основното училиште Маршал Тито од село Муртино. Во ова училиште учат 280 ученици и тоа не само од Моноспитово, туку и од село Буриево. На 14 февруари 2003 година по налог на министерот за образование и наука, направен е инспекциски надзор и од извршениот надзор на училишниот објект се констатира дека истиот не ги задоволува условите, согласно педагошките стандарди и нормативи за успешно изведување на воспитно образовниот процес. Можам да кажам дека училиштето нема санитарен јазол, односно санитарниот јазол се наоѓа 100 метри оддалечено од училиштето во кое што нема ни вода. Исто така нема вода ниту во зградата и со тоа е отежнато одржувањето на хигиената и се доведува во прашање здравјето на децата. Електричната инсталација е дотраена и претставува опасност по животот на учениците. Да не зборуваме за кровот на објектот кој е

пропаднат, подот дотраен и гнил, за столаријата и за тоа дека воопшто нема никакви надгледни средства. Училиштето има над 7000 книжен фонд, но поради немање на соодветен простор воопшто не функционира и во записникот од надзорот стои дека до Министерството за образование и наука е проследено барање за реконструкција и доградба. Последното барање е доставено на 4 февруари 2003 година и во самиот записник на крајот е заклучено дека има потреба од интервенција од срана на Министерството за образование и наука.

Од сето ова што го наведов, очигледна е загриженоста на граѓаните на село Моноспитово и Бориево, за условите во кои што учат нивните деца, за квалитетот на образованието кое го добиваат во училиште без нагледни средства, без кабинети и минимални хигиенски услови.

Бидејќи сега е веќе крај на учебната година и е најповолен период за изведување на градежни и други работи, прашањето мое до министерот за образование и наука е кога ќе с4е отпочне со доградба на училиштето и реконстриукција и дали конечено новата учебна година учениците од ова училиште ќе започнат во ново училиште со пристојни услови за работа.

Второто прашање исто така е до министерот за образование. Во почетокот на учебната година беа распишани огласи за повеќе работни места во повеќе училишта во државата. За пример само ќе наведам неколку овде од Скопје, Основното училиште Ацо Шопов. Гоце Делчев, Васил Главинов, Арсение Јовковски и други, сите овие работни места беа огласени на неопределено работно време и по нив училиштата извршија избор на кандидатите, но до денес не се спроведува до крај огласната постапка за вработување на неопределено работно време. Од страна на училиштата и подрачните единици е постапено по сите укажувања на Министерството. Доставени се барања за согласност за финансирање на работните места, но резултати сеуште нема.

Кога ќе бидат реализирани до крај огласните постапки на неопределено работно време, бидејќи се работи за постојани работни места кои се со старо финансирање и дали педагошки е оправдано менувањето на повеќе наставници во една иста паралелка, во една иста учебна година или една генерација без причина, бидејќи по итност во една година може само еднаш да биде вработен кандидатот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

По однос на првото прашање точни се констациите на пратеничката. Ние според информациите кои што ги добивавме од теренот од тие прични испративме инспекциски надзор да ја утврди фактичката состојва, да направи некоја проценка и тоа веќе е извршено. Согласно со таа проценка изготвени се одредени материјали во кои што се направи проценка за потребните висини на средства кои што треба да се пренасочат за интервентна употреба во ова училиште. Тоа е веќе во завршна фаза, се надевам дека за многу кратко време можеби наредниот месец, ќе започне реконстдрукцијата на училиштето.

Што се однесува до второто прашање и таа констатација е точна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прво за првото прашање, да видиме од овој одговор. Да завршиме, може така? Госпоѓа Бонева. За првиот одговор, дали имате дополнително прашање, или сте задоволна од одговорот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не, немам дополнително прашање. Да се надеваме дека за доброто на децата. Министерството навреме ќе изврши, сето она што е потребно да се реконструира училиштето и да се догради, за да може новата учебна година да започне во нормални услови за работа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Сега за второто прашање господин Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

По однос на второто прашање, да, точна е констатацијата дека поголем број на случаи на наставници кои што се примени по конкурс на неопределено работно време сеуште чекаат на согласност и не можат да го регулираат својот работен статус во Бирото за вработување, иако примаат редовно плата, се на платниот список во Министерството за образование и наука, ги уживаат сите оние бенефиции, права, кои се регулирани за вработените, само што не можат да го регулираат статусот. Во нас не е проблемот, министерот го потпиша оној дел на

потребни решенија кои што понатаму се доставуваат до Министерството за финансии. На министерот за финансии му беше потребно подетално образложение за овие случаи, веќе таа консултација е обавена, мислам дека недоразбирањата се отстранети. Во прво време се мислеше дека станува збор за нови вработувања, а знаете дека постои некоја акција за рационализација. Значи, овие не се нови вработувања, туку се вработувања кои што веќе се извршиле по конкурси по тек. Се надевам дека топката е во Министерството за финансии, за брзо време дека ќе се заврши оваа процедура и луѓето ќе го регулираат својот статус. Во меѓувреме, после неколку консултации, ние направиме пречистување на списоците, морам да кажам дека имаше можеби до 30% неправилности, да не дадам некоја потешка квалификација од која природа се. Навистина се направени злоупотреби во кои што иако не ги имале оние услови кои што во конкурсот биле распишани, биле дефинирани, сепак биле примани на неопределено време. Тие случаи беа исчистени од списоците, намалена е бројката, се надевам за многу кратко време, и денеска со министерот имавме разговори дека ќе се затвори овој случај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Бонева, дали сте задоволна од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам за одговорот на господинот Герамитчиоски. Се надевам дека конечно ќе заврши оваа навистина непријатна ситуација за овие вработувања од образованието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитувани министри, колеги пратеници,

Првото прашање го упатувам до министерот за економија, а се однесува до металопреработувачкиот капацитет “Макемаил” од Струга. Ова е еден од двата поголеми и единствени индустриски капацитети во Струга и заедно со

фабриката "Стружанка" претставуваат најголеми апсорбциони капацитети за вработување.

Меѓутоа, практично, оваа фабрика претставува една комплетна неделива локациски и техничко технолошка целина, а инаку по производство, по структура на капиталот е со мешовита сопственост и тоа со 74% државен капитал и за заштита на истиот е поставен од неодамна и повереник на Владата на Република Македонија. Сега е во фаза да се измине патот на формално - правната постапка до целта за изнаоѓање на стратешки партнер. На 21 април оваа година отворена е стечајна постапка чија иницијатива потекнува од месец декември и поставен е стечаен управник со положен соодветен стручен испит.

На 14 мај вложена е жалба до Апелациониот суд во Битола од група самонаречени Одбор на директори во фабриката, со прилог допис од Агенцијата за приватизација до Агенцијата за блокирани сметки за запирање на стечајната постапка, а заради отпочнување парцијална распродажба на капиталот. Јас би рекла за разнебитување на овој индустриски капацитет.

Прашањето е, да се испита што се случило во меѓувреме да се промени ставот на Агенцијата за приватизација и да се претвори во став за парцијална распродажба на овој индустриски капацитет.

Ова дотолку повеќе што овој документ го поседува единствено само оваа неформална група на директори, а официјално не е доставен ни до стечајниот судија, ни до стечајниот управник.. Воедно, сакам да потенцирам дека ова министерство од пред шест месеци е вклучено со активности за зачувување на овој индустриски капацитет, како единствена техничка технолошка целина. Имено, Министерството изготви веб страница за личната карта на оваа фабрика и ја дистрибуира до сите амбасадори во Република Македонија, а со цел да побуди интерес за изнаоѓање стратешки партнер, кој ќе биде сериозен и одговорен и ќе го анимира и продолжи производниот процес.

Свесна сум дека одговорот на ова прашање бара време и испитување на состојбите, одговорот може да ни биде доставен и во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само едно прашање имате? Поставете ги сите прашања.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Не, уште едно прашање имам.

Второто прашање го поставувам до министерот за култура.

Струга е наречена престолнина на светската поезија, затоа што во неа се одржува една од најзначајните светски манифестации, а тоа е Фестивалот на Струшките вечери на поезијата. Овој фестивал нуди едни мостови на пријателство, со целиот свет и граѓаните на Струга и Струшко, преку оваа манифестација, веќе наназад 40-тина години, имаат позитивни влијанија од неја во подигнувањето на свеста и развојот на духот на интернационализмот. Меѓутоа, стружани реагираат дека оваа манифестација Струшки вечери на поезијата веќе тоа не е, го носи само името, а тие неможат да учествуваат во осмислувањето на настаните од одржувањето на оваа манифестација.

Имено, во Струга не постои дирекција за Струшките вечери на поезијата. Формално постои просторија, меѓутоа, таа неможе да се нарече дирекција затоа што нема директор. Затоа, стружани сметаат дека ако во Струга постои дирекција, тогаш Струшките вечери на поезијата ќе живеат цела година и ефектите од нив ќе се мултиплицираат не само за овие простори, туку и за целата држава.

Затоа стружани прашуваат и сакаат да им се објасни, ама едноставно и просто: како може дирекцијата на Охридско лето да е во Охрид а не во Скопје, што го поздравуваат, а дирекцијата на Струшките вечери на поезијата да е во Скопје, а не во Струга. Како можеше од востановувањето на овој фестивал на поезијата до 1993 година дирекцијата да биде во Струга и директорите да бидат од Струга. Исто така, во овие години, претседателот на Охридското собрание по автоматизам беше и член на Советот на Струшките вечери на поезијата. Што се случува од тогаш до денес, што се изменило? Дали поетска Струга нема кадровски потенцијал?

И на крајот зошто во Управниот одбор на оваа манифестација, Струшки вечери на поезијата која се одржува во Струга, нема ниту еден претставник од Струга.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање за претпријатието ќе одговори господинот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Намерата на Министерството за економија е навистина да се овозможи за повеќето претпријатија кои се на листата - ова претпријатие не е во листата на загубари, но без оглед на тоа, има проблеми во работењето и да се најде соодветен

партнер, за да може да ги активира, особено странски партнер. Ние со пратеничката повеќе пати разговаравме околу ова прашање, процесот беше тргнат, но искрено кажано во овој момент неможам да знам што се случува во последно време во Агенцијата за приватизација. Тоа ќе го нотирам и ведна ќе реагирам во врска со тоа дали се е преземено согласно легитимните акти и ќе доставам одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, ќе добиете дополнително одговор.

Има збор господинот Стефановски, министер за култура, во врска со прашањето за Струшките вечери на поезијата.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Струшките вечери на поезијата е манифестација која широко се издига дури над она што значи институција или манифестација од рамките на Република Македонија. Заради таквото чувство, ние го предложивме и веќе се големи можностите таа да биде во датите сместени во УНЕСКО. Затоа, во оваа прилика, на отворањето на Струшките вечери на поезијата ќе биде генералниот директор, господинот Мацура. Значи, од таа гледна точка, сигурно, Струшките вечери на поезијата се манифестација на која оваа држава, оваа Влада и ова Министерство даваат огромно значење и се сака да се издигне над она што денес значат Струшките вечери на поезијата и да биде манифестација во која учесниците и наградените ќе бидат под покровителство на УНЕСКО.

Второто прашање кое беше поставено околу Дирекцијата и Управниот одбор, за жал, до сега сите подготовки на таа манифестација се правеле во Скопје, а канцеларија немаше. Со оваа екипа на Министерството за култура канцелариите се во Младинскиот културен центар, бидејќи подготовките на манифестацијата секогаш се правеле овде во Скопје.

Зошто во Управниот одбор нема член, меѓу петте луѓе кои го претставуваат? Бидејќи за една таква манифестација никогаш не одиме со некој регионален или локален карактер, но сметаме на луѓе кои можат да ја завршат таа работа на најсоодветен начин. Тоа не значи дека нема такви луѓе, секретарот на Струшките вечери на поезијата е човек од Струга, писател. Директорот не е, меѓутоа, директорот има уште една година до пензија и јас како министер такви промени не сакам да си дозволам во првиот момент, да направам една манифестација која треба да има и континуитет. Значи, од тој аспект, сите тие промени, меѓутоа и сите

стапки треба да се прават постепено и со многу специфична арома, впрочем, како што е и поезијата. Таа е суптилна, таа не е наметлива, туку таа треба да допре до секој човек во Македонија, меѓутоа и пошироко. Тој дел, таа просторија и канцеларија не значи дека не треба да живее. Секретарот обично е оперативно лице што треба да ги извршува оперативните работи. Во овој момент, не можеме да ги вратиме работите како некогаш, бидејќи со Законот за култура се воспостави менаџерски принцип и на фестивалите и на институциите од културата. Значи, не можеме да се вратиме на тоа градоначалникот по функција да биде и претставник на Управниот одбор. Во секој случај, во јуни ако се донесат измените на Законот за култура, и директорот и управните одбори ќе се избираат на поинаков начин, директорите по пат на конкурс и тогаш ќе ги видиме сите иницијативи на луѓето кои се од Струга, но и од целиот реон и од целата држава, и оние што се најдобри да бидат и претставници. Има луѓе кои се родени во Струга, но сега не живеат таму и не значи дека тие помалку ја сакаат Струга. Такво прашање, посебно за ваков фестивал како што се Струшките вечери на поезијата и Охридско лето, кое пет години го водев, а не бев охриѓанец. Значи, Струшките вечери на поезијата широко се издигаат над сите интереси, реков многу пошироко и од самиот регион и од самиот Балкан. Тоа е една светска манифестација, која од следната година се надевам дека ќе биде во мапата на светските фестивали и со средства што ќе ги дава УНЕСКО.

Моето жалење е сега, можби човеко кој не живее во Струга, не е член на Управниот, тоа не значи дека утре нема да биде. Можеби утре директорот со институцијата конкурс ќе биде човекот од Струга кој ќе дава и најдобар конкурс и ќе даде една поинаква визија и поинакви перспективи на таа работа.

Значи, процесот не е запрен, тој е отворен. За мене е битно фестивалот да чекори со крупни чекори напред, да светот го признава и се чувствува на сите мердијани, впрочем, како што е насловено во сите тие точки што Струшките вечери на поезијата ги правеле. Овој пат доделувањето го определуваме да биде во “Света Софија”. Пред неколку години имаше еден проблем што го разрешуваме и мислам дека Управниот одбор разговараше и со локалната самоуправа, така што и таму се надминати проблемите. Сепак, културата да ја оставиме да има поинакви граници, да не се затвора во локални или регионални, па ако сакате и во државни граници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Јаневска дали сте задоволна?

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Делумно сум задоволна од одговорот на министерот. Се согласувам дека културата и поезијата е земја без граници, меѓутоа Струга живее од тој фестивал, на некој начин за тој фестивал, Струга испаѓа слепо црево ако и се одземат таквите доблести и таквата формално-правна структура на Дирекцијата да биде поставена во Струга. Струга и Скопје не се далеку. Струга е мултиетничка. Како таква црпи голема позитивна енергија за односите што се формираат во Струга и Струшко. Затоа ценам, но неучтиво ми е да спорам со министерот, а понатаму го држам ставот да го бранам ставот на моите сограѓани.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Пејоски.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Почитуван претседателе, со оглед на тоа што немаме време, јас би сакал само да ги прочитам моите три прашања и би молел писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа зависи од министрите. Ако велеземе во процедура, ќе ги довршиме.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Првото прашање се однесува, упаетно е до министерот за животна средина.

Дали министерот за животна средина може транспарентно да одговори врз кои критериуми е затворена Топилницата, односно кои еколошки мерки и параметри се пробиени и во кој обем?

Според неофицијални сознанија, еден од параметрите е дека максимално дозволената количина за кадниум е натфрлена за еден милиграм, како полуција и дали истовремено знае дека годишно преку отпадните води се одлеваат три тони кадниум во Вардар, што е опасност за здравјето на агрокомплексот низводно во Градско и Гевгелија и во Грција. Алузијата ми е дека овој проблем не е само велешки, туку регионален.

Второто прашање се однесува до истото Министерство. Сакам да прашам што значи обврзувањето на Топилницата за изработка на еколошко-технолошки елаборат што бил во процедура и треба до 3 јули да биде доставен до

Министерството за животна средина и просторно планирање, по кои, наводно, стриктно ќе се придржуваат.

Во склоп на ова прашање, мислите ли господине министре дека абсорпционите капацитети на природата и луѓето во Велес можат да ги прифатат дополнителните токсични резидии од Топилницата на цинк, кадниум, олово, талиум, жива, арсен односно дали сеуште постојат такви резерви во природата и луѓето.

Третото прашање е до министерот за здравство, ова прашање сакам да ми се одговори во писмена форма, го молам министерот за здравство да обезбеди информација за здравствениот статус на вработените во Топилнца "Злетово" што би содржел колку редовно се обавуваат систематските и периодичните прегледи во Топилницата "Злетово" и колку се транспарентни. Колку до сега се откриени професионални заболувања предизвикани од токсични метали и ако има предвремени пензионирања, по кој основ се и колку се?

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Пејоски, предлагам на првите две прашања одеднаш да ви одговори, мислам дека се за истата проблематика. Дали се согласувате? и двете прашања се за Топилницата и незнам дали ќе може да ги одвои.

Има збор господинот Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Се согласувам и мислам дека овие две прашања се поврзани едно со друго. Токму тргнувајќи од второто прашање, Министерството за животна средина и просторно планирање, преку работата на својот инспекторат, тргнувајќи од она што е определба на Владата на Република Македонија сегашен "Инвестас", односно Топилницата да работи по техничките критериуми и нормативи кои важат за оваа држава, согласно законските одредби врши постојана контрола на работата на "Инвестас". Согласно со таа контрола се извршени и двете времени запирања на работата на самата Топилница. По првото стопирање и по поднесените решенија, кои ја обврзуваат Топилницата да преземе конкретни мерки по однос на намалувањето на емисијата на штетни материи, пред се оловото и кадмиумот, согасно Законот, самата Топилница по отстранувањето на тие мерки кои што се предвидени со решенијата, поднесува барање до Инспекторатот да се изврши контрола на она што го има направено. Врз основа на тоа барање, Инспекторат

изврши повторна контрола и утврди дека поголем број од овие недостатоци беа одстранети и само на три мерни пункта остана надминување на оние технички пропишани нормативи за емисија на кадмиум. Согласн со тие наоди, Инспекторатот повторно времено ја затвори Топилницата заради отстранување на овие недостатоци.

Инаку, согласно законските нормативи, тоа е суштината на работата на Инспекторатот, односно на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно пропишаните стандарди да ја следи контролата, односно да врши контрола на емисијата на штетните материи и согласно со тоа да предлага мерки кои треба да ги спроведе овој капацитет.

Се разбира, она што значи техничко-технолошки елаборат, тој постоеше во самата Топилница, меѓутоа, тој не соодветствува на сегашната поставеност, односно сегашните услови во самата топилниа. За таа цел, Инспекторатот бараше да се ажурира целиот техничко-технолошки елаборат и Топилницата како законска обврска тоа мора да го прифати и да го реализира. Согласно тој техничко-технолошки елаборат, се врши контролата на самиот Инспекторат во работата на Топилницата и затоа тој елаборат е нужност кој што Топилницата мора да го ажурира и мора да го има во секој момент при своето работење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Пејоски, дали сте задоволен од одговорот?

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Од одговорот не сум задоволен, затоа што овој одговор се заснова на претпоставката дека во околината на Велес, самата околина, луѓето сеуште имаат капацитет и резерви, па под какви стандарди и да работи Топилницата во наредниот период, да прифаќаат уште токсични материи. Моето лично мислење, а и убедувањето е на јавноста во Велес дека во градот Велес и околината исцрпени се можностите да се прифаќаат дополнителни токсини од Топилницата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јаневски, дали на ова имате дополнителен коментар.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ:

Ние работиме според постоечката законска регулатива. Прашањето на пратеникот оди во правец да се смени законската регулатива, штетните емисии на

ваквите капацитети да бидат нула, тогаш во тој случај Инспекторатот ќе постапи според таквите законски регулативи. Инаку со постојната законска регулатива постапуваме согласно со овие стандарди, односно нормативи кои што се сега поставени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е поставено до господинот Реџеп Сељмани, министер за здравство.

РЕЏЕП СЕЉМАНИ:

Прашањето што беше поставено од пратеникот, се бараат детални информации врз основа на систематските прегледи за евентуални професионални заболувања кај вработените во Топилницата и врз основа на тие информаци и евентуални професионални заболувања за предвремено пензионирани, тогаш ќе доставиме писмен одговор на пратеникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Како што побаравте ќе добиете писмен одговор.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Имам едно кратко и актуелно прашање до министерот за економија. Повеќе од два месеци 2000 работници на Охридски “ЕМО” се во штрајк. За недоследната приватизација на “ЕМО” слушаме, читаме, а и Агенцијата за приватизација ја потврди во својот извештај. Наспроти тоа актуелното раководство продолжува да работи по стариот терк. Господине министре, што и кога ќе се направи, или превземе да се стави крај на маките и неработењето?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Министерството, заправо Комисијата за приватизација го разгледуваше прашањето на правилноста, односно неправилноста на приватизацијата на ЕМО - Охрид и, врз основа на податоците што ги имавме доставивме информации за прекршувањата, доставивме информација и до ЕМО-Охрид, исто така. Вработените таа информација ја имаат. Но исто времено, упативме барање до Министерството за внатрешни работи, за оценка на вложените средства, дали на тие средства е платен

или не е платен данок, значи, целокупната состојба во тој дел. Оној момент кога ќе се добијат податоците ќе можеме врз основа на тоа и соодветно да реагираме.

Второ, се бара, исто така, Информација за тоа дали претпријатието, ми се чини се вика “Арарат” е регисстрирано во земјата каде што е регистрирано и додека не се добијат податоци, за жал, ништо не може да се преземе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодрам.

Госпоѓо Гашоска,дали имате дополнително прашања?

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Незнам дали работниците на ЕМО ќе се задоволат со овој одговор, бидејќи реков дека повеќе од два ипол месеци чекаат, четири месеци без личен доход, без здравствена заштита и слично.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Ние навистина мораме да работиме согласно законите. Значи, не можеме ништо да преземеме ништо надвор од законската регулатива. Ниту Агенцијата за приватизација, ниту Владата ја имаат таа можност да ја прекинат приватизацијата, односно да го раскинат договорот.

Тоа може да се направи само врз основа на истражување и факти, но пак во судска постапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дојдовме до крајот на седницата. Бонус време за едно прашање од опозицијата, договорете се кој ќе го постави од преостанатите.

Има збор г-динот Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Пред да го поставам првото прашање, ќе ја искористам приликата да го запрашам заменикот министер за образование и наука зошто не ми одговори на прашањето на претходната седница, за поставувањето на вршител на должноста директор на Основното училиште “Крсте Петков Мисирков” во Оризари. Тогаш кажав дека не е запознат со таа работа, а само пред два дена бил присутен во училиштето. Зошто го кажа тоа така?

Инаку, првото и единстсвено прашање, бидејќи дозволивте да поставам само едно, ќе го поставам до министерот за економија до Илија Филиповски, а се однесува на акционерското друштво “Руен”. Имав едно прашање за АД “Руен” и тогаш министерот ме убедуваше дека “Руен” сигурно ќе се продаде па сакам да знам далил се продаде или ако не се продаде, што понатаму.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стаменков случајно да не го знаете одговорот? (Не). Не верувам дека не знаете дали е продаден.

Има збор г-динот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Меѓународен тендер беше објавен, на меѓународниот тендер не се јави ниедно правно односно физичко лице за купување на “Руен” Кочани. Веројатно причината е што двете банки, Комерцијалната банка и Стопанската банка, имаат хипотеки над имотот на ова претпријатие.

И второ, долговите кои ги има ова претпријатие веројатно не ги задоволуваат потребите на некој инвеститор.

Понатаму, се работи за повторување на тендерот, но врз основа на нови договори меѓу Стопанска банка и Комерцијална банка за давање одредени поволности. Се разбира, тие  како правни субјекти тоа треба да го прифатат и да се договорат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Стаменков дали имате дополнително прашање.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Немам дополнително прашање, само ако може и заменик министерот да ми одговори зошто кажа дека не е запознат со поставувањето на вршител на должноста директор на Основното училиште, кога само пред два дена бил во самото училиште со министерот Положани. рече дека не верува во такво нешто.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор заменикот на министерот за образование и наука, г-динот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Пратеникот не постави така формулирано прашање. Пратеникот постави прашање зошто е сменет директорот и по кои критериуми е поставен вршител на должност директор во тоа училиште, кога е во тек конкурс за именување директор. Така беше формулирано прашањето. Јас само му соопштив дека не сум запознат во

тој момент дека навистина имало конкурс, а дадов објаснување во усмена форма по кои критериуми ние ги вршиме кадровските промени. Со дополнителна проверка е утврдено дека конкурсот не е завршен бидејќи од Бирото за развој ниеден од предложените кандидати не добил позитивно мислење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Инаку, за дваицата важи дека има стенографски белешки од кои може да се види  кој што кажал.

Со тоа е завршена седницата.

Ја заклучувам Дваесет и третата седница.

Со другата седница продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата заврши во 17,05 часот).